THE AIRE CENTRE
Advice on Individual Rights in Europe

GENDER AND THE JUDICIARY
in the Western Balkans

FemPlatz
UDRUŽENJE GRAĐANKI



# Судски одговор на фемицид во Западниот Балкан

## Правна рамка и судска пракса

# Судски одговор на фемицид во Западниот Балкан – Правна рамка и судска пракса

**Наслов:** Судски одговор на фемицид во Западниот Балкан – Правна рамка и судска пракса

**Издавач:** AIRE центар
(Советување за индивидуални права во Европа)

**За издавачот:** Biljana Braithwaite [Билјана Брејтвејт]

**Авторка:** dr Kosana Beker [д-р Косана Бекер]

**Уреднички:** Sabina Đapo [Сабина Ѓапо]
Vanja Radević [Вања Радевиќ]

**Превод од англиски јазик:** Zoran Gavriloski [Зоран Гаврилоски]

Оригиналната англиска верзија беше исто така преведена на албански јазик, босански/хрватски/црногорски/српски јазик и македонски јазик

**©2023 AIRE центар**

**Дизајн од:** Кликер дизајн

**ISBN број** 978-1-914005-04-6

UK Government

THE AIRE CENTRE
Advice on Individual Rights in Europe

Подготвувањето на оваа публикација беше поддржано од Владата на Обединетото Кралство. Гледиштата изразени во оваа публикација не мора да ја одразуваат официјалната позиција на Владата на Обединетото Кралство.

# » СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР** ..........7

**ЗА РЕГИОНАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ** ..........9

**РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА ФЕМИЦИД** ..........14

**ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА СОСТОЈБАТА И ГЛАВНИ НАОДИ** ..........18

АЛБАНИЈА ..........18
Правна рамка ..........18
Судско истражување на фемицид ..........22

БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ..........31
Правна рамка ..........31
Федерација Босна и Херцеговина ..........31
Република Српска ..........34
Дистрикт Брчко ..........35
Судско истражување на фемицид ..........36

КОСОВО ..........48
Правна рамка ..........48
Судско истражување на фемицид ..........51

ЦРНА ГОРА ..........57
Правна рамка ..........57
Судско истражување на фемицид ..........59

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ..........66
Правна рамка ..........66
Судско истражување на фемицид ..........70

СРБИЈА ..........78
Правна рамка ..........78
Судско истражување на фемицид ..........81

Преглед на пресудите за убиство и квалифицирано (тешко) убиство во земјите од Западниот Балкан ....................................... 95

**ПРЕПОРАКИ .................................................................................................. 98**

Инкриминирање на фемицидот .................................................................. 99

Воспоставување национален систем за собирање податоци и подобрување на судските бази на податоци ......................... 100

Создавање насоки за процесуирање случаи на фемицид ......................... 101

Континуирана обука за судството ............................................................. 102

Воспоставување Femicide Watch во секоја земја и воспоставување регионален Femicide Watch ........................................... 103

Судска регионална размена на знаење и пракса ...................................... 103

**ЛИТЕРАТУРА .............................................................................................. 105**

# » ПРЕДГОВОР

Имам задоволство и чест да направам вовед во оваа важна публикација за судскиот одговор на фемицид во Западниот Балкан. Оваа работа беше преземена од Мрежата на судии/судијки посветени на јакнење на родовата рамноправност (СПЈРР) и таа произлегува од споделена заложба за борба против родово-базирано насилство (РБН) и фемицид во регионот на Западниот Балкан.

Благодарен сум им на сите кои придонесоа за овој важен ресурс. Тој е потврда на духот на соработка меѓу судството, владините тела и граѓанското општество – сите обединети со заедничка цел – да стојат како заштитници од РБН и фемицид.

РБН често демне зад затворени врати, во личните односи, а неговото влијание може да биде длабоко. Тоа има многу форми, од физичко насилство до психичко измачување, а допира дури до дигиталната сфера. Огромно мнозинство од жртвите на РБН се жени. Јасно е дека тоа претставува облик на дискриминација на жените – директна повреда на нивните основни права. Ги надминува границите, така што е присутно ширум Западниот Балкан, но и пошироко.

Фемицид, убиство на жена поради нејзиниот пол, род и/или родови улоги, е најекстремната и најтрагичната манифестација на РБН. Се одликува со омраза или презир кон жените. Против него мора да се бориме по секоја цена.

Судовите, обвинителите и полициските органи се на првата линија на оваа борба. Жртвите најчесто прво се обраќаат кај нив за помош. Нивната должност не е само корективна, туку и превентивна – тие имаат должност да ги заштитат жените од семејно насилство. Кога станува збор за судството, неговиот одговор на фемицидот се протега многу подалеку од судницата. Одлуките на судиите имаат моќ не само да ги изведат сторителите на казниви дела пред лицето на правдата, туку и да ги обликуваат општествените норми и да ги заштитат основните права на жените.

Мисијата на овој извештај е јасна: на судиите, практичарите и институциите да им обезбеди сеопфатна алатка во борбата против фемицидот. Тоа е широк извор на знаења, согледувања, преседани и најдобри практики.

Извештајот ја прикажува моменталната состојба на судскиот одговор на фемицидот во регионот на Западниот Балкан. Тој е компилација и анализа на опсежни национални истражувања, спроведени од посветени организации и поединци. Содржи вредни, иако поразителни податоци и статистики за фемицидот и судскиот одговор на фемицидот; јасен преглед на соодветното национално кривично законодавство; и студии на случај кои го илустрираат пристапот што е преземен во различни држави. Тој не само што ја зема предвид сегашната позиција, туку и гледа нанапред – имајќи предвид што треба да се промени и што можеме сите да научиме додека работиме за да го испратиме фемицидот во историјата.

Се надевам дека извештајот ќе се користи како алатка од страна на судството, обвинителите и другите правосудни професионалци за да се зголеми нивното разбирање и свест за фемицидот; да се усогласи јуриспруденцијата во Западниот Балкан со Европската конвенција за човекови права и меѓународните стандарди и, што е најважно, да одигра главна улога во борбата против фемицидот.

Сите ние имаме одговорност да се залагаме за родова рамноправност, да ги поддржуваме и штитиме правата на жените и да се спротивставуваме на дискриминацијата и насилството. Заедно, мора да работиме неуморно за да се искорени фемицидот. Ве повикувам сите да ја искористите оваа публикација во целост.

Со почит,

**Роберт Спано**
Поранешен претседател на Европскиот суд за човекови права
Претседател на Одборот на покровители

# » ЗА РЕГИОНАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Регионалниот извештај за судскиот одговор на фемицид во Западниот Балкан е скратена и адаптирана верзија на националните истражувања за фемицид, кои беа спроведени во сите држави од Западниот Балкан во текот на последниве три години.

Во периодот од 2018 до 2021 година, Здружението на граѓанки ФемПлац [FemPlatz] и Женскиот истражувачки центар за образование и комуникација од Србија започнаа да развиваат рамка за сфаќање на карактеристиките, начините и причините за фемицид во Србија, како најекстремна манифестација на насилство врз жените.[1] Процесот вклучуваше развој на истражувачка методологија, истражување врз основа на постоечки документи, собирање на податоци, анализа на собрани квантитативни и квалитативни податоци, а резултатот на тој процес беше првото интердисциплинарно истражување за општествениот и институционалниот одговор на фемицид во Србија.[2]

Имајќи го предвид сличниот општествен и геополитички контекст, како и широко распространетото насилство врз жените, истото истражување беше реплицирано во Црна Гора и Албанија.[3] Методологијата што се

[1] Со поддршка од Регионалната канцеларија на ОН за жени за Европа и Централна Азија во рамките на проектот „Искоренување и спречување на фемицидот во Србија“.

[2] Konstantinović Vilić Slobodanka, Petrušić Nevena и Beker Kosana, Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Srbiji I, Udruženje građanki FemPlatz, Pančevo, 2019 година, достапно на: http://femplatz.org/library/publications/2019-11_Femicid_monografija_Prva_publikacija_E_primerak.pdf; Petrušić Nevena, Žunić Natalija и Vilić Vida, Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Srbiji II, Udruženje građanki FemPlatz, Pančevo, 2019 година, достапно на: http://femplatz.org/library/publications/2019-11_Femicid_monografija_Druga_publikacija_E_primerak.pdf и Konstantinović Vilić Slobodanka и Petrušić Nevena, Pokušaji femicida i femicid u Srbiji: Sprečavanje i procesuiranje, Udruženje građanki FemPlatz, Pančevo & Niš, 2021 година, достапно на: http://femplatz.org/library/publications/2021-04_Femicid_-_Pokusaj_femicida_i_femicid_u_Srbiji.pdf

[3] Здружението на граѓанки ФемПлац го спроведуваше проектот „Реплицирање на моделот на Femicide Watch [Набљудување на фемицид], развиен во Србија и потоа реплициран во Албанија и Црна Гора и поставување на основата за воспоставување регионален

користеше во Србија беше прилагодена на националниот контекст и опфаќаше: истражување на постоечки документи за правната рамка во врска со насилство врз жените, вклучувајќи го фемицидот; собирање на податоци за правосилни судски одлуки во случаи на фемициди и обиди за фемицид (без оглед на правната квалификација на кривичното дело) за периодот 2017-2020 година; квантитативна анализа на судските постапки; сеопфатна анализа на избрани списи на судски предмети во форма на студии на случај; проценки на капацитетите на институциите и професионалците кои се релевантни за спречување и заштита од насилство врз жените; разговори со осудени сторители на фемицид, кои во моментот издржуваа затворска казна. Истражувањата за Албанија[4] и Црна Гора[5] се достапни на локалните јазици, а нивните резимеа се достапни на англиски јазик.[6] Употребата на истата истражувачка методологија овозможува споредба меѓу трите држави.

Истражувањата спроведени во Србија, Црна Гора и Албанија беа собрани, скратени и споредени, а резултат на тој процес беше создавање регионален извештај за општествениот и институционалниот одговор на фемицид во Албанија, Црна Гора и Србија.[7]

---

Femicide Watch", заедно со СОС телефонска линија за помош на женски и детски жртви на насилство од Никшиќ, Црна Гора и Центарот за правни граѓански иницијативи од Тирана, Албанија, со поддршка од Регионалната канцеларија на ОН за жени за Европа и Централна Азија и со финансиска поддршка од Европската унија во периодот од септември 2021 година до ноември 2022 година.

[4] Hysi Vasilika и други, Vrasjet e grave (femicidi) dhe tentativa për femicid në Shqipëri (2017-2020), Center for Legal Civic Initiatives (CLCI) [Центар за граѓански правни иницијативи (ЦГПИ)], Тирана, 2023 година, достапно на: https://www.qag-al.org/publikime/femicidi.pdf

[5] Beker Kosana (уред.), Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Crnoj Gori, SOS Nikšić, 2023 година, достапно на: https://sosnk.org/wp-content/uploads/2023/04/Drustveni-i-institucionalni-odgovor-na-femicid-u-Crnoj-Gori-1.pdf

[6] Stop Femicide: Social and institutional response to femicide in Albania – Executive Summary [Резиме за Албанија], март 2023 година, достапно на: https://eca.unwomen.org/sites/default/files/2023-04/Social-and-Institutional-Response-to-Femicide-in-Albania.pdf; Stop Femicide: Social and institutional response to femicide in Montenegro – Executive Summary [Резиме за Црна Гора], март 2023 година, достапно на: https://eca.unwomen.org/sites/default/files/2023-04/Social-and-institutional-response-to-femicide-in-Montenegro1.pdf

[7] Beker Kosana, Regional report: Social and institutional responses to femicide in Albania, Montenegro and Serbia, UN Women & FemPlatz, март 2023 година, достапно на: https://eca.unwomen.org/sites/default/files/2023-04/

Напоредно со истражувањата на фемицид кои беа спроведени од ФемПлац и партнерските организации во горенаведените три земји од Западниот Балкан (ЗБ), AIRE центарот,[8] во рамките на проектот „Градење на судскиот капацитет во Босна и Херцеговина за хармонизирање на домашната судска пракса и усогласување со европските правни стандарди“ беше препознаена важноста на материјата на фемицид и беше поддржано слично истражување во Босна и Херцеговина. Истражувањето на судскиот одговор на фемицид во Босна и Херцеговина беше спроведено од AIRE центарот и ФемПлац, како дел од пошироките активности на AIRE центарот во Босна и Херцеговина, насочени кон зајакнување на примената на Европската конвенција за човекови права и нејзините стандарди. Активностите исто така вклучуваа соработка со највисоките судови и центри за едукација на судии и јавни обвинители, како и учество во создавање на обични и периодични публикации и извештаи.

Истражувањето на судската пракса на судовите во Босна и Херцеговина во случаи на фемицид е резултат на интензивна соработка меѓу судии на Врховниот суд на Федерацијата Босна и Херцеговина, Врховниот суд на Република Српска и Апелациониот суд на Дистриктот Брчко. Ова истражување опфати анализа на правната рамка што го уредува кривичното дело убиство во Босна и Херцеговина и судската пракса што опфаќа правна квалификација на кривичните дела, феноменолошки карактеристики на извршените кривични дела, профили на сторителите, профили на жртвите, кривични санкции, времетраење на судските постапки, како и начин на кој е постапувано по имотно-правните барања. Во квалитативниот дел од истражувањето има бројни студии на случај, кои се презентирани детално.[9] Во истражувањето за Босна и Херцеговина беше користена истата методологија во врска со судската пракса која беше развиена од ФемПлац. Меѓутоа, поради сосредоточување исклучиво врз судството, ова истражување не содржи дел со проценка на капацитетите на институциите и професионалците кои се надлежни за спречување и заштита од насилство врз жени. Без оглед на тоа, истата истражувачка методологија за судскиот

Regional-Report_Social-and-Institutional-Response-to-Femicide.pdf

[8] Повеќе информации за Центарот за советување за индивидуални права во Европа (Advice for Individual Rights in Europe, скратено: AIRE Centre/центар) се достапни на: https://www.airecentre.org/the-aire-centre

[9] Beker Kosana и Tanović Dalida (уред.), Analiza prakse sudova u procesuiranju femicida i pokušaja femicida u Bosni i Hercegovini 2017-2021, AIRE Centre, 2022 година, достапно на: https://www.airecentre.org/Handlers/Download.ashx?IDMF=77975c73-9c31-4552-9a68-3013255c0d5f

одговор на фемицид обезбедува споредливост со другите истражувања за фемицид кои се извршени во регионот.

Во текот на 2022 и 2023 година беа спроведени преостанатите две истражувања на судскиот одговор на фемицид, во Северна Македонија со поддршка од Академијата за судии и јавни обвинители и во Косово со поддршка од Уставниот суд. И двете истражувања беа спроведени во рамките на проектот на AIRE центарот „Родова рамноправност и борба против родово-базирано насилство и фемициди во Западниот Балкан“, финансиран од Владата на Обединетото Кралство. Проектот има за цел да го зголеми пристапот до правда за жртвите и оние кои преживеале родово-базирано насилство, преку подобрено сфаќање на судството во Западниот Балкан за родовите прашања, преку аналитичка работа насочена кон утврдување на празнините во согласност со добрата пракса и меѓународните стандарди; зголемување на усогласеноста на судската пракса во шесте држави во ЗБ за родово-базирано насилство и фемициди со добрата пракса на Европскиот суд за човекови права и меѓународните стандарди; зголемување на знаењето и свесноста на судиите и другите судски практичари за родовите прашања и вклучување на родовата рамноправност во судските пракси во сите 6 јурисдикции на Западниот Балкан. Истражувањата за Северна Македонија[10] и Косово[11] опфаќаат анализа на националната правна рамка за убиства, анализа на судската пракса во случаи на фемициди и обиди за фемицид за периодот од 2018 до 2022 година, како и неколку случаи на фемицид кои се детално презентирани, во форма на студии на случај.

Овој регионален извештај е сосредоточен исклучиво на фемицид, додека националните извештаи ја опфаќаат и правната рамка која се однесува на насилство врз жените, семејно насилство и родово-базирано насилство. Имајќи предвид дека, во времето на спроведувањето на истражувањата, државите од Западниот Балкан го немаа инкриминирано фемицидот како

[10] Габер-Дамјановска Наташа и Гајдова Габриела, Фемицидот во Република Северна Македонија – состојба, правна рамка и судска пракса (2018-2022), AIRE центар, 2023 година, достапно на: http://femplatz.org/library/publications/2023-09_femicide-report-nmk-2023-nmk.pdf [Gaber-Damjanovska Natasha and Gajdova Gabriela, Femicide in the Republic of North Macedonia – The state of affairs, the legal framework and the judicial practice (2018-2022), AIRE Centre, 2023, достапно на: https://gcjnetwork.org/femicide-report-nmk-2023-eng-4/].

[11] Ќе биде објавено во зимата 2023 година и ќе биде достапно на веб страните на AIRE центарот и ФемПлац.

посебно кривично дело, истражувачите ги собраа сите случаи на убиства на жени од страна на мажи и потоа анализираа дали убиствата биле поврзани со родот (полот). Извештајот е поделен на шест дела, секој дел за една држава, а државите се претставени по азбучен ред во англискиот текст. Прво, има национална правна рамка за различни видови убиства, па анализирана е судската пракса и потоа следат неколку случаи од секоја земја, сеопфатно презентирани како студии на случај. На крајот се дадени неколку препораки кои се важни, релевантни и применливи во секоја држава од Западниот Балкан, а во националните извештаи има повеќе препораки кои се специфични за соодветната земја.

Главната цел на овој извештај е да ја прикаже, многу накусо, моменталната состојба во однос на судскиот одговор на фемицид во државите од Западниот Балкан. Краткиот правен преглед им овозможува на читателите да се запознаат со соодветното национално кривично законодавство за разни видови убиства, бидејќи тоа законодавство им е на располагање на обвинителите и судиите при определување на правната квалификација на кривичните дела. Покрај тоа, по две избрани студии на случај за секоја од шесте земји даваат увид во судските постапки и санкциите кои им се изрекуваат на сторителите на фемицид, а дадените коментари се потсетници за тоа што треба да се прави поинаку за да се обезбеди правилен судски одговор на фемицид. Овој извештај, иако не е аналитички споредбен, може да се користи за споредба меѓу земјите од Западниот Балкан и може да придонесе за усогласување на постапките и подобрување на судскиот одговор на фемицидот.

# » РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА ФЕМИЦИД

Жените сочинуваат големо мнозинство од жртвите на семејно насилство и други облици на родово-базирано насилство, а сторители на насилство се најчесто мажите.[12]

Фемицидот – убивање на жена поради нејзиниот пол, род, родови улоги – е најекстремната манифестација на насилство врз жените и тој се одликува со омраза или презир кон жени, желба да се доминира врз жена и да се контролира нејзиниот живот.[13] Фемицидот во семејно-партнерските односи претставува значителен дел од сите убиства на жени во светот[14] и најголем дел од убивањата на жени и девојчиња се родово мотивирани.

**На глобално ниво, во 2021 година околу 45.000 жени и девојчиња биле убиени од нивните интимни партнери или други членови на семејството, што е повеќе од пет убиени жени или девојчиња во текот на секој час.** Жените и девојчињата се несразмерно засегнати од убиствено насилство во приватната сфера, имено, 56% од сите убиства на жени се извршени од интимни партнери или други членови на семејството.[15]

Имајќи на ум дека фемицидот не е инкриминиран како посебно кривично дело во земјите од Западниот Балкан, освен многу неодамна во Северна Македонија, голем предизвик е, ако не и невозможно, правилно да се набљудуваат и анализираат случаите на фемицид. Официјалните национални статистики не даваат податоци одделно за фемициди; па оттаму нема јавно достапни податоци за овој широко распространет општествен феномен.

[12] Beker Kosana, 2023 година, цитиран труд, стр. 35.

[13] Konstantinović Vilić Slobodanka, Petrušić Nevena и Beker Kosana, 2019, цитиран труд, стр. 7.

[14] На исто место, стр. 412.

[15] United Nations Office on Drugs and Crime [Служба на Обединетите нации за дроги и криминал], UN Women, Gender-related killings of women and girls (femicide/feminicide), 2022 година, достапно на: https://www.unwomen.org/sites/default/files/2022-11/Gender-related-killings-of-women-and-girls-improving-data-to-improve-responses-to-femicide-feminicide-en.pdf

Кога станува збор за меѓународните статистики, на пример, податоците на Службата на Обединетите нации за droги и криминал (UNODC) за намерни убиства во периодот 2019-2021 година ги покажуваат следниве стапки на убиени жени (на 100.000):

UNODC – Стапки на убиени жени 2019-2021[16]

| | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Албанија** | 0,91 | 0,63 | 0,84 |
| **Босна и Херцеговина** | 0,59 | 0,30 | 0,42 |
| **Косово** | 0,35 | 0,96 | 0,36 |
| **Црна Гора** | 1,55 | 0,93 | 0,62 |
| **Северна Македонија** | 0,38 | нема податок | нема податок |
| **Србија** | 0,73 | 0,57 | 0,71 |

Од друга страна, податоците од организацијата „Преглед на Светското население" кои се однесуваат на стапки на фемицид во одделни земји за 2023 година покажуваат дека Албанија има највисока стапка меѓу земјите од Западниот Балкан (1,1), следена од Северна Македонија (0,9), Србија и Црна Гора имаат иста стапка на фемицид (0,6), па следува Босна и Херцеговина (0,5), додека за Косово нема достапни податоци.[17]

За целите на националните истражувања за фемицид, партнерските организации[18] собраа податоци за убиените жени кои беа достапни од медиумско известување (прегледи на медиумски текстови) и од други достапни извори. Во табелата подолу се прикажани податоците за периодот

[16] Податоци на UNODC за жртви на намерни убиства за периодот 2019-2021 година, достапни на: https://dataunodc.un.org/dp-intentional-homicide-victims

[17] World Population Review [Преглед на Светското население] објави стапки на фемицид за одделни земји во 2023 година, достапни на: https://worldpopulationreview.com/country-rankings/femicide-rates-by-country

[18] Центарот за правни граѓански иницијативи за Албанија, Центарот за женски права од Зеница за Босна и Херцеговина, службени лица од Уставниот суд за Косово, СОС Никшиќ за Црна Гора, професионалци од Академијата за судии и јавни обвинители за Северна Македонија и ФемПлац од Панчево за Србија. Беа собрани податоци од медиумски известувања и од други достапни извори.

од 2020 до 2022 година, заедно со бројките на проценетото население на крајот на 2021 година.

Број на фемициди во земјите од Западниот Балкан
и проценето население, 2021 година

| | **2020 година** | **2021 година** | **2022 година** |
|---|---|---|---|
| **Албанија (2,8 милиони)** | 9 | 7 | 7 |
| **Босна и Херцеговина (3,3 милиони)** | 12 | 9 | 11 |
| **Косово (1,8 милиони)** | 4 | 3 | 3 |
| **Црна Гора (620.000)** | 1 | 2 | 2 |
| **Северна Македонија (2,1 милиони)** | 4 | 7 | 1 |
| **Србија (6,8 милиони)** | 27 | 26 | 27 |

Конечно, поради недостиг на официјални податоци, согледувајќи дека фемицидот е широко распространет во регионот на Западниот Балкан, ФемПлац создаде интерактивна мапа на фемицид.[19] Во моментов, податоците се достапни за три земји од ЗБ, но мапата наскоро ќе биде проширена така што да ги опфати сите шест земји од ЗБ. Оваа интерактивна мапа прикажува и опишува фемициди извршени во/по 2020 година во Албанија, Црна Гора и Србија. Покрај тоа, од почетокот на октомври 2023 година достапни се и податоци за фемициди во Република Хрватска.

Мапата има за цел да ги следи податоците за фемициди, како и да послужи како модел на јавна, транспарентна мапа што може да се развие преку потенцијални механизми за набљудување фемициди [femicide watch] во регионот. Информациите за фемицид, кои се прикажани во мапата, се собрани од медиумите и не претставуваат официјален извор на информации. Мапата им се обраќа на државните органи и други субјекти, како модел на јавна презентација на податоци за идни иницијативи за набљудување фемицид.

[19] Интерактивна мапа на фемицид, ФемПлац, достапна на: http://femplatz.org/index.php?t16


About the map
Information
Click on a place to display, click on a country to zoom in.
Select year(s) from layer menu above.
Slovenia
Croatia
Bosnia and Herzegovina
Montenegro
Kosovo*
North Macedonia
Albania
Romania
Bulgaria
Sarajevo
Belgrade
Tirana
Skopje
Sofia
Adriatic Sea
Funded by the European Union
FemPlatz
UN WOMEN
50 mi
Leaflet | Map data © OpenStreetMap contributors, Imagery © Mapbox, Programming © FemPlatz

# » ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА СОСТОЈБАТА И ГЛАВНИ НАОДИ

## АЛБАНИЈА

### Правна рамка

Фемицидот не е инкриминиран како посебно кривично дело во Албанија. Кривичното законодавство опфаќа кривични дела со насилство, меѓу кои има такви кои се сврзани со семејни односи или интимни врски кои не се нужно семејно поврзани и се пропишани во посебен оддел од Кривичниот законик, како и убиство, а исто така пропишува санкции за разни видови убиства.[20] Друг важен закон е Законикот за кривичната постапка (ЗКП) на Република Албанија.[21]

Кривичниот законик (КЗ) утврдува неколку кривични дела кои, во определени околности, можат да се оквалификуваат како фемицид:[22]

- намерно убиство (член 76);
- убиство со умисла (член 78);
- убиство во други околности, како е што е намерно убиство извршено спрема:
  - малолетник;
  - лице со физичка или психолошка попреченост, тешко болно лице или бремена жена, кога својствата на жртвата се очигледни или познати (член 79);
- семејно насилство со фатален исход (член 79/в);

[20] Закон бр. 7895 од 27 јануари 1995 година – Кривичен законик на Република Албанија.

[21] Закон бр. 7905 од 21 март 1995 година – Законик за кривичната постапка на Република Албанија.

[22] Кривичните дела со насилство се вклучени во поглавјето II на Кривичниот законик, оддели I, II, III, IV, V и VI, а некои од нив се тесно сврзани со дејствија кои се извршени во семеен контекст.

- убиство извршено во состојба на длабока психолошка вознемиреност (член 82);
- намерна тешка повреда од која настапува смрт (член 88, став 2).

Семејно насилство со фатален исход (член 79/в од КЗ) е дефинирано како намерно убиство на лице кое е сопружник, поранешен сопружник, лице кое живее или живеело во вонбрачна заедница со сторителот, близок роднина на сторителот или близок родина на сторителовиот сопружник. Сторителот ќе се казни со затвор од најмалку 20 години или доживотен затвор. Кривичниот законик во својот член 50/s определува дека, во случај на извршување убиство поради родот на лицето, родот заради кој е извршено тоа дело ќе се смета како отежнувачка околност.

Членот 88 од Кривичниот законик пропишува кривично дело со кое намерно му се нанесува тешка телесна повреда на друго лице како дело сторено под отежнувачки околности кога таквото кривично дело е сторено против неколку лица, против лице кое е сопружник, поранешен сопружник, лице кое живее или живеело во вонбрачна заедница со сторителот, близок роднина на сторителот или близок роднина на сторителовиот сопружник, или кога од таквата повреда настапила смрт. Кривичниот законик во одделот посветен на насилните кривични дела содржи низа одредби сврзани со кривични дела против половата слобода, вклучувајќи полово насилство, силување и полово вознемирување. Во периодот меѓу 2012 и 2021 година, беа направени значителен број измени во граѓанското, управното и кривичното законодавство на Албанија. Обезбедување заштита на жртвите, жените и малолетниците во системот на кривичната правда беше дел од реформата на кривичната правда, во пошироката рамка на реформата на правосудниот систем во Албанија (2015–2020 година). Прегледот на кривичното право во однос на кривични дела кои се сврзани со фемицид разоткрива дека процесното кривично законодавство на Албанија се подобрило во текот на изминатата деценија. Некои од овие подобрувања дојдоа како резултат на зголемениот број на кривични дела, а други произлегоа од потребата за усогласување на албанските кривични закони со меѓународните стандарди.[23] Главните измени и подобрувања се следниве:

[23] Hysi Vasilika, Criminal acts against women and children and anti-crime policies in Albania, Reflections on changes to the Criminal Code (2012-2013), ревија „Studime Juridike“ бр. 2, 2014 година, Правен факултет, Универзитет во Тирана.

- Инкриминирани се половото вознемирување и насилните полови односи меѓу сопружници или меѓу лица кои живеат во вонбрачна заедница и се прави разлика меѓу полово насилство, полови односи, непристојни дејствија и полово вознемирување;[24]
- Инкриминиран е половиот однос меѓу сопружници или меѓу лица кои живеат во вонбрачна заедница без согласност на едниот од нив;[25]
- Зголемени се казните во случаи на трговија со жени и девојчиња за разни цели, вклучувајќи експлоатација на проституција или други облици на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или облици слични на ропство, употреба или трансплантација на органи, како и други облици на експлоатација, внатре и надвор од територијата на Албанија.[26] Списокот на кривични дела кои според изменетиот закон се сметаат како дела извршени под отежнувачки околности опфаќа случаи во кои се вмешани малолетници, блиски роднини, блиски роднини на брачниот другар, старатели или лица кои ја користат својата службена положба или кога делото било сторено во соучесништво, или повеќе од еднаш, или од лица на кои им е доверено вршење на државни и јавни функции;
- Беше додадено демнењето како ново кривично дело.[27] Кривичниот законик предвидува дека постојат отежнувачки околности кога демнењето го извршил поранешен сопружник, поранешен вонбрачен другар или лице кое било во интимна врска со оштетеното лице; кога е извршено спрема малолетно лице, бремена жена или лице кое не може да се брани и кога е извршено од маскирано лице или лице кое носи или употребува оружје;
- Беше воведено семејно насилство како ново кривично дело.[28] Новите одредби вклучуваат тепање и секој друг акт на насилство

[24] Измените настојуваа да го усогласат албанското кривично право со Истанбулската конвенција и Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба (членови 3 и 18). Албанија ја ратификуваше второспомнатата конвенција со донесување на Законот бр. 10071 од 9 февруари 2009 година.

[25] Член 102 од КЗ. Закон бр. 144/2013 за дополнување и изменување на Законот бр. 7895 од 27 јануари 1995 година – Кривичен законик на Република Албанија, дополнет и изменет.

[26] Член 110/а од КЗ.

[27] Член 121/а од КЗ. Дополнет и изменет со Законот бр. 23/2012 од 1 март 2012 година.

[28] Член 130/а од КЗ. Дополнет и изменет со Законот бр. 23/2012 со кој се дополнува и изменува Законот бр. 7895 од 27 јануари 1995 година – Кривичен законик на Република Албанија, дополнет и изменет.

спрема членовите на семејството; сериозна закана дека ќе биде убиен или дека ќе биде предизвикана тешка телесна повреда на член на семејството; намерна лесна повреда и намерна повреда што доведува до привремена неспособност за работа повеќе од девет дена;

» Додадена е одредба за семејно насилство со фатален исход со која е предвидена казна затвор што не е помала од 20 години или доживотен затвор;[29]
» Изменета е одредбата за кривичното дело тежок телесен напад така што е зголемена казната за таквото дело кога тоа било сторено спрема сопружник, поранешен сопружник, лице кое живее или живеело во вонбрачна заедница со сторителот, роднина на сторителот, или кога од тоа дело настапила смрт;[30]
» Додадени се отежнувачки околности во случаи кога кривичните дела биле сторени со прекршување на забраната за приближување до определено лице, со користење на семејни врски, од побуди сврзани со род, родов идентитет и/или сексуална склоност.[31]

Покрај тоа, во 2013 година беа разјаснети олеснувачките околности,[32] вклучувајќи ја околноста извршување на кривично дело поради побуди сврзани со позитивни морални и општествени вредности, но извршувањето на такво кривично дело не ја ублажува казната ако делото било извршено поради побуди сврзани со род, раса, боја на кожа, етничка припадност, јазик, родов идентитет, сексуална ориентација, политички, религиозни или филозофски уверувања, здравствена состојба, генетска предиспозиција или попреченост. Слично на тоа, олеснувачката околност нормализирање на односот меѓу сторителот на кривичното дело и жртвата не ја ублажува казната за лице кое извршило кривично дело против деца или кривично дело сврзано со семејно насилство. Одредбата за отежнувачки околности беше изменета во 2013 година,[33] така што беше додадена нова отежнувачка околност извршување кривично дело по ставање на лицето под електронски

[29] Член 79/в од КЗ.

[30] Член 88/2 од КЗ. Дополнет и изменет со Законот бр. 144/2013, член 18.

[31] Закон бр. 144/2013 со кој се дополнува и изменува Законот бр. 7895 од 27 јануари 1995 година – Кривичен законик на Република Албанија, дополнет и изменет.

[32] Член 48 од КЗ. Последниве два става се дополнети со Законот бр. 144 од 05.02.2013 година, член 5.

[33] Член 50 од КЗ. Беа додадени точките “д/1“ и „ѓ/1“, а точките „ж“ и „ј“ беа изменети со Законот бр. 144 од 2 мај 2013 година, член 6.

надзор.[34] Беа изменети два други става со цел законодавството да се разјасни и да се усогласи со Истанбулската конвенција, особено кога кривичното дело било сторено користејќи семејни, вонбрачни, пријателски врски или врски со домаќин/ка[35] и кога кривичното дело било извршено поради побуди сврзани со род, раса, боја на кожа, етничка припадност, јазик, родов идентитет, сексуална ориентација, политички, религиозни или филозофски уверувања, здравствена состојба, генетска предиспозиција или попреченост.[36]

## Судско истражување на фемицид

Центарот за правни граѓански иницијативи спроведе истражување на судски одлуки сврзани со фемицид во Албанија во текот на периодот 2017-2020 година, преку набљудување, анализирање и оценување на одлуките на албанските судови.[37] Анализата на судската пракса е заснована врз проучување на правосилни судски одлуки донесени во текот на периодот во кој се вршеше набљудување. Беа проучувани кривичните дела фемицид и обид за фемицид, вклучувајќи ги профилот на сторителот и на жртвата, односот меѓу сторителот и жртвата, факторите кои влијаеле за насилство врз жените, извршеното кривично дело и начинот на кој било извршено делото, аспектите на судската постапка и одлуките во кривичната постапка. Треба да се истакне дека анонимизирањето на одлуките и податоците поради заштита на личните податоци создаде нејасност и недостиг на транспарентност, а некои пресуди беа анонимизирани до значителен степен, што ги направи неразбирливи поради речиси целосен недостиг на содржина.

### *Квантитативни податоци*

Од собраната судска пракса, 23 правосилни одлуки беа анализирани како фемицид и обид за фемицид. Во периодот 2017-2020 година најголемиот дел од пресудите биле донесени од Судот за тешки кривични дела (70%), додека останатите пресуди беа донесени од окружните судови. Меѓу анализираните случаи имаше вкупно 33 кривични дела, од кои 25 беа главни кривични дела,

[34] Член 50 ѓ/1 од КЗ.

[35] Член 50/ж од КЗ.

[36] Член 50/ј од КЗ.

[37] Hysi Vasilika, Anastasi Aurela, Bozo Aurela и Vora Erisa, Vrasjet e grave (femicidi) dhe tentativa për femicid në Shqipëri (2017-2020), Центар за правни граѓански иницијативи, Тирана, 2023, достапно на: https://www.qag-al.org/publikime/femicidi.pdf

вклучувајќи еден случај на семејно насилство. Поголемиот дел од случаите биле оквалификувани како убиство во контекст на семејни односи (75%), а потоа следат убиство во други отежнувачки околности, убиство со умисла и намерно нанесување тешка повреда, секое од нив застапено со по 8,3%.

Повеќето кривични дела биле извршени во заедничкиот дом на жртвата и на сторителот. За извршување на кривичното дело биле користени разни методи и оружја, како што се: остри алатки кои биле достапни во живеалиштето (секири, чекани, железни шипки, ножеви), автоматско огнено оружје и слично. Три четвртини од сторителите не биле кривично осудени, а мнозинството од сторителите биле деловно способни и душевно здрави во моментот на извршување на кривичното дело. Околу една третина се изјасниле како невини и во некои случаи (21%) изразиле каење за време на судењето. Жените почесто се жртви на фемицид од страна на нивните сопрузи, но и од други членови на семејството, особено кога живеат заедно. Мнозинството од жртвите претрпеле физичко и психичко насилство пред фемицидот.

Анализираната судска пракса не содржеше сеопфатни податоци за профилите на жртвите и односот сторител-жртва, а истото се однесува и на олеснувачките и отежнувачките околности. Истрагата и пресудувањето биле сосредоточени врз анализирање на елементите на кривичното дело и стриктно врз докажување на вината на сторителот. Заедно со нерамномерното разбирање и спроведување на законот, сторителите оствариле корист од значително намалување на казните поради прифаќањето на барањата за судење во скратена постапка.[38] Казните за кривичните дела со кои бил извршен фемицид варираат од повеќе причини, во зависност од видот на постапката што била водена. **Судовите главно изрекувале долготрајна казна затвор или доживотен затвор.** Наодите од истражувањето покажаа дека обвинителите и судиите имале различни гледишта во однос на правната квалификација на главното кривично дело.

[38] Според член 403 од ЗКП, барањето за судење во скратена постапка може да се поднесе на подготвителното рочиште, вклучувајќи и за најтешките кривични дела. Од 2017 година ова веќе не е можно за кривични дела за кои може да се изрече казната доживотен затвор.

### *Профил на сторителите*

Од вкупниот број на случаи, 23 мажи извршиле кривично дело кое во истражувањето е класифицирано како фемицид и/или обид за фемицид. Повеќето од нив го извршиле кривичното дело сами, а само во два случаи соработувале со друго лице. Во однос на возраста, најголем дел од сторителите на кривичното дело во моментот на неговото извршување биле на возраст над 57 години (50%), потоа следат возрасната група од 49 до 56 години (17%), возрасната група од 41 до 48 години (13%), возрасната група од 25 до 32 години (13%) и возрасните групи од 18 до 25 години и 33 до 40 години (со по 4%).

Во многу одлуки недостасуваат податоци за степенот на образование на сторителите поради пропуст да се вметнат тие податоци во одлуката или поради анонимизирање на податоците (33%). Достапните податоци покажаа дека образовното ниво на сторителите е просечно или под просекот. Најголем дел од обвинетите се со средно образование (33%), потоа оние со завршено 8-годишно образование (17%) и оние со незавршено 8-годишно образование (17%).

Три четвртини од сторителите биле претходно неосудувани, 21% од нив биле осудени за разни кривични дела, додека 17% од нив биле осудени за семејно насилство. Исто така, судската пракса покажа дека 86% од обвинетите не конзумирале алкохол или дрога во моментот на извршување на кривичното дело.

### *Профил на жртвите*

Во испитуваниот примерок од судската пракса имало 27 жртви, а повеќето од нив биле жени (89%). Меѓутоа, беше можно да се соберат општи информации само за околу 37% од жртвите. Оскудните информации за жртвите не овозможуваат да се согледа нивниот статус во семејството и економската положба, како и да се добијат информации за нивните права и механизмите за заштита, дали имало поддршка од членовите на нивните семејства и роднините, каков бил односот со семејството од кое тие потекнале итн. Повеќето од жртвите биле во брак (78%), некои биле разведени (11%) и една жртва била дете (4%).

Не сите одлуки се осврнуваат на фактот дали жртвата претходно била жртва на насилство (33%). Сепак, на фемицидите им претходела употреба

на систематско физичко и психолошко насилство. Повеќето од жртвите биле физички и психолошки злоставувани подолг период (44%); биле психолошки злоставувани (11%) и само неколку жртви претходно не претрпеле насилство (15%). За заштита на некои од жртвите имало налог за заштитна мерка или тие претходно имале корист од таков налог (19%).

Иако се покажува дека голем дел од жртвите биле систематски злоставувани од сторителите, за повеќето жртви (70%) во судските пресуди не се содржани податоци дали жртвите на насилство побарале помош од полицијата или некоја друга институција. Исто така, нема податоци дали жртвата се обратила до некое здружение на граѓани кое дава услуги за поддршка на злоставувани жени и девојчиња. Меѓутоа, во многу случаи, пресудите го истакнуваат насилството што жртвата го претрпела од сторителот и/или од членовите на неговото семејство.

### *Побуди*

Некои од сторителите ги признале обвиненијата и дале објаснувања за побудите за извршување на кривичното дело или признанието станало јасно од исказите. Ниски побуди се една од причините за кривичните дела во семејството, но во врска со тоа наведени се оскудни детали. Некои од позначајните побуди се: љубомора; сомневање на сторителот дека децата не биле негови деца; проблеми со менталното здравје; економски проблеми; донесување налог за заштитна мерка или осудителна пресуда за семејно насилство; поднесување барање за развод; злоупотреба на алкохол во комбинација со економски проблеми; сомневање за прељуба; одбивање да се има интимен однос; одмазда откако жртвата го обвинила деверот за убиство на нејзината сестра,[39] итн.

### *Олеснувачки и отежнувачки околности*

Некои од олеснувачките околности кои се наведени во образложението на судските пресуди се: возраст на сторителот на делото (млада или постара возраст); семеен статус; признание за извршување на кривичното дело; изразено каење и сл. При образложување на отежнувачките околности, судовите се осврнале на: општествената опасност од кривичното дело и/или сторителот на делото; тешките последици од кривичното дело (на пример,

[39] За овој конкретен предмет, судот на денот на инцидентот одржувал рочиште за доделување на децата на убиената сестра.

предизвикување смрт на три лица, вклучувајќи едно малолетно лице и една бремена жена); извршување на кривичното дело од ниски побуди (како што се љубомора; сомневање за прељуба; одмазда); негирање на кривичното дело; претходни кривични осуди; начин на извршување на кривичното дело (на пример, повеќекратно пукање со оружје кон беспомошни лица; употреба на огнено оружје; повеќекратно пукање со огнено оружје кон целото семејство; употреба на борбено оружје; брутално извршување на кривичното дело, оставајќи ја жртвата да страда; интензитет на нападите, труење и подоцна задушување на жртвата); кривично дело мотивирано од одмазда заради постапките на физички злоставуваната поранешна сопруга; кривично дело извршено со искористување на семејните врски со жртвите; кривично дело извршено пред децата; кривично дело извршено во текот на примената на мерка за заштита; претходна кривична осуда за семејно насилство; неизразување на каење; фактот дека сторителот по извршеното кривично дело ја принудил жртвата да се преправа дека самата си ја нанела нејзината тешка повреда, за тој да биден ослободен од законска одговорност; и фактот дека сторителот го напуштил местото на извршување на кривичното дело и не се грижел за последиците или здравствената состојба на жртвите.

## Студии на случај

Во албанската истражувачка студија презентирани се пет студии на случај. Овде накусо се презентирани информациите за два анализирани случаи (судски предмети).

### *Случај бр. 1*

Обвинетиот Ф.Р. и жртвата Л.Т. биле венчани и имале две малолетни деца. Обвинетиот вршел физичко и психолошко насилство врз неговата сопруга. На 11.11.2016 година судот издал налог за заштита со кој на Ф.Р му изрекол забрана за приближување до жртвата Л.Р. на оддалеченост од два метра, додека со децата престојувала во заедничкиот стан. Иако бил издаден налог за заштита, сторителот и жртвата живееле во ист стан. На 03.12.2016 година, полицијата добила повик со барање да дојде брза помош откако жена скокнала од четвртиот кат од зградата. Потоа, полицијата снимила повик од Ф.Р. (обвинетиот) кој пријавил дека извршил кривично дело. Тоа било оквалификувано како семејно насилство со фатален исход.

Пресудата содржи малку информации за обвинетиот и неговото однесување. Тој имал 52 години, не бил претходно осудуван, бил невработен,

но нема информации за степенот на неговото образование или за професијата. Исто така, нема информации за неговиот однос со семејството од кое потекнувал, неговото однесување, неговото детство и слично, дали се однесувал насилнички. Мислењето од судското вештачење покажува дека обвинетиот претходно насилнички се однесувал кон жртвата. Исто така, пресудата не содржи информации за жртвата, нејзината возраст, образование, професија и вработување и за односот со нејзиниот сопруг. Единствениот податок за односот сторител-жртва произлегува од сведочењето на братот на обвинетиот, кој изјавил дека односите меѓу обвинетиот и жртвата не биле добри. Според одбраната, причина за кривичното дело биле дејствијата на оштетената, навреди, вербално насилство и физички дејствија врз пријавениот, како што се зграпчување на неговото лице и гребење. Соседите сведочеле дека жртвата била фрлена од четвртиот кат од зградата каде што живееле сторителот и жртвата и дека лицето кое ја фрлило било внатре во куќата.

Според оценка на судот, кривичното дело носи значителен општествен ризик. Обвинетиот не се придржувал кон налогот за заштита и не ги исполнил обврските утврдени од судот. Кривичното дело било сторено со директна умисла и пријавениот продолжил сè додека не ја убил жртвата. Судот не ја прифатил одбраната, наведувајќи дека контрамерка како што е тешко физичко насилство, предизвикување крварење на оштетената, оставање во несвест и потоа фрлање од прозорецот на четвртиот кат е надвор од секоја човечка логика.

Судот не нашол олеснувачка околност, а како отежнувачки се сметале сторителовото непридржување кон налогот за заштита, како и присуството на малолетните деца. Сторителот најпрво бил осуден на доживотен затвор, но откако судот го прифатил неговото барање за судење во скратена постапка, тој бил правосилно осуден на 35 години затвор. Покрај тоа, судот не го прифатил барањето за надомест на штета кое било поднесено од братот на жртвата и го упатил да поднесе имотно-правно барање во граѓанска постапка.

### Коментар

Квалификацијата на кривичното дело била правилна. Прво, судот изрекол максимална казна (доживотен затвор) која била преиначена на 35 години затвор поради прифаќање на барањето за водење скратена судска постапка. Пред измените од 2017 година, од правен аспект, одобрување на барање за водење скратена судска постапка не

било поврзано со опасноста на кривичното дело, туку со можноста за судење на предметот со оглед на дејствијата. Во конкретниот случај, сторителот го искористил тоа што измените сè уште не стапиле во сила и предметот бил пресудуван врз основа на претходната законска регулатива.

Иако пресудата е оправдана од гледна точка на материјалното право и докажување на вината на обвинетиот, не им е посветено доволно внимание на жртвата и нејзините права. Пресудата не содржи анализа на однесувањето на обвинетиот пред да стапи во втор брак со жртвата (на пример, неговото детство; првиот брак).[40] Покрај тоа, оваа пресуда покажува и погрешно одлучување од страна на судот во случаи на донесување налози за заштита – оставањето на жртвата и сторителот да престојуваат во ист стан и покрај донесување налог за заштита не е во согласност со меѓународните стандарди. Исто така, судот не испитал дали жртвата, која требала да има делотворна корист од донесениот налог за заштита и нејзините две малолетни деца добиле поддршка од социјалните служби на локално ниво и од механизмот за заштита од семејно насилство. Во пресудата нема информации за жртвата, дали жртвата побарала помош за да спречи насилство, зошто обвинетиот бил оставен во истиот стан со жртвата итн.

Конечно, треба да се истакне дека овој случај е единствен од анализираниот дел од судската пракса во кој бил побаран надомест на штета, од страна на братот на жртвата кој бил назначен за старател на нејзините деца. Нерешавањето по барањето поради процедурални причини и тешкотиите во истрагата го истакнуваат недостигот на делотворност на системот на кривичната правда. Аргументот дека одлучувањето по барањето за надомест на штета ја комплицира кривичната постапка е пречка за остварување на правата на жртвата и/или правата на наследниците на жртвата.

[40] Од истражувањето спроведено од страна на здруженија на граѓани, произлегува дека обвинетиот во текот на неговиот прв брак се однесувал толку многу насилно, поради што неговата прва сопруга ја напуштила куќата ноќе носејќи пиџами и никогаш не се вратила.

### *Случај бр. 2*

На 15.07.2017 година, М.Б.(Д.), додека одела на работа, била удирана од А.Д., нејзиниот поранешен сопруг, во околината на установата каде што работела. Таа најпрво била удрена во главата, а потоа и во други делови од телото, неколку пати со цврст алат (лост). Според сведоците, жртвата викала гласно и ја слушнале двајца чувари од институција сместена во близина. Да не биле двајцата стражари кои од далеку го виделе инцидентот и го повикале обвинетиот да престане со насилните дејствија, жртвата ќе умрела. Нанесените повреди биле оквалификувани како повреди кои предизвикале привремена спреченост за работа повеќе од девет дена.

Обвинетиот А.Д. имал 55 години; завршил средно образование и повремено бил вработен. Тој бил разведен, со две деца, а претходно бил осуден за семејно насилство. Кога било извршено кривичното дело веќе бил донесен налог за заштита на жртвата. Од пресудата се гледа дека А.Д. и М.Б.(Д.) биле во брак 31 година и имале две возрасни деца, а нивната врска е прикажана како првично нормална, освен последниве неколку години, што резултирало со развод. А.Д. претходно бил насилен и во октомври 2016 година бил осуден на четири месеци затвор за семејно насилство. Во мај 2017 година судот донел налог за заштита, со кој на А.Д. му забранил да се приближува до жртвата (на растојание помало од 100 метри) и му наредил да го напушти заедничкиот дом.

Жртвата имала 49 години, завршила средно училиште и имала две возрасни деца, била разведена и вработена. Таа сведочела дека нејзиниот однос со обвинетиот А.Д. бил лош од почетокот на нивниот брак. Нејзиниот поранешен сопруг отсекогаш бил насилен, но бидејќи таа се омажила за него поради љубов наспроти желбите на нејзините родители, жртвата го прифатила него таков каков што бил. Причина за нивните кавги била љубомората. Според жртвата, таа била колективно тепана од членови на семејството на нејзиниот поранешен сопруг. Тие ги тепале и нејзините синови, се обиделе да ги избодат синовите со нож и вршеле психолошко насилство врз децата. Жртвата се развела од сопругот во мај 2017 година. Бил издаден налог за заштита на жртвата, кон кој А.Д. не се придржувал, па таа го пријавила кај надлежните органи. Во моментот на обидот за убиство, постоел налог за заштита, што за цел имал да ја заштити жртвата од сите членови на семејството на нејзиниот поранешен сопруг.

Сведокот Е.Д., син на обвинетиот и жртвата, изјавил дека односот меѓу неговите родители вклучувал систематско вербално и психолошко насилство врз неговата мајка и врз нив како деца. Децата биле присутни во случаите на систематско насилство од страна на таткото, а причина била љубомората на таткото. Според обвинетиот, жртвата имала лоши односи со семејството и А.Д. ја обвинувал дека им ги уништила животите на неговите браќа и нивните семејства.

Првично против обвинетиот А.Д. се водела кривична постапка за семејно насилство. Две години предметот бил префрлан од еден во друг суд поради различната правна квалификација на делото – семејно насилство и обид за убиство во семеен контекст. Обвинителството инсистирало на семејно насилство, а судот не ја прифатил таа правна квалификација. Судот тврдел дека оквалификувањето на кривичното дело како обид за убиство е праведно, поради тоа што обвинетиот ѝ рекол на жртвата „Ќе те убијам“ додека двајцата сведоци барале да ја пушти бидејќи ја давел. Судот дополнително навел и други факти како што се: подготовката за извршување на кривичното дело, удирањата на жртвата откако обвинетиот добил судска пресуда претходниот ден со која бил осуден за семејно насилство на казна затвор во траење од две години; местото и времето избрано за извршување на кривичното дело; начинот на извршување на делото и сл., кои покажуваат дека обвинетиот планирал да ја убие неговата поранешна сопруга.

Судот не утврдил олеснувачки околности, а како отежнувачка околност било третирано извршувањето на кривичното дело откако на сторителот му била изречена казна за семејно насилство и откако судот донел налог за заштита заради спречување семејно насилство. Обвинетиот бил огласен за виновен за обид за убиство во семеен контекст и бил осуден на 22 години затвор. Апелациониот суд ја преиначил пресудата, намалувајќи ја казната од 22 години на 20 години затвор.

### Коментар

Околу две години владеела неизвесност околу правната квалификација на делото и надлежниот суд. Префрлањето на предметот од еден во друг суд го потенцира погрешното сфаќање на законот во времето кога тој бил изменет и дополнет. Измената на правната квалификација на кривичното дело покажува постоење на предизвици

во праксата поврзани со сфаќањето на различните видови кривични дела кои се извршуваат во семеен контекст. Несфаќањето на разликата меѓу кривичното дело семејно насилство и обид за убиство во семеен контекст ја нагласува важноста на анализирање на однесувањето на обвинетиот, односот сторител-жртва, околностите на настанот и дејствијата на обвинетиот пред, за време на и по извршување на кривично дело.

Казната е релативно сразмерна во однос на опасноста предизвикана од кривичното дело и лицето кое го сторило, имајќи ја предвид неговата претходна осуда за семејно насилство и непридржувањето кон налогот за заштита.

Овој случај покажува дека не е доволно да се отстрани сторителот од домот и дека оваа мерка не ја гарантира безбедноста на жртвата, доколку не е придружена со други мерки кои се предвидени со закон, како што се посебни програми за сторителите и заштитни мерки за жртвите. Фактот дека станот на жртвата бил блиску до станот на семејството на обвинетата го загрозил нејзиниот живот. Пресудата не дава информации за програмите за поддршка на жртвата.

## БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Поради сложениот државен и правен систем на Босна и Херцеговина, во истражувањето се вклучени правосилни судски пресуди од сите нивоа – Федерацијата Босна и Херцеговина, Република Српска и Дистриктот Брчко. Според тоа, трите правни рамки накусо се презентирани подолу.

### Правна рамка

#### *Федерација Босна и Херцеговина*

Фемицидот не е инкриминиран како посебно кривично дело во Федерацијата Босна и Херцеговина (ФБиХ). Основната форма на кривичното дело убиство е дефинирана во членот 166 став 1 на Кривичниот законик на ФБиХ како лишување од живот на друго лице. Дејствието на извршување е определено според последицата што ја предизвикува, што значи дека ова кривично дело може да се изврши со секое дејствие што предизвикува смрт на друго лице.

Основниот облик на ова кривично дело предвидува казна затвор во траење од најмалку пет години. Со оглед на општата одредба за казната затвор, според која оваа казна не може да биде помала од 30 дена или поголема од дваесет години, сторителот на ова кривично дело може да се казни со затвор во траење од пет до дваесет години. Ако сторителот го започнал дејствието на извршување, а не го довршил, или ако го довршил, а последицата (смрт на друго лице) не настапила, тоа ќе се третира како обид за извршување на кривичното дело убиство, доколку сторителот имал директна или евентуална умисла во однос на смртта на жртвата. Тоа ќе претставува обид за убиство не само кога жртвата се здобила со повреди кои се тешки или не се тешки, туку и кога жртвата не претрпела никаква повреда. Токму умислата на сторителот се користи како критериум за разликување на убиството од обидот за извршување на убиство.

Квалифицираниот (тешкиот) облик на кривичното дело убиство се применува на тој што:

- лишува од живот друго лице на свиреп или подмолен начин (точка а);
- лишува од живот друго лице при безобѕирно насилство (точка б);
- лишува од живот друго лице од омраза (точка в);
- лишува од живот друго лице од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобѕирна одмазда или од други ниски побуди (точка г); или
- лишува од живот судија или обвинител во врска со извршување на нивната судска или обвинителска должност, службено или воено лице при вршење на работи од областа на безбедноста или должноста за чување на јавниот ред, приведување на сторител на кривично дело или чување на лице лишено од слобода (точка д).

Со цел да се утврди дали убиството било извршено на свиреп начин, судот ги испитува сите околности на секој конкретен случај и им придава особено значење на наодите и мислењата на вештаците за видот и обемот на повредите со кои се здобила жртвата и за интензитетот и времетраењето на нанесената болка или страдањето што било предизвикано од тие повреди.

Кривичното дело убиство на миг од член 167 се однесува на дејствие на тој што ќе лиши од живот друго лице на миг, доведен без своја вина во состојба на силна раздразнетост или страв предизвикан од напад, злоставување или тешко навредување. Овој вид на убиство е привилегиран облик на убиство, па поради тоа ова кривично дело е казниво со поблага казна, затвор од

една до десет години. Она што на ова кривично дело му дава карактер на привилегиран облик на кривичното дело убиство е, пред сѐ, посебната емоционална состојба на сторителот во моментот на извршувањето – состојба на силна раздразнетост или страв, поради што сторителот не може да размислува или дејствува разумно.[41]

Квалификуваните (тешките) облици на кривичното дело семејно насилство, како што е наведено во членот 222, ставови 5 и 6 од Кривичниот законик на ФБиХ, инкриминираат предизвикување смрт на член на семејството (став 5) и убиство на злоставуван член на семејството (став 6) во контекст на семејно насилство. Имено, квалификуваниот (тешкиот) облик на кривичното дело семејно насилство, со кој е предвидена казна затвор од две до петнаесет години, постои доколку со кривичните дела од ставовите 1 до 4 на истиот член е предизвикана смрт на член на семејството. Квалификуваниот (тешкиот) облик од ставот 6, со кој се предвидува затвор во траење најмалку десет години или долготраен затвор, постои кога сторителот ќе усмрти член на семејството кого претходно го злоставувал.

Според Кривичниот законик на ФБиХ, член на семејството е сопружник или вонбрачен другар, поранешен сопружник или поранешен вонбрачен другар, роднина во права линија, посвоител и посвоено дете, роднина во странична линија до трет степен сродство и во сватовска линија до втор степен.

Иако се работи за два квалификувани (тешки) облици на исто кривично дело, тие значително се разликуваат. Квалификуваниот (тешкиот) облик на кривичното дело семејно насилство од членот 222 став 5 на Кривичниот законик на ФБиХ налага смртта на членот на семејството да е предизвикана со кривично дело од ставовите 1 до 4 на тој член, како и отежнувачка околност на невнимание на сторителот во врска со смртта на жртвата. Тешкиот облик согласно член 222 став 6 не налага смртта на член на семејството да е предизвикана со кривично дело од ставовите 1 до 4 на тој член. Ова кривично дело се врши кога сторителот ќе убие член на семејството кого претходно го злоставувал. Убиството не мора да е извршено истовремено со злоставувањето, но жртвата мора да биде член на семејството кого сторителот претходно го злоставувал. Во тој случај, ова всушност би

[41] Во својата одлука Кж. 1410/64, Врховниот суд на БиХ истакна дека, за да постои овој облик на убиство, душевната состојба на сторителот треба да има таков негативен ефект што тој/таа одлучува да убие без многу промислување.

претставувал тежок облик на убиство, каде што квалификирачка околност е пасивниот субјект – членот на семејството кого сторителот претходно го злоставувал. За ова кривично дело потребно е да постои умисла на сторителот.

### *Република Српска*

Општиот концепт на кривичното дело убиство со закон е дефиниран како лишување од живот на друго лице. Тоа може да се изврши на разни начини, со разни средства и под разни истовремени околности кои ги разликуваат појавните облици на ова кривично дело како основен облик на убиство, квалификуван (тежок) облик на убиство или привилегиран (поблаг) облик на убиство.

Основниот облик на кривичното дело убиство е предвиден во Кривичниот законик на Република Српска (РС) во членот 124 став 1 и предвидува казна затвор од пет до дваесет години. Убиство според оваа одредба е секое намерно и противправно лишување од живот на друго лице при чие вршење истовремено не постојат дополнителни, посебни околности кои му даваат полесен или потежок облик, а животот на едно лице се јавува како основен и исклучив објект на заштита. Основниот облик на убиство се јавува како супсидијарен во однос на неговите квалифицирани (тешки) или привилегирани облици и се среќава само кога во конкретен случај нема никакви карактеристики на друг (квалифициран или привилегиран) облик на ова кривично дело.

Квалифицираното (тешкото) убиство има различни облици и предвидува казна затвор од најмалку десет години или долготраен затвор. Во однос на начинот на извршување, тешкото убиство ги поприма следниве облици:

- убиство извршено на свиреп начин (член 125, став 1, точка 1);
- убиство извршено на подмолен начин (член 125, став 1, точка 1);
- убиство извршено од организирана група или убиство по порачка (член 125, став 2).

Убиство на член на семејството кој претходно бил злоставуван од сторителот е тешко убиство и тоа е детерминирано од две отежнувачки околности. Првата околност е припадноста на сторителот и жртвата на исто семејство или семејна заедница, а втората е сторителовото претходно злоставување на жртвата во пократок или подолг временски период.

Членот 190 од Кривичниот законик на РС го уредува кривичното дело семејно насилство. Ова кривично дело има еден основен облик и три тешки облици.

Основниот облик е дефиниран во ставот 1 (со кој се предвидува парична казна или затвор до најмногу три години) и постои кога сторителот ќе го загрози спокојството, телесниот интегритет или душевното здравје на член на неговото семејство или семејна заедница со насилство, закана дека ќе нападне врз животот и телото или со дрско или безобѕирно однесување. Тешкиот облик на ова дело, дефиниран во ставот 2 (со кој се пропишува казна затвор во траење од шест месеци до пет години), постои кога сторителот при извршувањето на основното дело употребил оружје, опасно орудие или друго опасно средство кое е подобно да нанесе тешка телесна повреда или тешко да го наруши здравјето, а тешкиот облик од ставот 3 (со кој се предвидува казна затвор во траење од две до десет години) постои кога последица на кривичното дело од ставовите 1 или 2 е тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето или кога делото било извршено спрема дете или во присуство на дете. Најтешкиот облик на ова кривично дело, предвиден во ставот 4, е кога поради кривично дело од ставовите 1, 2 или 3 настапила смрт на член на семејството или семејната заедница. Овој облик на кривичното дело предвидува казна затвор во траење од три до петнаесет години.

### *Дистрикт Брчко*

Членот 163 став 1 од Кривичниот законик на Дистриктот Брчко на Федерацијата БиХ (ДБ) го дефинира основниот облик на кривичното дело убиство како лишување од живот на друго лице и тој предвидува казнување со затвор во траење од најмалку пет години. Основниот облик на кривичното дело убиство се состои од намерно лишување од живот на друго лице без дополнителни, посебни околности кои би ја измениле тежината и обликот на кривичното дело за негово правно оквалификување како еден од квалифицираните (тешките) или привилегираните облици на убиство. За основниот облик на кривичното дело убиство може да се изрече казна затвор во траење од пет до дваесет години.

Квалифицирани (тешки) облици на кривичното дело убиство постојат кога сторителот:

- лишува од живот друго лице на свиреп или подмолен начин;
- лишува од живот друго лице при безобѕирно насилство;

- лишува од живот друго лице од омраза;
- лишува од живот друго лице од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобѕирна одмазда или од други ниски побуди;
- лишува од живот службено или воено лице при вршење на работи од областа на безбедноста или должноста за чување на јавниот ред, приведување на сторител на кривично дело, или чување на лице лишено од слобода.

Членот 163 став 2 точка 4 предвидува неколку отежнувачки околности сврзани со побудите на сторителот (користољубие, извршување или прикривање на друго кривично дело, безобѕирна одмазда или други ниски побуди).

Кривичното дело семејно насилство од членот 218 став 1 го врши тој/таа што со насилство, дрско или безобѕирно однесување го загрозува спокојството, телесниот интегритет или душевното здравје на член на неговото или нејзиното семејство. Основниот облик на ова кривично дело предвидува парична казна или затвор до најмногу три години. Тој што од живот ќе лиши член на семејството кого претходно го злоставувал, ќе се казни со затвор од најмалку десет години или долготраен затвор.

## Судско истражување на фемицид

Предмет на истражувањето беше судската пракса на судовите во Босна и Херцеговина при кривично гонење на случаи на фемициди и обиди за фемицид.[42] Со оглед на тоа што фемицидот не е инкриминиран како посебно кривично дело во Босна и Херцеговина, истражувачкиот примерок се состоеше од кривични судски предмети кои правосилно беа пресудени од 1 јануари 2017 година до 30 јуни 2021 година, кои се однесуваа на кривични дела за кои било преземено кривично гонење кога сторителите биле мажи и жртвите биле жени, а кривичните дела биле оквалификувани како:

[42] Beker Kosana, Tanović Dalida (уред.), Analiza prakse sudova u procesuiranju femicida i pokušaja femicida u Bosni i Hercegovini 2017-2021, AIRE Centre и FemPlatz, 2022 година, достапна на: https://www.airecentre.org/Handlers/Download.ashx?IDMF=77975c73-9c31-4552-9a68-3013255c0d5f

- убиство, обид за убиство и семејно насилство со кое е предизвикана смрт, според член 166, став 1 и став 2, точки а) и г); член 166, став 1 во врска со член 28; и член 222, став 5 во врска со став 1 од Кривичниот законик на Федерацијата Босна и Херцеговина;[43]
- убиство, обид за убиство и тешко убиство според член 124 став 1; член 124 став 1 во врска со член 22; член 125 став 1 точка 6; член 125, став 1, точка 5 од Кривичниот законик на Република Српска од 2017 година[44] и обид за убиство, тешко убиство и обид за тешко убиство според член 148, став 1 во врска со член 20; член 149, став 1, точка 5; и член 149, став 1, точка 1 од Кривичниот законик на Република Српска од 2003 година;[45]
- обид за убиство според член 163 став 1 во врска со член 28 од Кривичниот законик на Дистриктот Брчко на БиХ.[46]

Анализата опфати вкупно 34 судски предмети (26 предмети од судовите на Федерацијата БиХ, седум предмети од судовите на Република Српска и еден предмет од судовите на Дистриктот Брчко).[47]

### *Квантитативни податоци*

Во однос на бројот на кривичните дела кои биле извршени, 35 сторители извршиле вкупно 51 кривично дело.

Најголем број од сите кривични дела се извршени во станот/куќата/дворот на жртвата (35,3%), што е во согласност со претходните наоди од истражувањата за насилство врз жени, кои укажуваат дека **најмалку безбедно место за жената е нејзиниот дом.** Интересно е што дури 20,6% од кривичните дела биле извршени на работното место на жртвата,

[43] Службени новини на ФБиХ бр. 36/2003, 21/2004 – исправка, 69/2004, 18/2005, 42/2010, 42/2011, 59/2014, 76/2014, 46/2016 и 75/2017 (понатаму означен како: КЗ на ФБиХ).

[44] Службен гласник на Република Српска, бр. 64/2017, 104/2018 – одлука на Уставниот суд, 15/2021 и 89/2021 (понатаму означен како: КЗ на РС од 2017 година).

[45] Службен гласник на Република Српска, бр. 49/2003, 108/2004, 37/2006, 70/2006, 73/2010, 1/12 и 37/2013 (понатаму означен како: КЗ на РС од 2003 година).

[46] Службен гласник на Дистриктот Брчко на БиХ, бр. 19/20 – пречистен текст (понатаму означен како: КЗ на ДБ на ФБиХ).

[47] Вкупно 94 првостепени и второстепени одлуки: 78 првостепени и второстепени одлуки на судовите на ФБиХ, 14 првостепени и второстепени одлуки на судовите на РС и една првостепена и една второстепена пресуда на судовите на Дистриктот Брчко на БиХ.

што укажува на висок степен на дрскост и безобѕирност на сторителите, како и на повисок степен на општествена закана од извршените кривични дела. Голем број на кривични дела се извршени во станот/куќата/дворот што сторителот и жртвата го/ја делеле (17,6%), што е очекувано со оглед на природата на односот меѓу жртвата и сторителот (брак, вонбрачна заедница, емоционална врска, сродство) и нивното живеење во семејна заедница.

Сторителите почесто употребиле огнено оружје (рачна бомба, пиштол, автоматска пушка – 35,3%) отколку друго оружје (нож, расклопувачки нож со пружина, скалпел, чекан, метална прачка, тап предмет – 29,3%) или физичка сила (8,8%), што може да се објасни со широко распространетото неовластено поседување огнено оружје, главно останато од војната. Најголем процент на кривични дела – 23,5% се извршени со употреба на повеќе начини на извршување за совладување на отпорот на жртвата, што разоткрива особена бруталност и суровост на сторителите кон нивните жртви.

*Профил на сторителите*

Истражуваниот примерок од судската пракса опфати вкупно 35 сторители. Најголемиот дел од сторителите припаѓаат на возрасната група од 33 до 40 години (20%) и 49 до 59 години (20%), најмладиот сторител бил млад полнолетник со навршени 18 години, а најстариот сторител бил на возраст од 72 години.

Во однос на брачната состојба на сторителите, најголем процент од нив биле женети (40%), а потоа следуваат оние кои биле неженети (31,4%) и разведени (17,1%). Во групата на неженети сторители, одреден број од нив биле во емотивна врска или партнерска врска без живеење во заедница. Најголем процент од сторителите (45,7%) имале средно образование.

Во однос на претходното криминално досие, најголемиот дел од сторителите претходно не биле кривично осудувани – 21 (60%). Од сторителите 14 (40%) претходно извршиле кривични дела. Најголем дел од сторителите не биле под дејство на алкохол во моментот на извршувањето – 27 (77,1%). Во ниту еден случај судот не утврдил дека сторителот во моментот на извршувањето бил под дејство на дрога.

Десет сторители се изјасниле дека се виновни за сите обвиненија наведени во обвинението (28,5%). Друга група на сторители (7, кои

сочинуваат 20%) не се изјасниле за виновни за кривичното дело кое било наведено во обвинителниот акт, туку за полесно кривично дело. Третата група на сторители (17, кои сочинуваат 48,6%) не признале дека го сториле кривичното дело за кое се товарат во обвинителниот акт. Интересно е што меѓу овие сторители кои не признале дека го сториле кривичното дело, имало и такви кои изразиле каење, не поради сопствена грижа на совест поради вината, туку поради самиот трагичен настан.

*Профил на жртвите*

Истражувачкиот примерок содржеше 37 женски жртви. Анализираните судски пресуди речиси и да не нудат информации за жртвите. Од пресудите не може да се утврди преовладувачката возраст на жртвите, бидејќи за 35 жртви не е дадена информација за нивната возраст. Во неколку случаи, жртвите биле окарактеризирани како постари, но без да се прецизира нивната возраст.

Дури 24 пресуди (64,9%) не содржат информации за тоа каков бил односот меѓу сторителот и жртвата во пократок или подолг период до извршување на кривичното дело. **Во само три пресуди (8,1%), судот утврдил дека жртвата и претходно била изложувана на различни облици на насилство од страна на сторителот,** а во еден случај сторителот бил осуден за кривичното дело семејно насилство од кое настапила смрт на жртвата. Иако од судските предмети може да се заклучи дека односите меѓу жртвата и сторителот биле лоши, само во еден случај има информација за претходна пријава до надлежните институции.

Најчеста врска меѓу сторителот и жртвата е емотивна врска, заеднички живот или семејна врска. Жртвата и сторителот се познавале порано (сторителот бил познаник на жртвата, соработник, сосед), тие биле во брак или живееле во вонбрачна заедница, имале емотивна врска или роднинска врска (94,3%). Само две жртви не ги познавале сторителите.

*Побуди*

Само во четири судски пресуди е образложена побудата на сторителот за извршување на кривичното дело. Врз основа на анализираните пресуди, побудите за извршување на кривичните дела опфатиле: користољубие, одмазда поради раскинување на емоционална/брачна/вонбрачна врска, невозвратена љубов, дисциплинска постапка против сторителот,

незадоволство на сторителот од пензиски бенефиции, долготрајна нетолеранција во семејните односи и љубомора.

Олеснувачки и отежнувачки околности

Анализираните пресуди доведуваат до заклучок дека судовите во своето образложение главно ги цитирале олеснувачките и отежнувачките околности кои, на пример, се наведени во законот, без детални анализи на нивното значење.

На пример, судовите ги разгледувале следниве олеснувачки околности: признание на делото; изразено каење; семејна состојба (оженет, семеен човек, број на деца – татко на две или повеќе (осум) деца); семејна ситуација поврзана со потесното семејство од кое сторителот потекнал (растење без мајка и без родителска љубов, грижа и нежност); имотна состојба; невработеност; возраст на сторителот (младо лице, постаро лице); здравствена состојба (лоша здравствена состојба, психички проблеми и неколку престојувања заради лекување во психијатриска клиника со потврдена дијагноза, попреченост, операција); намалена пресметливост, иако не значително; правилно однесување пред судија во текот на постапката; претходна неосудуваност; извршување на дејствијата како последица на афективен импулсивен момент предизвикан од алкохол, а не како резултат на планирање; душевна незрелост, недоволно разбирање на делото и неговите последици; психички последици од воена траума и неприклучување на оштетеното лице кон кривичното гонење.

При одмерувањето на казната, судовите ги земале предвид следниве отежнувачки околности: претходни кривични осуди; претходни кривични осуди за семејно насилство; безобѕирно нанесување телесна повреда, упорност, решителност; извршување на кривичното дело спрема постара жена која му била сосетка и била пријателка на неговите родители; оштетениот имал шест деца, од кои само едно било полнолетно, а децата останале без грижа; нечувствителност по извршувањето на делото; особено груб начин на извршување, со бројни повреди здобиени од жртвите (28 убодни рани); сторителот во текот на постапката не покажал каење или сочувство кон жртвата; сторителот лажирал ментална болест, единствено за да избегне кривична одговорност и да предизвика запирање на постапката; вршење на кривичното дело во ресторан кој бил преполн со бројни гости за време на верски празник; и упорност на обвинетиот во обидот да го изврши кривичното дело.

Во една пресуда е утврдено дека сторителот не бил деловно способен, а други случаи завршувале со осудителни пресуди, односно казни затвор, изречени самостојно или заедно со изречени мерки за безбедност. Во 34 случаи главната кривична санкција била казната затвор, вклучувајќи и две казни долготраен затвор, што е разбирливо со оглед на тоа што се работи за најтешки кривични дела. Во повеќето случаи, времето меѓу обвинението и првостепената пресуда било кратко, во 17 случаи меѓу обвинението и второстепената пресуда поминал период од една до две години, а во девет случаи меѓу обвинението и второстепената пресуда поминала помалку од една година, што покажува дека кривичните постапки биле доста ефикасни.

Кривичните судови по правило не одлучуваат за барања на оштетените за надомест на штета, т.е. тие не одлучуваат за имотно-правното барање ниту делумно, туку ги упатуваат оштетените да поведат парнична постапка.

## Студии на случај

Во националниот извештај за Босна и Херцеговина беа презентирани пет студии на случај. Овде ние накусо презентираме две студии на случај (судски предмети).

### *Случај бр. 1*

Судот во првостепената постапка го огласил сторителот за виновен за тешко убиство бидејќи ја прескокнал оградата и влегол во куќата во која била неговата поранешна сопруга со новиот интимен партнер и на двајцата им задал неколку удари во главата и телото со секира и нож, така што што Х.А. се здобила со повреди (...) кои довеле до моментална смрт, а Х.Е. претрпел повреди (...) кои довеле до брза смрт; потоа сторителот го напуштил местото на извршување на кривичното дело. Неговата поранешна сопруга Х.А. се здобила со 22 повреди, а Х.Е. се здобил со повеќе од 30 повреди.

Сторителот во моментот на извршување на кривичното дело бил на возраст од 48 години, по занимање бил неквалификуван работник, со завршено основно образование, без работен стаж и претходно не бил кривично осудуван. Пресудата не содржи информации за односите во потесното семејство. Сторителот бил во брак со жртвата Х.А. 18 години, но тие биле разделени, бидејќи сопругата го напуштила кон крајот на март 2017 година. Во моментот на извршување на кривичното дело имале две

малолетни деца. Сторителот за време на бракот искажувал љубомора, се сомневал дека сопругата имала љубовник, поради што таа го оставила, земајќи ги децата и започнала нов живот. Врз основа на исказот на сторителот, наодите на вештаците и изјавите на сведоците, судот утврдил дека врската *меѓу жртвата А. и обвинетиот не се одликувала со хармонија и доверба, туку дека врската била сочинета од расправање, сомневање и физички напади од обвинетиот врз жртвата и нивните малолетни деца. По фактичкото раскинување на бракот, обвинетиот имал сознанија дека неговата поранешна сопруга е во врска со Х.Е., па ваквите дејствија на обвинетиот биле насочени кон проверка на неговите сомнежи.*

Во однос на пресметливоста на сторителот, судот утврдил дека, во моментот на извршување на кривичното дело, сторителот бил целосно пресметлив, т.е. бил способен да го сфати значењето на неговите постапки. Судот утврдил дека сторителот бил целосно свесен што прави, исто како што бил свесен и по извршувањето на кривичното дело.

Според изјавите на сведоците и обдукцискиот извештај, жртвата во моментот на извршување на кривичното дело имала 35 години. Нема информации за нејзиното образование, занимање или вработување. За нејзиниот однос со сторителот може да се заклучи од исказите на сторителот и нивните деца. Според исказите на децата, нивниот однос бил нездрав и од време на време се вршело насилство, а еден инцидент бил пријавен во полиција. Сведокот К.А., кој бил дежурен дента кога било извршено насилството, изјавил дека сторителот го пријавил кривичното дело самиот, наведувајќи дека ги убил својата сопруга и нејзиниот љубовник. Како полициски службеник, сведокот бил запознаен со односите на сопружниците, бидејќи жртвата претходно го пријавила сторителот дека управувал со возило во кое било малолетно дете додека бил под дејство на алкохол и против него имало претходна пријава за семејно насилство што го извршил спрема сопственото дете. Како сведок била сослушана мајката на сторителот и таа изјавила дека знаела дека односите меѓу нејзиниот син и жртвата биле лоши, што довело до престанок на нивниот брак, а изјавила и дека нејзиниот син обилно и постојано пиел.

Првостепениот суд го огласил обвинетиот за виновен и му изрекол казна затвор во траење од 35 години. Одлучувајќи за видот и должината на санкцијата, судот ги зел предвид следниве олеснувачки околности во однос на сторителот: претходно не му биле изречени никакви кривични санкции, тој бил татко на две малолетни деца, самиот се пријавил во

полиција по извршеното кривично дело, така придонесувајќи за ефикасно идентификување на сторителот. Во однос на отежнувачките околности, судот ја оценил тежината на делото, високиот степен на кривична одговорност на сторителот, начинот на извршување на убиствата; видот и природата на смртоносните повреди, побудата за извршување на кривичното дело и сл.

Но, второстепениот суд, меѓу другото, констатирал дека санкцијата е престрога и дека со соодветна оцена на сите олеснувачки и отежнувачки околности, санкцијата долготраен затвор од 30 години за обвинетиот е правилна мерка што ќе ја постигне законски пропишаната цел на кривичните санкции и казнувањето. Остатокот од првостепената пресуда останал непроменет.

## Коментар

Со оглед на побудата за вршење на убиството и околностите на неговото извршување, овој судски предмет илустрира типичен случај на фемицид, а судот соодветно го оквалификувал како квалифицирано (тешко) убиство. Судот навел дека сторителот бил доведен во состојба на афект поради неговите лични особини, психопатски карактеристики на личноста, како што се чувствителност на навреда, недостаток на самодоверба, чувство на одмаздливост, како и поради неговата неволност да прифати дека неговата жена го оставила заради друг маж. Сепак, ние сметаме дека тоа не се „лични особини“ на сторителот, туку попрво се ниски побуди, бидејќи сторителот ја третирал жртвата како сопствен имот, ускратувајќи го нејзиното право на слобода на избор.

Во суштина, овој случај јасно ги илустрира начините на однесување на мажите во патријархален контекст и културниот концепт на машкост, што значи дека мажот има моќ и контрола врз својата поранешна сопруга и нејзината сексуалност, гледајќи ја како свој „поседуван имот“. Утврдените факти јасно покажуваат дека сторителот и по разводот ја контролирал жртвата, нејзиното движење и однесување, а причини за убиството биле неговото долгогодишно сомневање во однос на верноста на сопругата и фактот дека таа го оставила и стапила во емотивна/полова врска со друг човек. Овие родови аспекти на убиството на неговата поранешна сопруга и нејзиниот интимен партнер, кој бил убиен поради безобѕирна одмазда, не биле соодветно оценети во текот на постапката.

Во овој случај, на убиството му претходело повеќегодишно насилство од страна на сторителот врз членовите на неговото семејство, што му било познато на неговото пошироко семејство. Релевантните органи очигледно не реагирале соодветно и не ги препознале ризиците од убиство. Судот при одлучувањето за санкцијата го зел предвид фактот дека сторителот не бил претходно осудуван и дека бил татко на две малолетни деца. Сепак, не било соодветно да се земат предвид овие факти, со оглед на фактот дека сторителот пред убиството бил насилен кон своите деца и дека бил насилен кон нивната мајка пред очите на децата.

Судот во второстепената постапка ја преиначил одлуката за казната така што ја намалил казната од 35 на 30 години затвор. Тој истакнал дека првостепениот суд погрешно ја оценил тежината на последиците како отежнувачки, бидејќи вообичаените последици од кривично дело кои се суштински дел од самото кривично дело, како што бил случајот во овој судски предмет, не можеле да се оценат како отежнувачки, освен ако значително ја надминувале тежината пропишана со закон за ова кривично дело како посебен или специфичен објект на заштита. Меѓутоа, одлучувањето на второстепениот суд не било исправно бидејќи, со оглед на околностите на конкретниот случај, последиците од кривичното дело биле далеку над вообичаените последици кои се предизвикуваат со кривичното дело убиство на две или повеќе лица, конкретно во поглед на неговата родова базираност.

### *Случај бр. 2*

Сторителот ја убил својата поранешна партнерка пред нејзиниот угостителски објект, така што активирал рачна бомба која довела до експлозија, при што загинала жртвата М.М. Другото кривично дело било недозволено држење на огнено оружје и муниција, кои не смеат да бидат поседувани од граѓаните.

Во моментот на извршување на кривичното дело, сторителот бил на возраст од 42 години, бил разведен и бил татко на три деца. Имал две деца со поранешната сопруга со која бил во брак 18 години и еден син роден во 2012 година во вонбрачна заедница со жртвата М.М. Тој бил невработен чевлар, со завршено средно стручно образование. Од 2010 година бил сопственик на кафуле во кое оштетената работела како келнерка. Тој бил претходно

осудуван за кривичното дело повреда на правата на други лица. Тој и жртвата заедно живееле во странство три години, кога таа решила да се врати дома со нивниот син. *После тоа, тој почнал да добива секакви информации, дека таа се сменила, дека многу излегувала по кафеани, дека пиела и детето морало да спие по кафеани, дека имала друг маж... Кога тој пристигнал, разговарал со нејзиното момче и тој рекол дека повеќе нема да се меша во неговиот живот. Сепак, забележал дека тие двајца и понатаму одржувале контакти.*

Сторителот изјавил дека на критичниот ден дошол во кафулето, но жртвата вербално го нападнала, прашувајќи зошто дошол и му рекла да си оди. Тој се вратил дома и ја зел рачната бомба и прво отишол во кафеана во градот, а потоа во кафулето каде што била жртвата. Ја зел рачната бомба бидејќи имал намера да се самоубие и сакал таа да го види тоа, но инсистирал дека немал намера да ја убие.

Оценувајќи ги изјавите на одбраната, судот не прифатил дека сторителот имал намера да се самоубие пред жртвата бидејќи, според мислењето на судот, околностите на настанот, претходните закани упатени кон жртвата и самиот начин на извршување на кривичното дело додека тие се расправале пред објектот, исклучувал секакво сомневање дали сторителот имал намера да ја убие.

Судот оценил дека проблемите меѓу обвинетиот и жртвата започнале кога таа го известила дека ја раскинува нивната емотивна врска, а тој продолжил да ѝ упатува сериозни закани и заканите завршиле фатално. Упорноста, проследена со безобѕирност во „присилувањето" на оштетената да не ја раскине врската, завршила токму онака како што сакал обвинетиот, со смрт на оштетената. Сторителот во моментот на извршувањето бил во состојба на битно намалена пресметливост во која не можел целосно да го сфати значењето на неговите постапки или да управува со нив и тој бил целосно неспособен да ги контролира своите импулсивни нагони. Сепак, судот утврдил дека сторителот го сторил кривичното дело со директна умисла.

Пресудата не содржи ниту основни информации за жртвата – возраст, образование, занимање, семеен статус. За возраста на жртвата дознаваме од изјава на пријателка, која рекла дека жртвата била родена во 1992 година и дека сторителот бил прилично љубоморен поради разликата во возраста. Жртвата најпрво работела во кафулето што било во сопственост на сторителот, додека не отворила сопствено кафуле. Таа неколку години живеела во заедница со сторителот и во 2016 година решила да ја раскине,

но и по раскинувањето продолжиле вербално да се конфронтираат. Тоа произлегува од исказот на сведокот К.Н. и наодот од вештакот дека сторителот имал забрана за приближување до оштетената на растојание помало од 500 метри.

Судот не ги прифатил тврдењата на одбраната дека обвинетиот ја активирал рачната бомба за да се самоубие бидејќи, ако сакал, тоа ќе го направел многу порано, без да ја изнесе жртвата надвор од кафулето. Првостепениот суд го огласил обвинетиот за виновен за две кривични дела – убиство и недозволено производство и промет на оружје и експлозивни материи и го осудил на единствена казна затвор во траење од 7 години и 6 месеци.

Одлучувајќи за видот и должината на санкцијата, судот ги разгледал следниве олеснувачки околности во однос на сторителот: неговата семејна состојба, дека бил татко на три деца, бил невработен и имал намалена пресметливост во времето на извршување на кривичното дело. Како релевантни отежнувачки околности, судот ги сметал: високиот степен на одговорност, тоа што сторителот однапред го испланирал и го подготвил делото, тоа што го извршил пред кафулето во кое работела жртвата, пред бројни граѓани, т.е. на јавно место, тоа што делото го извршил на брутален и безобѕирен начин, со активирање на рачна бомба, така уништувајќи млад живот на мајка на малолетно дете, а сето тоа поради непроверени и лажни информации поврзани со приватниот живот на оштетената. Против првостепената пресуда се жалеле и обвинителот и бранителот. Врховниот суд ги одбил двете жалби како неосновани.

## Коментар

Главниот коментар е дека санкцијата за кривичното дело била многу блага. Судот не разгледал низа отежнувачки околности и не утврдил некои други, како што е фактот дека постоела забрана на сторителот да ѝ се приближува на жртвата. Обвинителот го оквалификувал кривичното дело како „обично“ убиство, но прашање е дали во ова кривично дело има елементи на убиство пропратено со намерно доведување во опасност на животот на други лица, со оглед на тоа што сторителот активирал рачна бомба на јавно место, а лицата кои биле присутни на лице место се спасиле бегајќи, како што потврдиле сведоците.

Изречената казна за кривичното дело недозволено производство и промет на оружје и експлозивни материи била една година, иако законот предвидува казна од две до пет години затвор. Фактот дека кај сторителот било пронајдено големо количество нелегално огнено оружје и тоа било одземено ја илустрира значителната достапност и присуство на нелегално оружје по вооружениот конфликт. Ова е огромна закана и е еден од показателите за висок ризик од фемицид.

Судот не го анализирал родовиот аспект на убиството, иако околностите на овој случај укажуваат дека се работело за родово-базирано убиство на поранешната вонбрачна партнерка, која сторителот ја убил затоа што ја напуштила нивната вонбрачна заедница. Сторителот во овој случај изгубил контрола над однесувањето на својата партнерка, што кај него предизвикало чувство на отфрленост и пониженост, како и желба да ја казни. Оваа душевна состојба и однесување на сторителот е резултат на патријархален систем на вредности и стереотипни родови улоги. Со нејзината одлука да прекине заедно да живее со сторителот, жртвата го изразила своето право да одлучува за својот живот, што е неприфатливо во патријархална култура. Цената на слободата во конкретниот случај била загубата на животот.

Интересно е што судот во своето образложение истакнал дека сторителот го извршил кривичното дело поради непроверени и лажни информации за приватниот живот на жртвата. Не е јасно зошто судот почувствувал потреба да ја вклучи оваа изјава во образложението на својата пресуда, ниту е јасно поради што судот утврдил дека информациите за приватниот живот на жртвата, откако таа го напуштила сторителот, биле непроверени и лажни. Наместо сомнежите за поранешната вонбрачна партнерка на сторителот да ги поврзе со неговата љубомора и да ја толкува како негова посесивност и желба да ја контролира сексуалноста на поранешната вонбрачна партнерка, судот ги оценил информациите за нејзиниот приватен живот како непроверени и лажни, па се чини дека, во случај на проверени и точни информации за нејзината врска со друг маж, пресудата би била поинаква.

Индикативно е тоа што судот не сметал дека е потребно да прибави информации за забраната на сторителот да се приближува до жртвата, иако од сведоците и судските вештаци дознал дека таквата мерка била изречена. Доколку судот ги прибавел овие факти од релевантните органи, би можел да открие модел на насилничко однесување на сторителот кон жртвата и би можел подлабоко да го анализира нивниот однос пред убиството. Ваквиот пропуст на судот е една од причините за изрекување толку блага казна на сторителот.

# КОСОВО

## Правна рамка

Фемицид не е термин употребуван во косовското законодавство, слично на други земји. Сепак, има неколку кривични дела кои би можеле да се применливи во случаи на фемицид. Кривичниот законик на Република Косово бр. 06/Л-074,[48] во поглавје посветено на кривичните дела против животот и телото ги пропишува следниве кривични дела:

- убиство;
- квалифицирано (тешко) убиство;
- убиство извршено во состојба на силна душевна раздразнетост;
- убиство од небрежност;
- убиство на дете при пораѓање.

Основниот облик на убиство е дефиниран на следниов начин: „Тој што друг ќе лиши од живот, ќе се казни со затвор во траење од најмалку пет (5) години“.[49] За квалифицирано (тешко) убиство е пропишана казна затвор во траење од најмалку десет години или доживотна казна затвор. Има неколку облици на квалифицирано (тешко) убиство, т.е. лишување од живот:

- на дете;
- на бремена жена;
- на член на семејството;
- на свиреп или измамнички начин;

[48] Кривичен законик на Република Косово бр. 06/L-074.

[49] Кривичен законик, член 172.

- со намерно доведување во опасност на животот на уште некое или повеќе лица;
- од користољубие;
- заради извршување или прикривање на друго кривично дело, спречување лице да сведочи или на друг начин да пружи информации на полицијата или во судска постапка;
- од безобѕирна одмазда или други ниски побуди, вклучувајќи одмазда заради сведочење или на друг начин пружање информации на полицијата или во кривична постапка;
- кога такво лице ги врши неговите или нејзините службени или сродни должности;
- поради побуди засновани врз национална/државјанска припадност, јазик, религиозно уверување или недостаток на религиозно уверување, боја на кожата, род, родов идентитет, сексуална ориентација или поради поврзаност со лица кои имаат некои од горенаведените заштитени карактеристики;
- намерно извршување на две или повеќе убиства, освен за кривичните дела наведени во членовите 174 и 176 од овој законик;
- од страна на сторител кој претходно бил осуден за убиство, освен за кривичните дела наведени во членовите 174 и 176 од овој законик.[50]

Убиство извршено во состојба на силна душевна раздразнетост е казниво со затвор во траење од една до десет години, а казната за убиство од небрежност е затвор од шест месеци до пет години.[51]

Измените и дополнувањата на Кривичниот законик од 2019 година воведоа нов квалифициран (тежок) облик на убиство, т.е. лишување од живот на лице поради побуди засновани врз национална/државјанска припадност, јазик, религиозно уверување или недостаток на религиозно уверување, боја на кожата, род, родов идентитет, сексуална ориентација или поради поврзаност со лица кои имаат некои од горенаведените заштитени карактеристики. Според тоа, кривичното дело родово-базирано убиство е пропишано како квалифициран (тежок) облик на убиство и е казниво со затвор во траење од најмалку десет години или доживотна казна затвор.[52] Меѓутоа, од дефиницијата се чини дека родово-базирано убиство може да се изврши од маж или жена против маж или жена, па така фемицидот

[50] Кривичен законик, член 173.

[51] Кривичен законик, членови 174 и 175.

[52] Кривичен законик, член 173 став 1 точка 1.10.

не е конкретно дефиниран како кривично дело. Без оглед на тоа, јасно е дека оваа дефиниција вклучува *родово-базирано убиство на жена*, што е фемицид во согласност со општоприфатените дефиниции.

Со оглед на тоа што родово-базирано убиство е квалифицирано (тешко) убиство или тешко кривично дело,[53] Одделот за тешки кривични дела на основните судови има надлежност да суди за оваа материја, а овие предмети се пресудуваат од совети од тројца судии.[54]

Со измени и дополнувања на Кривичниот законик од 2019 година беше внесено и семејното насилство[55] и тоа беше дефинирано како физичко, психолошко или економско насилство или злоставување со намера да се повреди достоинството на друго лице во контекст на семејна врска. За ова кривично дело е пропишана парична казна или затвор во траење до три години. Многу е важно тоа што Кривичниот законик пропишува дека кога кривичното дејствие е извршено во контекст на семејна врска, тоа ќе се смета како отежнувачка околност. Семејна врска постои меѓу лица кои се или биле свршени, се или биле венчани, се или биле во вонбрачна заедница, живеат или живееле во заедничко домаќинство; користат иста заедничка куќа/стан и се поврзани со крвна врска, брак, посвојување, сродство со роднини на сопружникот или однос меѓу старател и штитеник, вклучувајќи родители, дедо и баба, деца, внуци, браќа и сестри, тетки, вујни и стрини, тетини, вујковци и стриковци, внуци; или лица кои се родители на дете под заедничка грижа.[56] Треба да се истакне дека Законот за заштита од семејно насилство[57] го уредува донесувањето на заштитни мерки и пропишува санкции за непридржување кон нив, додека Кривичниот законик пропишува санкции за самото семејно насилство.

Неодамна усвоената Национална стратегија за заштита од семејно насилство и насилство врз жени 2022-2026 година[58] утврдува дека

[53] Закон за кривичната постапка, бр. 08/L-032, член 21.

[54] Закон бр. 06/L-054 за судовите.

[55] Кривичен законик, член 248.

[56] Кривичен законик, член 113 став 25.

[57] Закон бр. 03/L-182 за заштита од семејно насилство.

[58] Стратегија за заштита од семејно насилство и насилство врз жени 2022-2026 година, достапна на: https://kryeministri.rks-gov.net/wp-content/uploads/2022/05/ALB-Strategjia-Kombe%CC%88tare-pe%CC%88r-Mbrojtje-nga-Dhuna-ne%CC%88-Familje-dhe-Dhuna-ndaj-Grave-2022-%E2%80%93-2026.pdf

семејното насилство и насилството врз жени се меѓу најраспространетите облици на насилство и повреда на човековите права и дека семејното насилство останува еден од најсериозните проблеми со кои се соочува општеството во Косово. Според Стратегијата, приоритет е борбата против семејното насилство и родово-базираното насилство преку следниве стратешки цели: преземање одговорност за приоритетно третирање на сите случаи на семејно насилство и насилство врз жените; обезбедување доволно човечки, финансиски и инфраструктурни ресурси во борбата против таквото насилство; обезбедување пристап до интегрирани квалитативни услуги; гарантирање правда за жртвите и оние кои преживеале насилство; обезбедување реинтеграција и зајакнување на жртвите и оние кои преживеале семејно насилство и насилство врз жените; казнување, ресоцијализација и рехабилитација на сторителите и подигање на свесноста на општеството против семејното насилство и насилството врз жените.

## Судско истражување на фемицид

### *Квантитативни податоци*

Не постои официјална статистика која води евиденција и објавува податоци за фемициди, особено имајќи предвид дека фемицидот не е инкриминиран како посебно кривично дело. Врз основа на поднесено барање, јавните институции, како што се Полицијата на Косово и Судскиот совет на Косово, можат да дадат некои официјални податоци. Меѓутоа, овие податоци често не (ќе) успеваат да ги опфатат сите потребни информации, а понекогаш податоците не се совпаѓаат, па затоа не се сигурен извор на информации. Недостигот на официјални статистики за родово-базирано насилство, семејно насилство и фемицид претставува пречка за подигнувањето на свесноста за борбата против овие појави. Статистичкиот јаз во Косово е одразен и во препораките на Секретаријатот на GREVIO, според кои, меѓу другото, (i) властите во Косово треба да го прошират опсегот на податоците собрани од полицијата и другите безбедносни агенции и судството за да ги опфатат сите облици на насилство спрема жените и да се обезбеди таквите податоци да се расчленети според пол, возраст и врска меѓу жртвата и сторителот; и (ii) властите во Косово треба да обезбедат доволен обем на податоци собрани од социјалните служби и засолништата за да се осигури тие да се однесуваат на сите облици на насилство во согласност со Истанбулската конвенција, преку расчленување на податоците според пол, возраст и врска жртва-сторител, како и други релевантни категории како што е статусот на попреченост.

Имајќи ги предвид сите горенаведени ограничувања, според достапните податоци, во периодот 2018-2022 година, во Република Косово биле извршени дваесет (20) фемициди и четири (4) обиди за фемициди. Сепак, во јули 2023 година, за истражувањето беа достапни само пет (5) правосилни и извршни пресуди. Истражувачката студија,[59] што беше реализирана во 2023 година, покажа дека:

- сите убиства на жени биле извршени од мажи во контекст на семејна врска;
- три од пет случаи биле оквалификувани како квалифицирано (тешко) убиство, лишување од живот на член на семејството, еден случај бил оквалификуван како квалифицирано (тешко) убиство со умисла за извршување две или повеќе убиства, а еден случај бил оквалификуваан како тешка телесна повреда со смртна последица;
- ниту едно од убиствата не било оквалификувано како квалифицирано (тешко) убиство мотивирано од родот;
- во просек сторителите биле санкционирани со казна затвор од дваесет и четири (24) години;
- во некои случаи олеснувачките околности не биле добро оценети;
- не бил употребен родово дискриминаторски јазик, жртвите не биле обвинети, ниту делото било на кој било начин оправдано во образложението на пресудите.

## Студии на случај

Кус опис на избраната судска пракса дава информации за два случаи (судски предмети), додека целосниот национален извештај дава детална анализа на пет судски предмети.

### *Случај бр. 1*

Сторителот ги застрелал сопругата и ќерката, отворајќи ја вратата од куќата и веднаш пукал рафално кон нив, со автоматска пушка АК-47. Претходно истиот ден, сторителот со членовите на неговото семејство ја посетил сопругата која со децата престојувала во домот на нејзината братучетка. Тој сакал да се смири со неа, но таа одбила. Подоцна истиот ден, сторителот ѝ испратил голем број заканувачки пораки, а таа го пријавила во полиција. Досега многупати бил насилен кон неа, вклучувајќи го последниот

[59] Ќе биде објавена во зимата 2023 година.

инцидент што се случил во јавност, за време на свадба, поради што бил лишен од слобода во траење од 30 дена. Тој бил воен ветеран.

Тој во текот на судската постапка го признал делото, но тврдел дека ненамерно ги убил жртвите, односно, сакал да го убие братот на неговата сопруга, сметајќи дека тој бил одговорен за целата ситуација. Исто така, било констатирано дека сторителот боледувал од посттрауматско стресно растројство (ПТСР), поради фактот што бил воен ветеран, затворен во Србија. Членовите на неговото семејство го опишале како често агресивен, нетрпелив и чувствителен по отслужувањето на казната затвор. Меѓутоа, психијатриското вештачење покажало дека тој ниту имал привремени или трајни психички нарушувања, ниту, пак, имал намалена способност да управува со своите постапки во моментот на извршување на кривичното дело.

Податоците за жртвата во пресудата се оскудни – таа се омажила преку старата традиција на посредување со стројници, со сторителот имала пет деца и од него многу пати била физички злоставувана.

Сторителот бил обвинет и осуден за квалифицирано (тешко) убиство (убиство со умисла на две или повеќе лица) и за неовластено поседување, контрола и држење оружје. Првостепениот суд со првата пресуда го осудил на 24 години затвор. Олеснувачки околности биле признавањето на вина и чувството на каење, додека отежнувачки околности биле високиот степен на инволвираност во кривичното дело и степенот на умисла. Апелациониот суд ја преиначил пресудата и го осудил сторителот на доживотен затвор. Меѓу другото, во пресудата е наведено дека не биле соодветно оценети отежнувачките околности, особено упорноста на сторителот во извршувањето на кривичното дело, начинот на извршување на кривичното дело (рафално пукање од автоматско оружје), доведувањето во опасност на други лица кои биле присутни во куќата, како и претходното насилство врз жртвата (сопругата). Врховниот суд наредил предметот да се врати на повторно судење поради делумно признавање на вината.

Основниот суд во повторното судење во основа го констатирал истото како и во првата пресуда и повторно го осудил сторителот на 24 години затвор. Овој пат меѓу олеснувачките околности биле внесени неговата економска состојба, неговата возраст, правилното однесување пред судот и изразеното каење. Како отежнувачки околности се сметале неговите претходни осуди за насилство врз сопругата (жртвата) и начинот на извршување на делото.

Апелациониот суд со втората пресуда го огласил обвинетиот за виновен за квалифицирано (тешко) убиство на две или повеќе лица и неовластено поседување, контрола и држење оружје и го осудил на единствена казна затвор во траење од триесет (30) години. Апелациониот суд повторно констатирал дека олеснувачките и отежнувачките околности не биле добро оценети од страна на Основниот суд, особено тоа што: сторителот претходно бил насилен кон жртвата; кривичното дело било извршено во куќата на семејството на жртвата каде што таа се криела со нејзините деца; кривичното дело било извршено во присуство на членовите на семејството на жртвата; сторителот ја убил и неговата малолетна ќерка; и ја покажал својата силна решителност и упорност да го изврши кривичното дело.

## Коментар

Во времето на извршување на фемицидите (2018 година), квалифицирано (тешко) убиство од побуда сврзана со родот сè уште не било воведено како кривично дело во Кривичниот законик. Поради тоа, судовите го оквалификувале ова кривично дело како квалифицирано (тешко) убиство, т.е. намерно убиство на две или повеќе лица. Од моментот на поднесување на обвинителниот акт до правосилната пресуда изминале 2,5 години, период што ги исполнува критериумите за правото на судење во разумен рок. Во образложението на сите пресуди не бил употребен сексистички или понижувачки јазик кон жртвите. Сепак, водењето на постапката од страна на Основниот суд заслужува посебно внимание. Ова бил еден од типичните облици на фемицид, случај во кој како последица на долготрајното семејно насилство бил извршен фемицид. Основниот суд не го согледал соодветно тој факт. Исто така, по првата пресуда на Апелациониот суд, во која овој второстепен суд изнел неколку коментари поврзани со образложението во првостепената пресуда, се чини дека Основниот суд при повторното судење не обрнал внимание на насоките и образложението од пресудата на Апелациониот суд. Покрај тоа, Основниот суд како олеснувачки ги оценил следниве околности: економската состојба на сторителот, неговата возраст и неговото правилно однесување пред судот. Ниту една од наведените околности не треба да се смета како олеснувачка во овој случај. Економската состојба не е релевантна за фемицид. Сличен заклучок може да се извлече и во однос на возраста на сторителот, која е

целосно ирелевантна. Конечно, правилното однесување пред судот е нешто што треба да биде стандардна одлика во секое судење, а во случаи кога сторителот не се однесува правилно пред судот, судијата има различни процесни можности (на пример, да го казни сторителот итн.).

Треба да се истакне дека Апелациониот суд ја прифатил оценката на Основниот суд во однос на олеснувачките околности, иако имал можност да ја исправи. Од друга страна, ниту отежнувачките околности не биле добро оценети. Така, Апелациониот суд ги оценил следниве отежнувачки околности, кои не биле опфатени со пресудата на Основниот суд: претходно семејно насилство од сторителот врз жртвата; фактот дека делото било извршено во домот на семејството на жртвата пред очите на нејзината мајка, браќата и децата; фактот дека сторителот ја убил својата малолетна ќерка; фактот дека жртвите со ниту едно дејствие не придонеле за кривичното дело; и решеноста на сторителот да го изврши кривичното дело. Меѓутоа, не е јасно зошто Апелациониот суд во втората пресуда одлучил сторителот да го казни со 30 години затвор, имајќи предвид дека тој со првата пресуда на Апелациониот суд бил осуден на доживотен затвор.

### *Случај бр. 2*

Сторителот по претходна борба со сопругата ја убил со пиштол „берета“ кога таа излегувала од куќата, испукувајќи во неа 15 куршуми. Еден сведок сведочел дека по пукањето сторителот се приближил до жртвата и рекол „мајчина курва“. Исто така, сторителот ѝ се јавил на сестрата на жртвата и ладнокрвно ѝ рекол „Ја убив, таа умре“. Според ќерките на жртвата, односот меѓу сопружниците бил добар до две недели пред убиството, кога таа забележала дека сторителот го променил однесувањето, т.е. се однесувал на контролирачки начин и станал агресивен. Жртвата на денот на убиството им кажала на ќерките дека сторителот ја претепал и ѝ се заканувал со оружје. Сторителот бил таксист од средна економска класа, претходно разведен и татко на три деца. Лекарскиот преглед покажал дека во моментот на убиството бил пресметлив и душевно здрав. Жртвата била вдовица, која сама ги одгледувала своите ќерки. Потоа се омажила за сторителот и тие се преселиле во Швајцарија, но таа таму не била среќна и сакала да се врати во Косово. Сторителот во текот на судењето тврдел дека не ја убил сопругата намерно, дека живееле во хармонија и без насилство и

дека нејзиното неразумно однесување во критичната ноќ предизвикало во неговиот ум „немерливи чувства на гнев и вознемиреност“.

Делото било оквалификувано како квалифицирано (тешко) убиство, убиство на член на семејство во врска со неовластено поседување, контрола и држење оружје, а Основниот суд на сторителот му ја изрекол казната доживотен затвор. Основниот суд не нашол олеснувачка околност, а имало многу отежнувачки околности кои биле многу добро елаборирани. Некои од отежнувачките околности биле: општествениот ризик од сторителот (15 испукани истрели од него); степенот на кривична одговорност (предумисла, навреди); последиците од кривичното дело; подмолниот начин на извршување на кривичното дело; однесувањето на сторителот по криминалниот чин (ладнокрвен став; повикување на семејството на жртвата); некаењето за време на судењето за кривичното дело против жртвата, а наместо тоа изразувањето на своето чувство на самосожалување; неговиот несоодветен однос кон ќерките на жртвата и интензитетот на емотивната болка на ќерките на жртвата. Апелациониот суд делумно ја преиначил оваа пресуда и на сторителот му изрекол казна затвор во траење од 25 години. Апелациониот суд утврдил дека имало олеснувачки околности кои првостепениот суд не ги зел предвид. На пример, дека обвинетиот бил татко на три деца, дека бил релативно стар, дека изразил жалење и им се извинил на двете ќерки на жртвата, јавно се извинил (за време на судската седница) и претходно не бил кривично осуден. Во однос на отежнувачките околности, Апелациониот суд констатирал дека дел од отежнувачките околности, всушност, биле олеснувачки, особено однесувањето на обвинетиот по извршувањето на кривичното дело (зел шамија од жртвата и го покрил трупот). Исто така, наведено е дека убиството не било извршено на подмолен начин и дека тоа што обвинетиот го повикал семејството на жртвата не требало да се смета како отежнувачка околност, туку како едноставен факт на информирање на нејзиното семејство.

### Коментар

Ова фемицид бил оквалификуван како квалифицирано (тешко) убиство на член на семејството, но можел да биде оквалификуван и како квалифицирано (тешко) убиство од побуди сврзани со родот, а потоа тоа што жртвата била член на семејството ќе се сметало како отежнувачка околност, како што предвидувал Кривичниот

законик. Санкцијата изречена од Апелациониот суд е многу блага, а олеснувачките и отежнувачките околности не биле добро елаборирани. Апелациониот суд како олеснувачка околност го оценил тоа што сторителот бил татко на три деца што, според нашето мислење, може да се оцени само како отежнувачка околност, имајќи го предвид фактот дека тој ја убил сопругата, т.е. извршил убиство во семеен контекст. Понатаму, неговата поодмината возраст е сосема ирелевантна за проценка на неговата вина. Тоа што претходно не бил кривично осудуван, иако вообичаено се користи како олеснувачка околност, според нас не треба да се смета како олеснувачка околност, бидејќи мнозинството од населението не било претходно осудено. Според тоа, претходните кривични осуди можат да се оценат како отежнувачка околност, додека отсуството на претходни кривични осуди не е олеснувачка околност. Исто така, неговото каење и јавното извинување за време на судската седница може да се смета како негов напор да го намали нивото на сопствената одговорност и негов обид да се прикаже како добра личност. Конечно, Апелациониот суд не ја објаснил причината за неговата одлука да не го третира овој фемицид како убиство извршено на подмолен начин, имајќи предвид дека тој пукал во жртвата 15 пати користејќи незаконски поседуван пиштол.

# ЦРНА ГОРА

## Правна рамка

Кривичниот законик на Црна Гора не го инкриминира фемицидот. Меѓутоа, како и во другите држави, инкриминирани се неколку видови на убиства. Основниот облик е убиство, кривично дело против животот како објект на заштита (покрај тоа, објект на заштита во истиот оддел на КЗ е и телесниот интегритет). Меѓу кривични дела против животот спаѓаат:

- Убиство (чл. 143 КЗ);
- Тешко убиство (чл. 144 КЗ);
- Убиство на миг (чл. 145 КЗ);
- Убиство на дете при пораѓање (чл. 146 КЗ);
- Лишување од живот од сочувство (чл. 147 КЗ);
- Небрежно лишување од живот (чл. 148 КЗ).

Основниот облик на убиство се состои во противправно лишување од живот на друго лице, кога не постојат посебни околности кои го отежнуваат или привилегираат кривичното дело. Објект на заштита кај ова кривично дело е животот на човекот или правото на живот, како едно од основните човекови права.

Извршител на ова кривично дело може да биде секое лице, а во однос на вината се бара умисла. Кривичното дело е сторено со умисла кога сторителот бил свесен за своето дело и сакал да го изврши или кога сторителот знаел дека може да го изврши делото и се согласил да настапат штетните последици (чл. 15 КЗ). Кривичниот законик за ова кривично дело пропишува казна затвор од 5 до 15 години.

Квалифицирано (тешко) убиство постои кога начинот на извршување на убиството, околностите под кои било извршено убиството или лицето врз кое било извршено убиството му дава поголем степен на тежина и опасност, заради што законот пропишува построга казна. Квалификуваните (тешките) убиства се убиства со умисла. Умислата на сторителот треба да опфати лишување од живот на друго лице и отежнувачка околност што предизвикува убиството да е квалифицирано (тешко). Постојат повеќе облици на квалифицирано (тешко) убиство, кои се разликуваат според: начинот на извршување, побудата на сторителот, околностите на извршувањето и последиците и карактеристиките на пасивниот субјект. Секое лице може да биде сторител на ова кривично дело.

За кривичното дело квалифицирано (тешко) убиство пропишана е казна затвор од најмалку 10 години или долготраен затвор на поединец:

- кој лишува од живот друго лице на свиреп или подмолен начин;
- кој лишува од живот друго лице при безобѕирно насилничко однесување;
- кој лишува од живот друго лице и притоа намерно го доведува во опасност животот на уште некое лице;
- кој лишува од живот друго лице од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобѕирна одмазда или од други ниски побуди;
- кој лишува од живот службено или воено лице при вршење службена должност или во врска со извршување службена должност;
- кој лишува од живот дете или бремена жена;
- кој лишува од живот член на своето семејство или семејна заедница кого претходно го злоставувал;

- кој намерно лишува од живот неколку лица, а не се работи за убиство на миг, убиство на дете при пораѓање или лишување од живот од сочувство.

Казната долготраен затвор не може да биде пократка од 30 години или подолга од 40 години.

Покрај тоа, Кривичниот законик на Црна Гора го пропишува кривичното дело семејно насилство од кое настапила смрт на член на семејство или член на семејна заедница (чл. 220, став 4) како посебен, потежок облик на кривичното дело семејно насилство.

Согласно Законот за заштита од семејно насилство,[60] семејното насилство е дејствие или пропуштање на член на семејството кое го загрозува физичкиот, психичкиот, сексуалниот или економскиот интегритет, менталното здравје и спокојството на друг член на семејството или семејната заедница, без оглед на местото каде што било извршено. Овој закон не го дефинира насилството врз жените, туку дава само општа дефиниција на концептот на семејно насилство. Законот пропишува повеќе видови на заштитни мерки кои би можеле да се применат против сторител на насилство.

Има проблем во однос на правната квалификација на делото семејно насилство, односно при одлучување дали делата на семејно насилство треба да се гонат како прекршоци согласно Законот за заштита од семејно насилство или како кривични дела согласно Кривичниот законик. На овој начин се нарушува правната сигурност бидејќи е невозможно врз основа на законот со сигурност да се предвидат последиците од дејствие или пропуштање. Многу е важно црногорската правна рамка јасно да прави разлика меѓу прекршочна и кривична одговорност во случаите на семејно насилство.

## Судско истражување на фемицид

Истражувањето на општествениот и институционалниот одговор на фемицид во Црна Гора беше спроведено од СОС Никшиќ.[61] Сеопфатна анализа е достапна во националниот извештај.

[60] Закон за заштита од семејно насилство, Службен лист на Црна Гора, бр. 046/10 од 06.08.2010 и 040/11 од 08.08.2011 година.

[61] Beker Kosana (уред.), Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Crnoj Gori, SOS Nikšić, Nikšić, 2023 година, достапно на: https://sosnk.org/wp-content/uploads/2023/04/Drustveni-i-institucionalni-odgovor-na-femicid-u-Crnoj-Gori-1.pdf

### *Квантитативни податоци*

Во периодот од јануари 2015 година до декември 2019 година, во Вишиот суд во Подгорица и во Вишиот суд во Бијело Поље имало 10 завршени судски предмети. Шест од нив се сметаат како фемицид – убиство или обид за убиство на жена од страна на маж. Во сите случаи на фемициди и обиди за фемицид, сторителот и жртвата биле во брачна, емотивна или семејна врска (сопружник/поранешен сопружник, интимен партнер, син, внук).

*Профил на сторителите*

Повеќето од сторителите претходно не биле кривично осудени. Сторителите главно не признавале дека го извршиле делото. Некои сличности се констатирани во сите анализирани судски предмети, но главно недостасуваат податоци за семејната и личната анамнеза на сторителите и не се знае дали сторителите биле зависни од алкохол или дрога во периодот пред да извршат фемицид, бидејќи овие факти не се наведени во пресудите.

Сторителите покажале значителна бруталност при извршувањето на кривичните дела врз жените, а по убиството останале ладнокрвни, се однесувале нормално или побегнале од местото на настанот. Тие употребувале физичка сила (удирање, гушење и давење), разновиден алат (чекан, метална лажица и сл.), ладно оружје (нож), како и огнено оружје (пиштол, пушка, бомба и експлозивна направа).

*Профил на жртвите*

Имало седум жртви на фемицид/обиди за фемицид во шест предмети. **Пресудите содржат многу малку информации или не содржат информации за жртвите.** Во најголемиот дел од предметите нема информации за образованието на жртвите, местото на нивното раѓање, бројот на деца, вработеноста или други важни информации. Според достапните податоци, половина од жртвите биле на постара возраст (три жртви биле постари од 65 години), две жртви биле на возраст од 40 до 65 години, а една жртва била во возрасната група од 18 до 30 години.

Односот меѓу сторителите и жртвите пред фемицидот главно бил многу тежок и проблематичен. Меѓу жртвите има само неколкумина кои го пријавиле насилството и тие не добиле ефикасна заштита, што би спречило натамошно насилство и (обид за) убиство.

Судот изречно ја навел побудата за извршување на кривичното дело во еден предмет, така што истакнал дека сторителот ги ставил емоциите пред нејзиниот живот, се водел од неговата себичност и желбата *жртвата да му припаѓа само нему, а бидејќи таа одбила, ѝ го одзел животот.* Во два случаи во кои сторителите ги убиле сопругите со кои биле во процес на развод, непосредна причина за кривичното дело, според исказите на сторителите, била нивната желба да се гледаат со своите деца. Заедничко за двата случаи е повеќегодишниот период на брутално насилство што сторителите го вршеле врз жртвите и децата. Сторителите покажале гнев бидејќи изгубиле контрола над жртвите и децата.

*Олеснувачки и отежнувачки околности*

При оценувањето на видот и тежината на кривичната санкција, надлежниот суд не секогаш на соодветен начин ги оценувал олеснувачките и отежнувачките околности. Покрај тоа, тие се наведени многу воопштено и широко. Како олеснувачки околности, судот ги зел предвид следниве околности: фактот дека сторителот претходно не бил кривично осудуван; имал лични здравствени проблеми, имено, во текот на судската постапка додека бил приведен, сторителот добил *мозочен удар што довел до психо-органски синдром*; фактот дека делото го извршил во состојба на значително намалена пресметливост.

Како отежнувачки околности во пресудите се наведени: крвната врска меѓу сторителот и жртвата; фактот дека жртвата била единствената која се грижела за сторителот и финансиски го поддржувала; фактот дека жртвата била постаро лице (78 години), а сторителот претходно бил кривично осудуван, меѓу другото, и за насилни кривични дела.

Во однос на санкциите, судот во два случаи на сторителите им ја изрекол мерката задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа. Сторителот во еден случај бил осуден на 20 години затвор и му била изречена мерката задолжително психијатриско лекување. Во еден случај сторителот бил осуден на 19 години затвор, додека во друг случај сторителот бил осуден на 20 години затвор. Во последниот случај била изречена затворска казна од 2 години и 10 месеци, според спогодбата со која обвинетиот признал вина.

Беше забележано дека судот ретко ја објаснувал родовата димензија на случаите, претходното насилство и пријавите за насилство. Судот во еден

од случаите никаде не навел дека жртвата била подложена на семејно насилство низа години пред извршувањето на кривичното дело, па дури и непосредно пред да биде извршено кривичното дело убиство. Постоењето на семејно насилство се заклучувало од исказите на сведоците, но судот не навлегувал во односот меѓу сторителот и жртвата, што значи дека не била земена предвид родовата димензија на стореното кривично дело.

## Студии на случај

Кусиот опис на избраните судски предмети дава некои важни информации за два случаи, а целосниот извештај за државата презентира детална анализа на пет случаи (судски предмети).

### *Случај бр. 1*

Во 2018 година С.Е. бил обвинет за кривичното дело квалифицирано (тешко) убиство. Судот во пресудата навел дека сторителот намерно и на свиреп начин ја лишил П.Д. од живот, иако бил свесен за забранетоста на неговите постапки. Тој го извршил кривичното дело така што дошол во нејзиниот стан, ја удирал повеќе пати со тап предмет и со рацете, па потоа ѝ ги држел затворени носот и устата и притиснал со колената врз нејзините гради, што довело до нејзино задушување.

Судот му изрекол затворска казна на сторителот во траење од 20 години и му ја изрекол мерката задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа.

Сторителот С.Е. живеел во истиот град со жртвата; завршил средно економско училиште, бил невработен, неженет, без деца, средноимотен, неосудуван. Најмалку пет години пред извршувањето на кривичното дело имал лоши односи со повеќето членови на неговото семејство. Тој ретко контактирал со родителите. Со години не сакал да има никаков контакт со мајка си. Тој често барал пари на заем од членовите на неговото потесно и пошироко семејство, па повеќето од нив се дистанцирале од него. Единствениот член на семејството кој цело време останал со него била неговата тетка, која тој ја убил. Таа го сожалувала, често му давала пари, се залагала за негово вработување и во неколку наврати барала од неговото потесно семејство „да направи нешто и да му помогне, но нејзиното залагање не наишло на нивното разбирање“. Во стручното мислење било наведено дека се работи за лице со интелектуален капацитет

под просечното ниво. Сторителот не изнел својата одбрана во текот на постапката. Тој не признал дека сторил кривично дело и изјавил дека во конкретниот случај се работело за монтиран судски процес, па оттаму тој не сакал да каже ништо.

Жртвата била тетка на сторителот. Таа имала 78 години, живеела сама во градот во свој стан. Била пензионерка со пензија која била висока во однос на црногорските стандарди, а дополнително била финансиски помагана од нејзината ќерка која живеела во странство. Таа била во добра здравствена состојба за нејзината возраст. Имала добри семејни и социјални врски. Таа била единствената личност која постојано му пружала помош и поддршка на сторителот. Еднаш го пријавила сторителот во полиција, но кога полициските службеници ја прашале дали и понатаму останува на пријавата поради насилство врз неа, таа одговорила негативно бидејќи „се сожалила" за сторителот. Таа извесен период пред да биде убиена им кажувала на луѓето кои доаѓале да ја посетат дека нејзиното семејство имало проблеми со С.Е.

Судот ги зел предвид претходната неосудуваност на сторителот, личните околности, т.е. фактот дека во текот на судската постапка, додека бил во здравствена установа, обвинетиот доживеал „мозочен удар што довел до психо-органски синдром", како и дека кривичното дело го извршил во состојба на битно намалена пресметливост, предизвикана од гранично растројство на личноста „што претставува потешко душевно растројство". Судот како отежнувачки околности ги сметал крвната врска на сторителот со оштетената, фактот дека таа била единствената која се грижела за него и му помагала финансиски и фактот дека таа била старо лице.

### Коментар

Судот главно ниту се занимавал со детално испитување и анализа на претходниот однос меѓу сторителот и жртвата и насилството што тој претходно го извршил врз жртвата, ниту ги земал предвид јасно изразените родови димензии на извршеното кривично дело.

Фактот дека жртвата одбила да поднесе пријави за семејно насилство може да се објасни со нејзиниот страв од сторителот, но и со патријархалното сфаќање дека сторителот е нејзин роднина и дека

секој проблем, дури и очигледното психолошко насилство, треба да остане во рамките на семејството. Недовербата во институциите може исто така да биде причина за повлекување на веќе поднесената пријава за насилство. Очигледно е дека надлежните органи не реагирале адекватно и не ги препознале ризиците од убиство.

### *Случај бр. 2*

Во друг анализиран случај, во кој имало обид за убиство, каде што државниот обвинител и сторителот склучиле спогодба за признавање на вина, судот ја прифатил спогодбата и го осудил сторителот на казна затвор во траење од две години и 10 месеци.

Според податоците на случајот, Р.Е. ја избодел А.Е. зад еден ресторан. Таа се здобила со тешки телесни повреди. Нема информации за односот меѓу сторителот и жртвата. Од списите на предметот очигледно е дека Р.Е. го испланирал и извршил кривичното дело со умисла.

Р.Е. завршил основно училиште и работел како продавач на пазар, бил оженет, без деца и, како што самиот изјавил, бил средноимотен. Сторителот пет години пред обидот за убиство бил осуден за кривичното дело загрозување со опасно орудие и му била изречена парична казна во износ од 400 евра. Во списите на предметот нема информации за жртвата, освен дека е од женски пол.

### Коментар

Во овој случај бил применет правниот институт спогодување за вината. Овој правен институт ги става жртвите на насилство во незавидна положба, имајќи предвид дека не е потребна нивна согласност за склучување на ваква спогодба. Сметаме дека ваквото законско решение не е адекватно и дека, според решенијата во споредбеното право, за одредени категории кривични дела – како што се кривичните дела против животот и телото и оние кои се однесуваат на половата слобода, но и за други дела на родово-базирано насилство, би било неопходно да се пропише обврска

обвинителот да добие согласност од жртвата, доколку тоа е можно. Во случаите на фемицид, согласност за склучување спогодба треба да дадат оштетените страни (роднините), бидејќи така би бил почитуван легитимниот интерес на жртвата на кривичното дело да се оствари правичен исход на постапката. Исто така, сметаме дека е неопходно да се пропише можност жртвата, односно оштетеното лице да поднесе жалба доколку пресудата е донесена врз основа на спогодба која не била одобрена од жртвата/оштетеното лице или ако пресудата не е во согласност со склучената спогодба.

Истражувањето го сметаше овој случај за фемицид, иако поради непресметливоста на сторителот не било можно да се утврди побудата за извршување на кривичното дело, а во пресудата не се дадени информации бидејќи пресуда донесена врз основа на спогодба за признавање на вина не содржи детални информации за околностите поврзани со начинот на извршување на кривичното дело, претходниот живот на обвинетиот и неговиот однос со жртвата. Затворската казна од две години и 10 месеци е очигледно несоодветна за стореното кривично дело обид за убиство. Според одредбата во Кривичниот законик, сторителот можел да биде казнет од пет до 15 години затвор или поблага казна. Вака изречената блага казна, како еден од елементите на спогодбата за признавање на вината, не соодветствува на целта на изрекување кривични санкции и поради таа причина судот требало да ја отфрли спогодбата за признавање на вината.

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Правна рамка

**Северна Македонија е единствената земја во Западниот Балкан што го инкриминираше фемицидот** преку изменување и дополнување на Кривичниот законик[62] во февруари 2023 година, што подоцна ќе биде презентирано во текстот. Основниот текст на Кривичниот законик, кој досега претрпе бројни измени и дополнувања, во членот 122 го дефинира значењето на изразите и термините кои се употребени во него.

На пример, *семејно насилство* значи малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не;[63] *жртва на кривично дело* е: секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело; дете како жртва на кривично дело е малолетно лице до 18 години; под жртва на *родово-базирано насилство* се подразбира секоја жена и девојчиња на возраст до 18 години спрема кои под тие околности е сторено кривичното дело;[64] под семејство се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето живее во семејна заедница;[65] родово-базирано насилство врз жените е насилство

[62] Кривичен законик, Службен весник на Република Македонија бр. 37/96; Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на Република Македонија бр. 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017, 248/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 36/2023 од 17.02.2023 година.

[63] Член 122, точка 21 од Кривичниот законик.

[64] Член 122, точка 22 од Кривичниот законик.

[65] Член 122, точка 23 од Кривичниот законик.

насочено против жената поради нејзина припадност на женскиот род што доведува или може да доведе до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.[66]

Кривичното дело убиство[67] е дефинирано така што се користи изразот *тој што друг ќе лиши од живот*, а за тоа дело е пропишана казна затвор од најмалку пет години. Иако се чини дека дефиницијата на основниот облик на убиство е едноставна, таа, сепак, ја покажува својата сложеност кога се работи за различни облици на квалифицирани (тешки) и привилегирани убиства. Кога судот ќе донесе пресуда со која го осудува обвинетиот за кривичното дело убиство, неминовно се утврдуваат и се одмеруваат и посебните елементи што го сочинуваат законското битие на кривичното дело, покрај испитување на општите елементи на делото. Тие посебни елементи можат да се однесуваат на начинот на извршување на кривичното дело, карактеристиките на жртвата, субјективните и други околности предвидени со закон, кои го уредуваат утврдувањето на индивидуалната одговорност.

Квалифициран (тежок) облик на убиство е намерно лишување од живот на друго лице кое е сторено под особено отежнувачки околности кои се утврдени со закон, кои го подигаат степенот на тежината на кривичното дело и степенот на вината на сторителот, така што законот предвидува построга казна за ваквите кривични дела. Овој вид на убиство се разликува од обичното убиство според одредени отежнувачки околности од објективна или субјективна природа, како што се начинот на извршување на кривичното дело, карактеристиките на жртвата, побудите на сторителот итн.

Квалификуваните (тешките) облици на убиство[68] се казниви со затвор од најмалку десет години или доживотен затвор и се дефинирани како:

- » лишување на друго лице од живот на свиреп или подмолен начин;
- » лишување на друго лице од живот при вршење семејно насилство;
- » **лишување на жена или девојче до 18 години од живот при вршење родово-базирано насилство;**

[66] Член 122, точка 43 од Кривичниот законик.

[67] Член 123, став 1 од Кривичниот законик.

[68] Член 123, став 2 од Кривичниот законик.

- лишување на друго лице од живот и притоа со умисла доведување во опасност на животот на уште некое лице;
- лишување на друго лице од живот од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобѕирна одмазда или од други ниски побуди;
- лишување на друго лице од живот по порачка;
- лишување на друго лице од живот заради отстранување орган, ткиво или клетки за трансплантација;
- лишување на женско лице од живот за кое сторителот знае дека е бремена или лишување на дете од живот;
- лишување од живот на судија, јавен обвинител при вршењето на неговата функција, односно дејност, адвокат, лекар или друг здравствен работник, новинар или друг медиумски работник или друго лице што врши работи од јавен интерес при вршењето на професионалните задачи или во врска со вршењето на професионалните задачи кои ги презема во рамките на своите овластувања или службено или воено лице при вршењето на работите на јавната или државната безбедност или на должноста чување на јавниот ред, фаќање на сторител на кривично дело или чување на лице лишено од слобода.

Според ставот 3 од истиот член, со затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор ќе се казни тој кој со умисла ќе изврши лишување од живот на две или повеќе лица, за кои претходно не му било судено.

За да се оквалификува кривичното дело убиство како **убиство извршено при вршење на семејно насилство**, мора да се исполнат два услова:

- мора да постои објективна врска меѓу сторителот и жртвата што ги исполнува елементите на семејно насилство;
- мора да има свесност дека убиството се извршува во услови на насилство и насилното однесување кон жртвата мора да одразува субјективна волја за одземање живот.

Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик од февруари 2023 година беше воведено кривично дело кое е дефинирано како фемицид (иако не е наречено фемицид), а неговата дефиниција гласи вака: **лишување на женско лице или девојче до 18 години од живот при вршење родово-базирано насилство.** Имајќи на ум дека измените и дополнувањата на КЗ беа донесени неодамна, сè уште не е познато како ќе се развива судската пракса. Сепак, има голем напредок во поглед на унифицирање на судскиот одговор на фемицид.

Привилегирани убиства се:

- убиство од благородни побуди;[69]
- убиство на миг (со измените и дополнувањата од 2023 година беше додадено убиство на миг како последица на семејно насилство и родово-базирано насилство од страна на убиениот);[70]
- убиство од небрежност;[71]
- убиство на дете при пораѓање;[72]
- наведување на самоубиство и помагање во самоубиство;[73]
- противправно прекинување на бременост и присилна стерилизација.[74]

Покрај тоа, некои кривични дела кои се пропишани со Кривичниот законик се сметаат како потешки и се казниви со построги санкции доколку се извршени во случаи на родово-базирано насилство, насилство врз жени, семејно насилство или насилство од омраза. Такви кривични дела се: телесна повреда;[75] тешка телесна повреда,[76] противправно лишување од слобода[77] и загрозување на сигурноста.[78]

Новите (од 2023 година) измени и дополнувања на Кривичниот законик исто така го воведоа кривичното дело демнење, за кое е предвидена парична казна или казна затвор до три години. Беше воведено и кривичното дело полово вознемирување, за чиј потежок облик е предвидена казна затвор од шест месеци до три години.[79] Покрај тоа, беше изменета одредбата за кривичното дело полов напад и силување[80] така што таа одредба сега гласи вака: Тој што без јасно изразената согласност на друг, проценета во контекст на околностите на случајот, врз него ќе изврши полов однос или друго со него изедначено полово дејствие, што се состои во вагинална, анална или

[69] Член 124 од Кривичниот законик.

[70] Член 125 од Кривичниот законик.

[71] Член 126 од Кривичниот законик.

[72] Член 127 од Кривичниот законик.

[73] Член 128 од Кривичниот законик.

[74] Член 129 од Кривичниот законик.

[75] Член 130 од Кривичниот законик.

[76] Член 131 од Кривичниот законик.

[77] Член 140 од Кривичниот законик.

[78] Член 144 од Кривичниот законик.

[79] Член 190-а од Кривичниот законик.

[80] Член 186 од Кривичниот законик.

орална пенетрација со кој било дел од телото или предмет, или ќе наведе друго лице без неговата согласност да изврши полов однос или друго полово дејствие со трето лице, или да изврши полово дејствие врз себе си, ќе се казни со затвор од една до осум години.

Со цел да се анализира примената на горенаведените одредби од Кривичниот законик во случаите на фемицид во Република Северна Македонија, би било поучно да се даде резимиран преглед на најчестите видови на казни што судовите ги изрекувале во изминатите четири години, имајќи го предвид целокупниот контекст на кривичните инциденти. Треба да се констатира дали судските одлуки во практиката имаат тенденција да изрекуваат полесни казни, како што се условни или парични казни, поблаги во споредба со тежината на стореното кривично дело во случаи на фемицид; дали и колку се одолговлекува самата постапка; дали има имотно-правни барања за надомест на штета, дали за нив се одлучува во една иста постапка или жртвата или оштетениот/оштетените се упатуваат во парнична постапка и слично. Такво статистичко следење на состојбата во практиката е од особено значење за да се постигне поефикасен системски одговор на случаите на фемицид, со цел да се зголеми довербата во судските институции.

## Судско истражување на фемицид

Националното истражување беше реализирано на почетокот на 2023 година и опфаќа сеопфатна анализа на судската пракса во Северна Македонија во врска со фемицид.[81] Истражувањето беше реализирано од Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, со поддршка од AIRE центарот.

### *Квантитативни податоци*

Во периодот од 2018 до 2022 година имало 17 кривични постапки за фемицид во Северна Македонија, кои биле завршени со правосилни пресуди. Во второстепеното постапување од вкупно 17 завршени постапки, 14 се на подрачјето на Апелациониот суд Скопје и три на подрачјето на Апелациониот суд Битола.

[81] Габер-Дамјановска Наташа и Гајдова Габриела, Фемицидот во Република Северна Македонија – состојба, правна рамка и судска пракса (2018-2022), AIRE центар, 2023 година.

Во однос на правната квалификација на вкупно 19 кривични дела, биле водени 8 постапки за убиство извршено при вршење семејно насилство, како завршено кривично дело; биле водени 8 постапки за обид за убиство при вршење семејно насилство; а едната постапка била водена за основниот облик на убиство. Во една постапка, што првично била водена за извршен обид за убиство при вршење семејно насилство, во подоцнежниот тек на постапката била изменета правната квалификација во тешка телесна повреда при вршење семејно насилство, додека во друга постапка за убиство на свиреп начин била изменета правната квалификација така што обвинетиот било суден за основниот облик на убиство.

Сите 19 кривични дела биле извршени во стан, куќа или двор во кој живеела жртвата. Во осум случаи обвинетиот поседувал огнено оружје, во три случаи не поседувал огнено оружје, а во останатите осум случаи не било утврдено и оттаму не се знае дали сторителот поседувал огнено оружје. Сторителот го злоупотребил огненото оружје во шест случаи.

*Профил на сторителите*

Од вкупно 17 сторители на фемицид, тројца сторители се на возраст од 18 до 25 години, двајца на возраст од 25 до 32 години, четворица на возраст од 33 до 40 години, тројца на возраст од 41 до 48 години, двајца на возраст од 49 до 56 години, двајца на возраст од 57 до 65 години и еден на возраст над 65 години. Седум сторители претходно биле кривично осудувани.

Односот на сторителите кон делото бил таков што десетмина го признале кривичното дело, еден ја префрлил вината врз жртвата, еден не дал објаснување, тројца не признале, а за двајца сторители овој факт не е познат бидејќи не дале исказ во текот на кривичната постапка. Сите 10 сторители кои го признале кривичното дело изразиле каење. Од останатите седуммина, четворица не се покајале, а за тројца сторители овој факт остана непознат.

Од 17 сторители, двајца злоупотребувале алкохол, додека други двајца биле корисници на наркотични droги. При извршувањето на кривичното дело, 10 лица биле пресметливи, четворица биле во состојба на битно намалена пресметливост и тројца не можеле да се сметаат како одговорни.

*Профил на жртвите*

Во примерите од судската пракса кои се користени во ова истражување имало 19 женски жртви. Една била на возраст од 18 до 25 години, две биле на возраст од 25 до 32 години, четири биле на возраст од 33 до 40 години, три на возраст од 41 до 48 години, шест на возраст од 57 до 65 години и три на возраст над 65 години. Мнозинството од жртвите биле во сегашна или поранешна интимна партнерска врска со сторителите (пет од нив биле сопруги на сторителот, три живееле во вонбрачна заедница со сторителот, четири биле поранешни сопруги), додека останатите биле семејно поврзани (две мајки, три баби) или поврзани со лица кои биле роднини на член на семејството (т.е. тешта, снаа и сл.).

Од пресудите е утврдено дека четири жртви биле подложени на различни форми на насилство пред фемицидот или обидот за фемицид. Во другите случаи не било утврдено претходно насилство. Пет од жртвите не побарале помош или поддршка од надлежните институции, додека овој факт не е познат за останатите 14 жртви. Една од жртвите пред инцидентот пријавила во полиција дека била злоставувана од сторителот, но врз основа на нејзината пријава не биле преземени дополнителни дејствија.

*Казни*

Судот во 14 постапки ги огласил сторителите за виновни и ги осудил на казна затвор. Во три постапки била изречена мерка на безбедност (задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа), со оглед на фактот дека сторителите во моментот на делото не биле пресметливи.

Со осум од вкупно 14 пресуди била изречена казна затвор во траење до 10 години, со пет пресуди била изречена казна над 10 години затвор, а со една пресуда била изречена казната доживотен затвор. Во 12 случаи биле поднесени жалби. Шест пресуди биле потврдени, две биле потврдени по повторното судење, а четири биле укинати по повторното судење.

## Студии на случај

Националната студија за Северна Македонија дава подетален опис на случаите на фемициди и обиди за фемицид, вклучувајќи пет сеопфатно опишани студии на случај. Овде накусо се презентирани две студии на случај.

### *Случај бр. 1*

Првостепениот суд го огласил сторителот З.К. за виновен за обид за извршување на кривичното дело убиство при вршење семејно насилство.

Првостепениот суд го огласил обвинетиот З.К. за виновен за кривичното дело „Убиство“ од членот 123 став 2 точка 2 во врска со членот 19 („Обид“) став 1 од Кривичниот законик. Спомнатиот суд утврдил дека на 4.11.2020 година, во периодот меѓу 5:30 попладне и 7:30 попладне, З.К. при вршење семејно насилство врз неговата сопруга С.К. во нивната семејна куќа намерно се обидел да ја лиши од живот С.К., така што брутално ја тепал користејќи различни средства (физичка сила, кабел долг 70 сантиметри) и се заканувал дека ќе ја убие. Тоа траело два часа, до пристигнување на нивната ќерка А.К. која ја повикала полицијата.

Апелациониот суд ја уважил неговата жалба, а во повторното судење, врз основа на упатствата дадени од повисокиот суд, правната квалификација на кривичното дело била изменета од обид за убиство во тешка телесна повреда. Сторителот бил огласен за виновен за нанесување тешка телесна повреда на неговата сопруга. Не била поднесена жалба против пресудата.

Во време на обидот за фемицид, сторителот живеел во куќа со жртвата и тие имале две возрасни деца. Обајцата биле невработени и се издржувале со одржување на хигиена во згради. Тој бил на возраст од 57 години, со уреден и незабележителен изглед, а според вештото мислење и наод станува збор за личност со интелектуални способности под просечното ниво, со пасивно-агресивна структура на личноста и карактеристики на емоционална незрелост, нестабилност, инфантилност, егоцентризам, импулсивност, недоволен капацитет за одложување на импулсите, придружени со лутина и раздразнетост при мали пречки и фрустрации. Тој постојано бил во лоши односи со сопругата, обвинувајќи ја за прељуба и многу ѝ се лутел бидејќи во постапката против него за силувањето на нејзината сестра таа не застанала на негова страна, туку ја поддржувала, според него, клеветата

на нејзината сестра, поради што тој бил шест месеци во затвор. Одбраната тврдела дека немало докази дека повредите со кои се здобила жртвата биле предизвикани од удар во главата, како и дека сторителот немал намера да ја убие жртвата.

Жртвата била 57-годишна жена, педантна и со скромно однесување. Таа била личност со просечни интелектуални капацитети, но вештаците кај неа забележале разочарување, недостаток на самодоверба, песимизам во однос на иднината и чувствителност. Била вработена во три претпријатија, но по нивниот престанок останала невработена и заработувала одржувајќи хигиена во згради. Со сторителот била во брак повеќе од 38 години. Нивната врска била конфликтна и без меѓусебно разбирање и емпатија. Слично било однесувањето на сторителот кон жртвата и пред издржување на затворската казна за кривичното дело што го извршил врз нејзината сестра. Неговото однесување кон жртвата по наведената животна ситуација станало понепријателско и поагресивно. Жртвата ниту барала надомест на штета, ниту се приклучила кон кривичното гонење, а нејзината ќерка не сакала да сведочи. Со првата пресуда на сторителот му била изречена казна од 10 години затвор за обид за убиство. При повторното судење биле изведени истите докази. Правната квалификација била преиначена во тешка телесна повреда и обвинетиот го признал делото. Тој бил осуден на три години затвор.

Во првата пресуда меѓу олеснувачките околности биле вклучени: правилниот однос на обвинетиот во текот на постапката, фактот дека тој бил невработен и бил слабоимотен, дека против него не се водела постапка за друго кривично дело и дека во моментот не бил евидентиран во казнената евиденција како сторител на кривично дело, фактите кои се однесуваат на неговата возраст, дека делото останало обид, дека жртвата ниту се приклучила кон кривичното гонење, ниту, пак, барала надомест на штета. Судот како отежнувачки околности ги сметал следниве околности: видот и тежината на кривичното дело, начинот на извршување на кривичното дело, степенот на кривичната одговорност на обвинетиот, неговата претходна кривична осудуваност, заштитениот интерес и фактот дека жртвата се развела од обвинетиот. по инцидентот и живеела на друга адреса. Истите отежнувачки околности се наведени и во втората пресуда, а во однос на олеснувачките околности, покрај веќе наведените околности, судот го зел предвид и неговото признание на делото и каењето.

### Коментар

Сторителот и жртвата живееле во крајно нарушен брак повеќе од 38 години. Неговото однесување било агресивно кон жртвата дури и пред издржувањето на казната затвор за силување на нејзината сестра, а потоа се влошило. Тој ј обвинувал неа дека имала вонбрачна врска со друг маж и бил навистина гневен затоа што таа ја поддржала нејзината сестра наместо него. Сепак, судот не се занимавал со односот меѓу обвинетиот и жртвата што му претходел на кривичното дело. Исто така, судот како олеснувачка околност го сметал тоа што жртвата ниту барала надомест на штета, ниту се приклучила кон кривичното гонење. Тоа е очигледен недостаток на родова сензитивност, а првата казна била минималната казна што е предвидена за тој облик на кривичното дело убиство (казна затвор во траење од најмалку 10 години до доживотен затвор). Сторителот и претходно бил осуден, за силување на сестрата на жртвата, но судот само го навел овој факт како отежнувачка околност, без да го оценува фактот дека оштетената од тоа дело била сестра на жртвата.

Апелациониот суд констатирал дека повредите на жртвата во пределот на главата не биле потврдени од вештаците, без да земе предвид дека лекарскиот преглед на жртвата од страна на судски вештаци бил извршен еден месец по инцидентот. Покрај тоа, судот го игнорирал исказот на жртвата. Таа сведочела дека обвинетиот ја удрил по главата, велејќи дека таа треба да лежи долу наместо нејзината мајка, која била мртва, што укажува на можноста дека неговата намера била да ја убие.

Судот при повторното судење пак не го испитал односот меѓу сторителот и жртвата што му претходел на кривичното дело. Изрекувањето на казната затвор во траење од три години било засновано врз признанието на вината од страна на обвинетиот, а судот како олеснувачка околност го сметал изразеното каење на обвинетиот, а тоа, сепак, не произлегува од доказите во постапката. Слично на тоа, како и во првата пресуда, олеснувачка околност бил, меѓу другото, фактот што жртвата ниту побарала надомест на штета, ниту се приклучила кон кривичното гонење. И јавниот обвинител не покажал родова сензитивност, особено имајќи предвид дека против одлуката за времетраењето на кривичната санкција не била поднесена жалба.

### *Случај бр. 2*

Сторителот Ј.Р. бил огласен за виновен за крив ичното дело убиство бидејќи, поради претходно нарушени семејни односи, ја лишил сопругата С.Р. од живот додека вршел семејно насилство, бодејќи ја до смрт во станот на соседот.

Сторителот бил оженет и бил татко на пет малолетни деца. Тој имал завршено второ одделение и претходно бил кривично осудуван за имотни деликти (кражба и тешка кражба). Пред конкретниот кривичен инцидент, тој работел и обезбедувал егзистенција за семејството со кое живеел во изнајмен стан. Со жртвата бил во брак 15 години. Односот со жртвата бил нарушен. Во невропсихијатриско вештачење било констатирано дека во моментот на делото бил свесен за своите постапки, но, поради нарушените брачни односи со сопругата, при расправијата со неа му се зголемила психичката напнатост, што донекаде ја намалило неговата способност да управува со своите постапки, но не во значителна мера. Обвинетиот на главната расправа го признал кривичното дело.

Во списите на судскиот предмет нема многу информации за жртвата. Таа била во брак со сторителот 15 години и имала пет малолетни деца. Жртвата била невработена и живеела под кирија со сторителот и децата. Нивните односи претходно биле нарушени.

Имајќи предвид дека сторителот ја признал вината, тој бил огласен за виновен и бил осуден на казна затвор во траење од дванаесет години. Против пресудата не била поднесена жалба. Како што навел судот, биле земени предвид следниве олеснувачки околности: личните околности на обвинетиот, дека се работи за млад човек кој пред извршувањето на кривичното дело работел и обезбедувал егзистенција за своето семејство и му овозможил на неговото семејство да живее во стан под кирија, дека бил татко на пет малолетни деца, неговото однесувањето на главната расправа пред судот, дека тој ја признал вината и изразил искрено каење, дека придонел за ефикасно завршување на кривичната постапка, како и дека обвинетиот во критичниот ден бил свесен за своите постапки, но поради нарушените брачни односи со сопругата, при расправијата со сега починатата сопруга му се зголемила психичката напнатост, што донекаде му ја намалило способноста да управува со своите постапки, но не до мера што би ја довела во прашање неговата способност да расудува и да донесува одлуки. Како отежнувачки судот ги зел предвид следниве околности:

обвинетиот при извршувањето на кривичното дело постапувал со директна умисла; степенот на загрозеност на заштитениот интерес бил висок, имајќи предвид дека со извршувањето на конкретното кривично дело го повредил правото на живот на жртвата, што ужива заштита од апсолутен карактер; во конкретниот случај се работело за кривично дело извршено при вршење семејно насилство, што укажува на повисок степен на повреда на објектот на заштита; поранешниот живот на обвинетиот, т.е. претходните кривични осуди и затворската средина не му помогнале повнимателно да се однесува во иднина.

### Коментар

Пред извршувањето на кривичното дело се нарушил однос меѓу сторителот и жртвата, кои биле во брак 15 години. Тој претходно бил кривично осудуван и веќе издржал казна затвор.

При определувањето на казната, судот не се занимавал со односот меѓу сторителот и жртвата што му претходел на настанот, а за последица имал извршување на кривичното дело. Исто така, судот не ја зел предвид безобѕирноста на сторителот, т.е. фактот дека кривичниот инцидент се случил во присуство на соседот, во неговиот стан. Покрај тоа, судот го зел предвид признавањето на вината на обвинетиот, дефинирајќи го како негов придонес кон ефикасно завршување на постапката. Судот како олеснувачка околност го сметал фактот дека обвинетиот бил татко на пет деца, губејќи од вид дека со извршување на фемицидот ги оставил тие пет деца без нивната мајка.

Од друга страна, судот како отежнувачка околност навел дека бил повреден животот, како едно од законски најзаштитените добра и дека кривичното дело било сторено при вршење семејно насилство, што укажува на повисок степен на повреда на објектот на заштита. Сепак, судски изречената казна е околу законскиот минимум за конкретниот тежок облик на кривичното дело убиство (за кој е предвидена казна затвор од најмалку 10 години до доживотен затвор).

# СРБИЈА

## Правна рамка

Убиствата во Кривичниот законик на Република Србија[82] се уредени како основен облик на убиство, квалифицирани (тешки) убиства и привилегирани убиства.

Основниот облик на убиство е дефиниран на следниов начин: Тој што друг лишува од живот, ќе се казни со затвор од пет до петнаесет години.[83]

Квалификуваните (тешките) облици на убиство[84] ќе се казнат со затвор од најмалку десет години или доживотен затвор, односно, горенаведената казна е пропишана за секој кој:

- » лишува друго лице од живот на свиреп или подмолен начин;
- » лишува друго лице од живот при безобѕирно насилно однесување;
- » лишува друго лице од живот и со умисла го доведува во опасност животот на уште некое лице;
- » лишува друго лице од живот при извршување на кривичното дело разбојништво или разбојничка кражба;
- » лишува друго лице од живот од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобѕирна одмазда или од други ниски побуди;
- » лишува од живот службено или воено лице при вршењето на службената должност;
- » лишува од живот судија, јавен обвинител, заменик јавен обвинител или полициски службеник во врска со извршување на службената должност;
- » лишува од живот лице кое врши работи од јавно значење во врска со работите кои тоа лице ги врши;
- » лишува од живот дете или бремена жена;
- » лишува од живот член на неговото семејство кого тој претходно го злоставувал;

[82] Кривичен законик на Република Србија, Службен гласник на Република Србија, бр. 85/2005, 88/2005 – исправка, 107/2005 – исправка, 72/2009, 111/2009, 121/2012, 104/2013, 108/2014, 94/2016 и 35/2019.

[83] Член 113 од КЗ.

[84] Член 114, ст. 1 од КЗ.

- со умисла лишува од живот неколку лица, а не се работи за убиство на миг, убиство на дете при пораѓање или лишување од живот од сочувство, а сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку десет години или со затвор од триесет до четириесет години.

Привилегирани убиства се:

- убиство на миг, кое е дефинирано на следниов начин:[85] Тој што друг лишува од живот на миг во состојба на силна раздразнетост, во која е доведен без своја вина, преку напад, злоставување или тешко навредување од убиеното лице, ќе се казни со затвор од една до осум години;
- убиство на дете при пораѓање:[86] Мајка која го лишува од живот своето дете при пораѓањето или непосредно по пораѓањето, додека кај неа трае пореметување предизвикано од пораѓањето, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години;
- убиство од сочувство:[87] Тој што лишува од живот полнолетно лице од сочувство, поради сериозна болест на такво лице и на негово сериозно и изречно барање, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години;
- убиство од небрежност:[88] Тој што лишува од живот друго лице од небрежност, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

Кривичниот законик исто така забранува семејно насилство,[89] кое е дефинирано на следниов начин: Тој што со примена на насилство, закана дека ќе нападне врз животот или телото, со дрско или безобѕирно однесување го загрозува спокојството, телесниот интегритет или душевната состојба на член на своето семејство, ќе се казни со затвор од три месеци до три години. Ако при вршењето на семејното насилство е употребено оружје, опасно орудие или друго средство кое е подобно тешко да го повреди телото или тешко да го наруши здравјето, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. Ако поради семејно насилство настапила смрт на член на семејството, сторителот ќе се казни со затвор од пет до петнаесет години, а ако членот на семејството е малолетно лице, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку десет години.

[85] Член 115 од КЗ.

[86] Член 116 од КЗ.

[87] Член 117 од КЗ.

[88] Член 118 од КЗ.

[89] Член 194 од КЗ.

Како и во повеќето земји од регионот, **во Кривичниот законик на Република Србија нема конкретно инкриминирање на фемицидот како кривично дело.** Фемицидот може да се оквалификува како:

- основен облик на убиство;[90]
- убивање на жена што е извршено од омраза кон жените, кое може да се третира како квалифицирано (тешко) убиство кое било извршено поради други ниски побуди;[91]
- посебен квалифициран (тежок) облик на кривичното дело семејно насилство кога настапила смрт на член на семејството;[92]
- облик на квалифицирано (тешко) убиство:
  - лишување на бремена жена од живот;[93]
  - лишување од живот на член на семејството кој претходно бил злоставуван од сторителот.[94]

Членот 54 од Кривичниот законик, кој ги пропишува општите начела за одмерување на казната, утврдува дека судот кога изрекува казна треба да ги земе предвид и побудите за сторување на кривичното дело.

Покрај тоа, според членот 54а од Кривичниот законик, судот треба, како посебно отежнувачка околност при изрекување на казната, да ја земе предвид околноста дека кривичното дело било извршено од омраза што, меѓу другото, може да биде извршено поради полот, сексуалната ориентација и родовиот идентитет на жртвата, освен ако таа околност е пропишана како обележје на кривичното дело. Ова значи дека, во случај на неприменување на одредбата за квалифицирано (тешко) убиство извршено од ниски побуди, за кое законот предвидува построга казна, судот може, кога му одмерува казна на сторителот, да ја третира омразата заснована врз мизогинистички или сексистички побуди како омраза од ниски побуди.

Со примена на горенаведените одредби во сегашните услови, секако е можно да се врши кривично гонење за фемицид, но врз основа на сегашното законодавство овој облик на криминал не може прецизно да се набљудува и

[90] Член 113 од КЗ.
[91] Член 114 ст. 1 точка 5 од КЗ.
[92] Член 194 од КЗ.
[93] Член 114 ст. 1 точка 9 од КЗ.
[94] Член 114 ст. 1 точка 10 од КЗ.

сузбие; покрај тоа, така не може да се процени делотворноста и ефикасноста на државниот одговор на фемицид.

## Судско истражување на фемицид

Судското истражување на фемицид во Србија ги вклучува карактеристиките на фемицидот и санкциите изречени за фемицид и обид за фемицид, врз основа на анализирање на судската пракса при процесуирање на случаи (судски предмети) на фемицид и обид за фемицид во периодот од 2015 до 2019 година. Истражувањето беше спроведено во две фази, а резултатите од истражувањето се достапни во три студии.[95]

### *Квантитативни податоци*

Во периодот опфатен со истражувањето (2015-2019 година), целосно биле процесуирани и завршени 124 случаи (судски предмети); а од тој број имало 30 случаи на обид за фемицид (обид за убиство и обид за квалифицирано/тешко убиство) и 94 случаи на фемицид (убиство, квалифицирано/тешко убиство, убиство на миг, семејно насилство од кое настапила смрт на член на семејството).

Фемицидот бил класифициран во судските пресуди како: убиство (45%), разни квалификувани (тешки) облици на убиство (47%), убиство на миг (2%), тешка телесна повреда од која настапила смрт (3%) и семејно насилство од кое настапила смрт (3%). Повеќето од извршените кривични дела се квалифицирани (тешки) облици на убиство – 47, самостојно или заедно со други кривични дела. Вкупниот број на убиства од членот 113 од Кривичниот законик, сторени самостојно или заедно со други кривични дела, бил 45. Покрај тоа, имало две убиства на миг, три тешки телесни повреди од кои настапила смрт и три кривични дела на семејно насилство од кои настапила смрт. Повеќето од обидите за убиство биле извршени самостојно – 23, два обида биле извршени заедно со други кривични дела, а осум кривични дела биле оквалификувани како обид за извршување квалифициран (тежок) облик на убиство.

Фемицидите и обидите за фемицид почесто се случуваат во градовите отколку во селата. **И фемицидите и обидите за фемицид најчесто се извршуваат во станот/куќата/дворот на жртвата и во станот/куќата/**

[95] Достапни на: http://femplatz.org/index.php?t16

**дворот што жртвата го/ја споделувала со сторителот,** што потврдува дека најмалку сигурно и најмалку безбедно место за престој на жената, всушност, е нејзиниот дом.

Најголем дел од убиствата биле извршени со употреба на ладно оружје (35,1%) и физичка сила (21,2%), а потоа следат убиства со употреба на неколку предмети (20,2%) и огнено оружје (14,8%). Најчесто користени средства во обидите за фемицид било ладното оружје (45,4%), а потоа следи огненото оружје (21,2%) и неколку предмети користени при обидот (18,2%). Анализата на описот на методите на извршување на обидите за фемицид и фемицидите покажува дека биле употребени разни методи за извршување на кривичните дела: удирање со столб, стап, чекан, секира, хидраулична дигалка за автомобил, прачка, лопата; пукање од ловечка пушка, пиштол, фрлање бомба; прободување со нож; удирање, клоцање, удирање со тупаници по главата и телото; задушување со перница, давење; поливање со бензин и палење на жртвата со бензин. Во еден случај сторителот употребил физичка сила за да ја натера жртвата да пие хлороводородна киселина, додека во друг случај сторителот прво со рацете ја повредил жртвата (женско бебе), а потоа ја ставил во фрижидер неколку минути и ја фрлил низ прозорецот од зградата во која живееле. Сите овие методи на извршување на кривичните дела покажуваат дека сторителите во најголем дел од случаите покажале голема бруталност и суровост кон жртвите.

*Санкции*

За сторителите на фемицид преовладувала казната затвор (63,2%), а судот во 20,4% од случаите изрекол затвор и мерка на безбедност – задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, одземање предмети со кои било извршено кривичното дело или кои произлегле од него, одземање оружје и задолжително лекување на наркомани. Мерка на безбедност им била изречена само на 15,04% од сторителите, кои во моментот на извршување на кривичното дело имале „душевна болест“ и поради тоа не биле пресметливи. Должините на изречените казни затвор биле различни во зависност од видот на стореното кривично дело и од олеснувачките и отежнувачките околности. Општо земено, повеќето од изречените казни затвор биле долготрајни. Казните се движеле од три до 40 години затвор. **Казни затвор во траење од 40 години и затвор од 15 години се изречени во најголем број случаи (по 15,4%),** а потоа следи казната затвор во траење од 20 години (14,08%). Во неколку случаи на фемицид, второстепените судови одлучувајќи по жалбата изрекле казни

кои биле поблаги во споредба со оние во првостепената постапка; а тоа се должело на промената на правната квалификација на кривичното дело.

Кога станува збор за изречените казни за обид за фемицид, стапката на изрекување на казна затвор како самостојна казна или казна затвор изречена заедно со мерки на безбедност и парични казни изнесува 78%. Најблагата изречена казна била казната затвор во траење од три години и мерката за безбедност одземање на предмети кои биле употребени за извршување на кривичното дело или произлегле од него, а само во еден случај била изречена казна затвор од 20 години со две мерки на безбедност – одземање на предмети и задолжително лекување на алкохоличар. **Најголем број од казните се затвор во траење од пет години (19,2%), четири години (15,4%) и три години (11,5%).**

*Профил на сторителите*

Податоците за возраста на сторителите на фемицид и обид за фемицид во голема мера останаа непознати бидејќи биле анонимизирани, па не можат да се извлечат валидни заклучоци за тоа која возрасна категорија преовладува. Сепак, достапните податоци сугерираат дека возрасните групи од 49 до 56 години и 33 до 40 години (по 11,2%) се најчести кај сторителите на фемицид, а преовладува возрасната категорија од 25 до 56 години (39,4%) кај сторителите на обид за фемицид, што е разбирливо со оглед на природата на сторените кривични дела (насилни кривични дела, интимни партнерства).

Најголемиот дел од сторителите на фемицид во моментот на кривичното дело биле во заедница, брачна или вонбрачна. Според достапните податоци, најголемиот дел од сторителите на фемицид и обид за фемицид имале завршено средно образование или гимназија, како и основно образование. Во многу пресуди недостасуваат податоци за занимањето на сторителите, бидејќи тие податоци биле анонимизирани или судот не го навел занимањето. Исто така, недостасуваат податоци за вработеноста; но, според достапните информации, повеќе сторители на фемицид и обид за фемицид биле невработени отколку што имало вработени сторители.

Околу една третина од сторителите претходно биле осудени за разни кривични дела: убиство, лесна телесна повреда, тешка телесна повреда, кражба, тешка кражба, недозволено производство, држење, носење и промет на оружје и експлозивни материи, неовластено користење на туѓо возило,

семејно насилство, фалсификување на исправа, помош на сторителот по извршеното кривично дело. Тројца сторители на фемицид претходно биле осудени на казни затвор за повеќе кривични дела семејно насилство и по издржување на казната продолжиле да вршат семејно насилство врз истата жртва.

Сторителите на фемицид во 48,9% од случаите не конзумирале прекумерно алкохол пред да го извршат кривичното дело; прекумерна употреба на алкохол е забележана во 28,5% од случаите, додека злоупотреба на психотропни супстанци или зависност од нив беше идентификувана во 4,08% од случаите. Една третина од сторителите на обид за фемицид страдале од алкохолизам, а 15,2% биле зависници од психотропни супстанци.

Податоците за пресметливоста на сторителите на фемицид покажуваат дека за најголем број од сторителите (36,7%) е констатирано дека биле во состојба на намалена пресметливост во моментот на извршување на кривичното дело, но не битно намалена пресметливост, што значи дека биле способни за расудување и одлучување и биле свесни дека кривичното дело што го извршуваат не е во согласност со законот; 14% од сторителите биле пресметливи, а 12,2% не биле пресметливи. Слична е состојбата и кај сторителите на обид за фемицид: 36,4% имале намалена пресметливост, но не битно намалена пресметливост; околу една третина од нив биле пресметливи; а 15,2% не биле пресметливи.

Кога станува збор за односот на сторителите кон одговорноста за кривичното дело, најголем број од сторителите на фемицид не го признале кривичното дело (22,4%), нешто помалку сторители изразиле жалење и каење (14,2%) и исто толку сторители не дале образложение за стореното кривично дело или немале објаснување. Одговорноста за стореното кривично дело ја прифатиле 13,2% од сторителите, додека 7,1% од сторителите ја префрлиле одговорноста врз жртвата.

*Профил на жртвите*

Во истражуваниот примерок имаше 99 жртви на фемицид и 35 жртви на обид за фемицид. Бидејќи целата кривична постапка е насочена кон сторителот, од списите на судските предмети може сосема малку да се утврди за жртвите. Во 44,4% од судските предмети за фемицид немаше информации за возраста на жртвата, а достапните податоци покажуваат значителен удел на жени на возраст над 65 години (19,1%). Меѓу жртвите

на фемицид имало седум девојчиња, меѓу кои и две бебиња. Жртвите на обиди за фемицид се претежно помлади, на возраст до 49 години, додека уделот на постарите жртви е значително помал. Жртвите на фемицид и обид за фемицид главно биле во брак или живееле во вонбрачна заедница; сепак, информациите за образованието, занимањето и вработеноста на жртвите не можеа да се соберат и анализираат бидејќи ги немаше во судските пресуди.

Во случаите на фемицид има малку информации за жртвата бидејќи жртвите не можеле да бидат сослушани во постапката. Информациите за жртвата што ги дал сторителот обично не се објективни, бидејќи тој главно се обидувал да ја опише жртвата и нејзиното однесување како главен фактор за извршувањето на фемицидот. Дури и кога членовите на семејствата на жртвите биле сослушани како сведоци, судот не се запознал доволно со жртвата и нејзиниот живот пред да биде убиена.

Жртвите во повеќето случаи не се обратиле до надлежните државни органи и институции за помош и заштита од насилство кое било присутно пред фемицидот или обидот за фемицид. Само мал број жртви пријавиле насилство, но начинот на кој реагирале институциите на системот сведочи за нивната неефикасност и е показател за неделотворност на системот за заштита на жените од партнерско и семејно насилство.

*Претходни врски и побуди*

Најчеста врска меѓу сторителот и жртвата во случаите на фемициди и обиди за фемицид бил интимно партнерство и семејна врска. Во 40,7% од случаите на фемицид имало брачна/вонбрачна/емотивна заедница на сторителот и жртвата, а жртви во 8,1% од случаите биле поранешни сопружници или лица кои живееле во вонбрачна заедница. Оваа бројка е уште поголема кај обидите за фемицид – во 69,7% од случаите имало интимно партнерство (брачно, вонбрачно, емотивно).

Обидите за фемицид и фемицидите се одликуваат со тоа што односот меѓу сторителите и жртвите пред извршувањето на кривичното дело најчесто бил лош, нивните односи биле нарушени, на кривичното дело му претходеле несогласувања и кавги, со или без физичко насилство, особено ако се работело за интимно партнерство. Треба да се истакне дека во испитаниот примерок имаше висок процент на фемициди извршени од синови врз мајки (18,3%), дека односот меѓу нив пред извршувањето на фемицидот во повеќето случаи бил добар и дека немало конфликти.

Најчестиот мотив за извршување на фемицид била љубомората, произлезена од желбата за ексклузивно поседување на партнерката, неможноста да се контролира нејзиното однесување и да се управува со нејзиниот живот. Сторителите изјавиле дека никогаш немало да го сторат кривичното дело ако партнерката им била „верна“, ако не „нашла друг маж“, ако не ја „раскинела врската“, ако не ги напуштила, ако се договорела да се помири со нив, ако се согласила со она што тие го барале од неа. Преовладувачки побуди кај обидите за фемицид биле љубомора, одмазда заради раскинувањето на емотивна врска или брачна/вонбрачна заедница, како и омраза и одбивност поради невозвратена љубов.

*Олеснувачки и отежнувачки околности*

При одмерување на казните за фемицид, судовите во своите пресуди навеле различни олеснувачки околности во врска со брачната или семејната состојба на сторителот (број на деца, фактот дека сторителот немал деца, дека не бил во брак, но и дека бил оженет, дека „брачната заедница“ на сторителот престанала), неговата возраст (младо лице, „во поодмината возраст“, „лице на зрела возраст“), здравствената состојба („има голем број на тешки физички заболувања со компликации забележани на физички, невролошки и психички нивоа“; „психотична декомпензација доколку нема соодветна терапија, поради што одвреме-навреме добива лекарска помош“), непостоење на претходна кривична осудуваност, признавање на кривичното дело, дури и делумно признание, каење, статус на невработеност, и така натаму.

При одмерувањето на казната за сторителите на фемицид, судовите ги констатирале следниве отежнувачки околности: претходни осуди, безобѕирност при извршувањето на кривичното дело, однесување на сторителот по извршувањето на кривичното дело (сокривање на безживотното тело на жртвата и предметот употребен при извршувањето на кривичното дело; криење по извршувањето на делото), степен на вината („силна желба на сторителот да настапи последицата, интензивна упорност и предумисла“), сторителовото извршување на кривични дела дури и кога бил малолетник, присуство на деца кога било извршено кривичното дело, отсуство на вистинско каење, третман на жртвата во моментот на извршување на кривичното дело, загуба на мајката на децата и сл. Треба да се истакне дека во неколку случаи во образложението на пресудите воопшто не се наведени никакви олеснувачки или отежнувачки околности, а имало неколку пресуди во кои само се спомнува дека судот не утврдил никакви отежнувачки околности.

Како и во случаите на фемицид, судот во случаите на обид за фемицид најчесто ги земал предвид горенаведените олеснувачки и отежнувачки околности. Покрај тоа, наведени се следниве олеснувачки околности: обид за самоубиство по извршување на кривичното дело, одлука на жртвата да не учествува во кривичната постапка и да не се приклучи кон кривичното гонење, помирување на жртвата со сторителот и нејзино барање до судот да не биде строг кон сторителот. Треба да се истакне дека судот во неколку случаи како олеснувачка околност го согледал фактот дека кривичното дело било обидено и не било извршено. Обидот е една од фазите во извршување на кривично дело и може да се земе како основ за намалување на казната и да се третира како олеснувачка околност доколку со однесувањето на сторителот по неговото извршување на кривичното дело е отстранета последицата. Меѓутоа, ако кривичното дело е обидено, а не е извршено само „затоа што доврбшувањето на кривичното дело било спречено со дејствијата на жртвата" или поради некои други околности (навремено давање медицинска помош), тогаш фактот дека не настапиле последиците не може да се третира како олеснувачка околност.

## Студии на случај

### *Случај бр. 1*

Сторителот Р.Д. се обидел да ја лиши од живот неговата сопруга Р.Т. така што се доближил до возилото каде што таа седела на совозачкото седиште и кон неа испукал четири куршуми од пиштол што тој неовластено го поседувал. Куршумите биле испукани еден по друг во краток временски интервал. Нанесените повреди претставувале тешка телесна повреда опасна по живот, но смртоносниот исход бил спречен со навремен и соодветен лекарски третман. По обидот за фемицид, сторителот се обидел да се самоубие. Во пресудата се анонимизирани податоците за возраста на сторителот и за неговото образование, занимање и вработеност. Сторителот е татко на малолетно дете.

Сторителот Р.Д. најпрво се бранел молчејќи, а подоцна изјавил дека бил „*под многу силна терапија, поради што не можел целосно да ги реконструира настаните од минатото и дека не се сеќава на настаните од тој ден*". Адвокатот на сторителот, меѓу другото, исто така предложил да се склучи спогодба за признавање на вината, но Обвинителството не го прифатило предлогот. Во наодите и мислењата на вештаците е констатирано

дека сторителот бил лице со многу добри интелектуални способности и дека неговата способност да го сфати значењето на кривичното дело, како и способноста да управува со своите постапки во времето на извршување на кривичното дело била намалена, но не битно намалена.

Недостасуваат информации за возраста, образованието и семејните односи во потесното семејство на жртвата на обид за фемицид. Оштетената, која била сослушана во својство на сведок изјавила, меѓу другото, дека проблемите во нивниот брак започнале пред 10 години, дека Р.Д. ѝ се заканувал со оружје и дека таа го пријавила тоа во полиција. Тогаш ѝ било кажано дека пиштолот бил одземен. Кога сторителот подоцна ѝ се заканувал, во една прилика рекол дека ќе ја убие со тој пиштол и дека таа „скапо ќе плати" затоа што го пријавила. Насилството продолжило и кога таа поднела барање за развод, а тој постојано ѝ се заканувал дека нема што да изгуби и дека ќе ја убие. Жртвата детално го опишала настанот кога сторителот пукал во неа, а судот му подарил верба на нејзиниот исказ, како и на дел од нејзиниот исказ за фактите што му претходеле на стореното кривично дело и меѓусебниот однос во бракот со сторителот.

Сторителот бил огласен за виновен за две кривични дела, обид за убиство и недозволено производство, држење, носење и промет на оружје и експлозивни материи. Тој бил осуден на единствена казна затвор во траење од 6 (шест) години, парична казна и мерка на безбедност одземање на пиштолот.

Судот при одмерувањето на казната на сторителот ги имал предвид следниве олеснувачки околности: дека сторителот не бил претходно осудуван, дека бил татко на малолетно дете, дека во конкретниот случај немало последица од кривичното дело, односно дека кривичното дело останало во обид, дека со истиот пиштол се застрелал во главата, така што и тој бил повреден и му бил загрозен животот. Од отежнувачките околности во предвид биле земени односот на обвинетиот со жртвата, односно дека обвинетиот го извршил кривичното дело обид за убиство на сопругата и дека целта на казнувањето во конкретниот случај не би се постигнала со поблага казна.

### Коментар

Кривичното дело е оквалификувано како основен облик на убиство, но врз основа на описот како било извршено делото и земајќи ги предвид сите околности, може да се заклучи дека имало објективни и субјективни елементи за квалификување на кривичното дело како квалифицирано (тешко) убиство извршено на подмолен начин (тајно и прикриено планирање; дејствија извршени со злонамерна предумисла, злоупотреба на односот на доверба, беспомошност на жртвата и отсуство на нејзин отпор).

Казната затвор од пет години и шест месеци за кривично дело што останало обид за убиство само поради тоа што со навремено и соодветно лекување била спречена намерно планираната смрт на жртвата е преблага за да се постигне генерална и специјална превенција. Ваквата блага казна е последица на тоа што судот погрешно ги проценил олеснувачките околности, придавајќи им преголема важност. Судот утврдил дека признавањето на кривичните дела од страна на обвинетиот, што го олеснило водењето на постапката, било олеснувачка околност, како што е наведено во пресудата. Имајќи предвид дека кривичното дело обид за убиство било извршено на јавен простор, во присуство на бројни сведоци, дека биле презентирани сите докази својствени за гонење на овој вид кривично дело, нејасно е како признанието на сторителот го олеснило водењето на постапката. Од друга страна, иако од сведочењето на жртвата се дознало дека сторителот не ѝ посветил родителско внимание на ќерка си, дека неговото однесување создало лоша семејна атмосфера за растење и воспитување на ќерката и дека се обидел да ја лиши мајка ѝ од живот, судот сметал дека олеснувачка околност било тоа што сторителот е татко на малолетно дете. Покрај тоа, судот при одмерувањето на казната како олеснувачка околност го оценил фактот дека делото останало во обид и дека последиците од делото не настапиле, иако сторителот доброволно не се воздржал од извршување на делото, ниту презел нешто за да го спречи настапувањето на последиците.

Судот во овој случај не се осврнал детално на родово-сврзаниот мотив на кривичното дело, што останал необјаснет. Судот не се обидел да ги дознае причините поради кои сторителот постојано ѝ се заканувал на жртвата и судот не се занимавал со идентификување на методите кои сторителот ги користел за да ја контролира жртвата и да управува со нејзиниот живот пред конечно да се обиде да ја убие. Судот целото свое внимание го сосредоточил на самиот кривичен инцидент, не препознавајќи го насилниот начин на однесување на сторителот спрема жртвата и инструменталната природа на насилството што тој го применувал за време на бракот, остварувајќи моќ и контрола врз жртвата. Според исказот на жртвата, таа била изложена на различни форми на насилство од 2010 година, особено на смртни закани, како форма на психолошко насилство. Првата смртна закана довела до упатување на брачно советување. Не биле преземени мерки поради отсуството на сторителот на брачното советување, што очигледно го охрабрило сторителот, па тој повторно упатувал смртни закани до жртвата поради нејзиното пријавување на неговите закани. Покрај тоа, сторителот не бил кривично гонет дури и по подоцнежните пријави за смртни закани. Пиштолот не бил одземен од сторителот, бидејќи тој, според изјавата на жртвата, „имал врски во полицијата“, на која и самиот сторител ѝ се обратил. Непреземање мерки од страна на надлежните органи за заштита на жртвата од насилство од интимниот партнер е показател за степенот на неефикасност на институциите на системот кои се одговорни за спречување и заштита од семејно насилство. Во конкретниов случај, непреземањето мерки за заштита од насилство придонело жртвата да ги загуби сите надежи за добивање институционална заштита, па така таа останала и живеела со сторителот, плашејќи се за својот живот и за животот на своето дете, погрешно верувајќи дека тоа го намалило ризикот да биде убиена, што постојано ѝ висел над главата.

### *Случај бр. 2*

По вербална расправија, сторителот Ј.М., во состојба на тешка интоксикација со алкохол, ја лишил од животот жртвата В.С со која живеел во вонбрачна заедница. Сторителот го извршил убиството во соба од куќата во која заедно живееле со жртвата, удирајќи ја со тупаници и клоци, така што 16 пати ја удрил по главата и телото, па жртвата починала

на лице место, што било оквалификувано како убиство. Ј.М. во првото судење за кривичното дело убиство бил огласен за виновен. Со одлука на Апелациониот суд оваа пресуда била укината и предметот бил вратен на повторно судење. Сторителот со втората првостепена пресуда бил огласен за виновен за кривичното дело убиство на миг, што било потврдено и од Апелациониот суд.

Сторителот Ј.М. во моментот на кривичното дело имал 54 години; завршил средно градежно училиште; бил невработен, работел врз основа на договори за повремено работно ангажирање, заработувал со одгледување свињи на фарма и нивно продавање; бил разведен, имал две возрасни деца со кои не контактирал; секојдневно конзумирал алкохол во последниве 20 години, но не бил лекуван од алкохолизам. Тој претходно не бил кривично осудуван. Во моментот на извршувањето на кривичното дело во себе имал алкохол од 2,73 мг/мл, што клинички одговара на тешко ниво на алкохолна интоксикација. Тој бил во вонбрачна врска со жртвата В.С. околу две до две и пол години.

Сторителот изјавил дека со жртвата биле на прослава на крштевката на внукот на заеднички пријател. Жртвата била добро расположена и пријатно се однесувала кон него, обраќајќи му се со зборовите „*каде си, љубов моја*“, но тој забележал дека таа почнала да пие уште пред да започне прославата. Тој ја смирувал барајќи од неа **„да закочи“**, а таа му одговорила „*бегај бе таму*“. Танцувала со маж кого тој не го познавал, го фаќала за задните и предните делови од телото, го влечела, се обидела да му седне во скут. Имал впечаток дека сите го гледаат и очекуваат да направи нешто, некои дури и се смееле, што му паднало „*особено тешко*“. Нивната пријателка и нејзината ќерка се обиделе да ја смират жртвата, а и тој го правел тоа, предупредувајќи ја да престане да пие алкохол и така да се однесува. Меѓутоа, таа не го послушала, па тој се повлекол на една страна на собата, седејќи сам „*во аголот*“ затоа што се чувствувал крајно непријатно. Особено му било тешко кога жртвата „*бакнала свештеник*“ во собата за време на прославата. Според неговата изјава, тие ја напуштиле прославата со такси и воопшто не разговарале за време на возењето. Кога стигнале дома, продолжиле да пијат ракија и почнале да зборуваат за нејзиното однесување во текот на прославата. Кога ѝ рекол дека не сака да живее со неа, жртвата го опцула и се обидела да го удри.

Сторителот изјавил дека не бил свесен дека може да ја убие жртвата удирајќи ја, дека не знаел што сака, но дека му е жал што тоа се случило.

Сепак, судот не го прифатил ова. Според судот, сторителот бил пресметлив во моментот на извршување на кривичното дело, а неговата способност да го сфати значењето на неговите постапки и да управува со нив била битно намалена. Тој го сторил кривичното дело со евентуална умисла што не била планирана поради тоа што тој бил во состојба на афективна возбуда, која добила облик на силна раздразнетост.

Во пресудата недостасуваат основни податоци за жртвата В.С., годината на нејзиното раѓање, образованието, занимањето, вработеноста, информации за нејзиното примарно семејство, нејзиниот претходен живот и односот со сторителот. Одредени информации изнел сторителот, кажувајќи дека таа имала два сина и две ќерки.

Во пресудата како неспорен факт се наведува дека жртвата „*на прославата, со своите дејствија и однесување (доаѓала до други мажи, им седела во скут, ги гушкала, им ги фаќала гениталиите, ги влечела за рака за да танцуваат со неа) кај обвинетиот предизвикала субјективно чувство на понижување и афективна состојба на гнев и бес, во која состојба обвинетиот останал дури и по излегувањето од прославата, па и кога се вратиле дома, каде што обвинетиот ја лишил жртвата од живот*“.

Спорно прашање во овој случај било прашањето за правната квалификација на кривичното дело што било извршено од сторителот, кое прво било оквалификувано како убиство, а во повторното водење на постапката било оквалификувано како убиство на миг. Повисокиот јавен обвинител во текот на постапката тврдел дека сторителот го извршил кривичното дело убиство и дека од изведените докази не било утврдено дека сторителот бил во состојба на силна раздразнетост во која бил доведен без своја вина и поради однесувањето на жртвата, т.е. напаѓање, злоставување и жестоко навредување од неа. Меѓутоа, судот во текот на повторното водење на постапката утврдил дека сторителот ѝ го одзел животот на В.С. и дека тоа било убиство на миг. Меѓу другото, во образложението на оваа пресуда е наведено дека несомнено е „*дека обвинетиот Ј.М., во моментот на лишување на жртвата од живот бил во состојба на афективна возбуда од таков интензитет и квалитет што добила облик на силна раздразнетост, во која состојба реагирал на миг, без натамошно размислување, одеднаш – неконтролирано и експлозивно*“. Судот заклучил и дека во конкретниот случај, со оглед на тоа што сторителот и жртвата биле во емотивна врска, „*навредите од жртвата биле со таков интензитет и значење што дури и според објективни критериуми претставувале тешки навреди*“. Згора на

тоа, еден дел од образложението на пресудата гласи вака: „*именo, животна логика е дека некој чија сопруга – вонбрачна партнерка се однесува така како што се однесувала жртвата во таа прилика и самиот би се чувствувал понижен и засрамен, а токму поради неговото субјективно чувство на понижување и нелагодност, би имал впечаток и чувство, иако всушност можеби и не е така, дека сите гледале само во него и му се потсмевале*“. Апелациониот суд ја потврдил оваа пресуда.

Првостепениот суд го осудил сторителот на 12 години затвор за кривичното дело убиство. Со втората првостепена пресуда била сменета правната квалификација на кривичното дело и сторителот бил осуден на седум години затвор за кривичното дело убиство на миг. Кога со првата првостепена пресуда го осудил сторителот на 12 години затвор, судот констатирал дека немало отежнувачки околности, а при анализирање на олеснувачките околности го согледал фактот дека сторителот претходно не бил кривично осудуван, дека тој рекол дека чувствува каење, дека го признал кривичното дело во однос на времето, местото и начинот на извршување, но и дека жртвата на одреден начин „*придонела за дејствијата на обвинетиот*“, па покрај алкохолната интоксикација, „*однесувањето на жртвата било директна афективна причина за извршување на кривичното дело*“. При осудувањето на сторителот на седум години затвор, првостепениот суд и второстепениот суд не утврдиле отежнувачки околности, а олеснувачките околности го опфаќале признанието на сторителот на кривичното дело, фактот дека изразил каење и фактот дека претходно не бил кривично осудуван.

### Коментар

Во ова студија на случај обработен е типичен пример на фемицид на интимна партнерка – убиство на вонбрачна партнерка, што се заснова врз стереотипна родова улога на жената, од која се очекува „убаво и скромно“ однесување во патријархалната заедница. Ставовите кои судот изречно ги изразил во пресудата, што констатирале утврденост дека „исто така, лошото однесување на жртвата објективно било тешко навредливо“, се израз на сексистичките ставови што судот ги имал кон жените и јасно ги манифестираат родовите стереотипи за општествените улоги и очекуваното однесување што им се припишува на жените и мажите. Судот изречно го изнел својот став: „животна

логика е дека некој чија сопруга – вонбрачна партнерка се однесува како што се однесувала жртвата во таа прилика и самиот би се чувствувал понижен и засрамен, а токму поради неговото субјективно чувство на понижување и нелагодност, би имал впечаток и чувство, иако всушност можеби и не е така, дека сите гледале само во него и му се потсмевале“. Таквата „животна логика“, како основа за правна квалификација од страна на судот, ја илустрира целосната длабочина на институционалниот сексизам и е показател дека постоечката родова хиерархија, која е штетна за жените, има силно упориште во институциите на системот.

Би било тешко да се замисли спротивната ситуација. Истото „лошо“ однесување на мажот не би се сметало како „тешка навреда“ на вонбрачната партнерка, туку би било толерирано и можеби оправдано поради неговото пијанство. За пијанството на жената, кое несомнено влијаело врз нејзиното однесување за време на прославата, нема оправдување; во патријархално општество со родова поделеност, тоа е, само по себе, општествено неприфатливо. Нема сомнение дека, во секоја традиционална средина, однесувањето на жената што отстапува од патријархалните општествени норми е осудено од пошироката јавност, каде што се репродуцираат стереотипни родови обрасци на однесување на жените и мажите. Симптоматичен е заклучокот на судот дека однесувањето на жртвата објективно претставувало „тешка навреда“ за сторителот, имајќи предвид дека на овој начин судот суштински поддржува и промовира родови стереотипни ставови.

Од друга страна, судот воопшто не утврдил какво било однесувањето на сторителот кон жртвата пред убиството, а од целото образложение на пресудата произлегува дека кривичното дело го сторил ненасилен човек кој „пукнал“ поради однесувањето на неговата партнерка, што кај него предизвикало субјективни чувства на понижување, гнев и бес. Треба да се има предвид дека ова е уште еден израз на стереотипни поими за „машки бес“ и „женска провокација“ кои го оправдуваат фемицидот. Истражувањето покажа дека насилството, вклучувајќи и обид за убиство, не е спонтано и дека наводите на злоставувачите за губење контрола, провоцираност, емоционална самоодбрана и нивните обвинувања дека партнерката била (или сакала да биде) сексуално неверна, се изговори и оправдувања за актите на насилство, вклучувајќи фемицид и обид за фемицид.

Анализата на случајот покажува дека родовите стереотипи и предрасудите на судот биле од огромно значење во неговото толкување на однесувањето на жртвата и чувствата што нејзиното однесување ги предизвикало во умот на сторителот. Ваквите родово-дискриминаторски ставови влијаеле судот да го оквалификува делото како убиство на миг, иако не постоел непосреден временски континуитет меѓу „тешките навреди“ на жртвата кон сторителот во текот на прославата и подоцнежното убиство што, според востановената судска пракса, мора да е присутен за оквалификување на дејствието како убиство на миг – полесен облик на убиство, за кој е предвидена поблага казна.[96] Имајќи предвид дека инкриминирањето на убиство го штити животот како највисока општествена вредност, седумгодишната затворска казна за убиство на миг не остварува ниту генерална, ниту специјална превенција. Самата квалификација на кривичното дело укажува дека во случаите на убиство на партнерки поради нивното „слободно“ однесување на јавно место, убијците можат да сметаат на разбирање не само од пошироката јавност, туку и од професионалните судии.

## Преглед на пресудите за убиство и квалифицирано (тешко) убиство во земјите од Западниот Балкан

Во деловите од извештајот кои се однесуваат на националното кривично законодавство, претставени се различни кривични дела (различни видови убиства и некои други кривични дела од кои кои може да настапи смрт). Овде има краток преглед на разликите во пропишаните казни за основниот облик на кривичното дело убиство и квалифицирано (тешко) убиство во секоја од јурисдикциите. Квалификуваното (тешкото) убиство е казниво со многу построги казна и уверени сме дека секој фемицид треба да се третира како тешко убиство, имајќи ја предвид неговата општествена опасност и фактот дека тоа е, како што беше претходно изложено, специфичен облик на убиство.

[96] Според општоприфатениот став на судската практика за убиство на миг, кривичното дело треба да биде извршено веднаш по тешки навреди. Згора на тоа, она што исто така се бара е „директна и експлозивна реакција“ на сторителот (Врховен суд на Србија, Кж. бр. 1377/71), т.е. „одреден временски континуитет меѓу тешката навреда и дејствието на убивање“ (Врховен суд на Србија, Кж. бр. 2727/65).

Ова може да се поткрепи со членот 46 од Истанбулската конвенција, кој се занимава со отежнувачки околности. Според оваа одредба: државите кои се „членки ги преземаат потребните законодавни или други мерки за да осигураат следниве околности, доколку тие веќе не се составни делови од битието на кривичното дело, да можат, во согласност со релевантните одредби на внатрешното право, да се земат предвид како отежнувачки околности при определувањето на казната за кривичните дела кои се утврдени во согласност со [Истанбулската] Конвенција:

а) кривичното дело било извршено спрема поранешна или сегашна брачна другарка или партнерка, така како што е утврдено во внатрешното право, од страна на член на семејството, лице кое живее во заедница со жртвата или лице кое злоупотребило свое овластување;

б) кривичното дело или сврзаните кривични дела било/биле извршено/извршени повторно;

в) кривичното дело било извршено спрема лице кое било ранливо во конкретни околности;

г) кривичното дело било извршено спрема дете или во присуство на дете;

д) кривичното дело било извршено од две или повеќе лица кои делувале заедно;

ѓ) на кривичното дело му претходело или тоа било проследено со екстремно ниво на насилство;

е) кривичното дело било извршено со употреба или закана на употреба на оружје;

ж) кривичното дело предизвикало тешка физичка или психолошка штета за жртвата;

з) сторителот претходно бил осуден за кривични дела од сличен вид.“

| | | |
|---|---|---|
| **Албанија** | Убиство | 10-20 години затвор |
| | Тешко убиство | Најмалку 20 години затвор или доживотен затвор |
| **Федерација БиХ** | Убиство | 5-20 години затвор |
| | Тешко убиство | Најмалку 10 години затвор или долготраен затвор (21-45 години) |
| **БиХ – Република Српска** | Убиство | 5-20 години затвор |
| | Тешко убиство | Најмалку 10 години затвор или доживотен затвор |
| **БиХ – Дистрикт Брчко** | Убиство | Најмалку 5 години затвор |
| | Тешко убиство | Најмалку 10 години затвор или долготраен затвор (21-45 години) |
| **Црна Гора** | Убиство | 5-15 години затвор |
| | Тешко убиство | Најмалку 10 години затвор или долготраен затвор (30-40 години) |
| **Косово** | Убиство | Најмалку 5 години затвор |
| | Тешко убиство | Најмалку 10 години затвор или доживотен затвор |
| **Северна Македонија** | Убиство | Најмалку 5 години затвор |
| | Тешко убиство | Најмалку 10 години или доживотен затвор |
| **Србија** | Убиство | 5-15 години затвор |
| | | Најмалку 10 години затвор или доживотен затвор |

# » ПРЕПОРАКИ

Овој регионален извештај покажува одредени разлики меѓу земјите од Западниот Балкан во однос на судскиот одговор на фемициди, но покажува и многу сличности. Во националните извештаи можат да се најдат сите релевантни информации кои се специфични за секоја земја, додека овде накратко ги презентираме главните резултати кои произлегуваат од националните извештаи. Затоа, препораките се создадени така што да бидат соодветни и релевантни за секоја земја, но и за целиот регион.

Имајќи ги предвид причините за фемицид и дека ова кривично дело е родово поврзано, не е можно успешно да се спречи фемицид без надминување на културата на насилство врз жените и воспоставување нулта толеранција за насилството врз жените, без разлика на неговиот облик и контекстот во кој тоа се случува. Очигледно е дека секоја земја има потреба од промени во општествените и културните модели на однесување на жените и мажите со цел да се искоренат предрасудите, обичаите, традициите и другите практики кои се засноваат врз идејата за инфериорност на жените, т.е. за стереотипни улоги на жените и мажите.

Оттука, за да се обезбеди елиминација на системските и структурните причини за родова нерамноправност и да се создадат услови за интегрирање на родова перспектива на кохерентен, сеопфатен и систематски начин, треба да се примени холистички пристап, а судството има свое место во системот. Делотворно спречување на фемицид не е можно без доволно ресурси за спроведување и применување на законите, политиките и процедурите за спречување и гонење на фемицид и други дејствија на родово-базирано насилство. Во однос на човечките ресурси, истражувањето покажа дека на сите сектори задолжени за спречување и заштита од насилство им се потребни дополнителни обуки, вклучително и за судството, со цел да се надминат постоечките предизвици и празнини и да се обезбеди соодветен одговор на фемицидите и другите облици и манифестација на насилство врз жените.

Како една од причините за несоодветното справување со случаите на фемицид во регионот се смета слабото, неделотворното спроведување на законите. И покрај фактот што фемицидот не беше инкриминиран како посебно кривично дело, освен со неодамнешните законски измени во

Северна Македонија, постоеше нормативна можност надлежните судови да водат постапки за родово-базирани убиства на жени. Судството треба да покаже поголема темелност и сеопфатност во анализирање и разбирање на овој вид на криминал, што ќе резултира со поправедни постапки и, на крајот, со посоодветни казни за сторителите. Благото и/или несоодветното казнување на сите форми на родово-базирано насилство, особено фемицидот како најтежок облик, дополнително влијае врз зголемувањето на недовербата во институциите и непријавувањето од страна на жртвите што, од друга страна, поттикнува повторување на насилството и неговата кулминација во фемицид.

## Инкриминирање на фемицидот

Пропишувањето на фемицидот како одделно кривично дело во кривичните закони на соодветните земји е сосема оправдано и неопходно, со цел да се класифицираат сите случаи на фемицид и со тоа да се намали правната несигурност и можните грешки во класификацијата на кривичното дело и казнувањето на сторителите, но и за статистички да се следи бројот на лица кои се пријавени, обвинети и осудени за фемицид. Како одделно, конкретно кривично дело против животот и телото, фемицид би вклучувал секое родово-мотивирано убиство на жена.

Доколку фемицидите би биле инкриминирани како одделно и независно кривично дело, објект на заштита би бил животот на жената, а објект на кривично дело или објект на напад би била жена. Извршувањето на кривичното дело би било исто како и кај кривичното дело убиство, што значи дејствие или пропуштање кое може да предизвика смрт на друго лице. Бидејќи смртта во праксата може да биде предизвикана не само од физичко злоставување, би било неопходно да се предвиди и дејствие на извршување што би се состоело од психичко злоставување (создавање екстремна вознемиреност, страв, преплашеност), што доведува до смрт. Од субјективните елементи, покрај директната или индиректната умисла и небрежноста како облици на вина, треба да има и родово-базирана побуда. Иако, воглавно, побудата не е задолжителен елемент на законското битие на кривичните дела, како што е кривичното дело убиство, во случај на фемицид би било важно да се утврди побудата за извршување на убиството (како што е мизогинија, омраза кон жените, дискриминација и непочитување на животот и телесниот интегритет на жената).

Треба да се консултира новоразвиената статистичка рамка за мерење на родово-базираните убиства на жени, што е објавена од UNODC [Служба на ОН за дроги и криминал] и UN Women [организација на ОН која ги поддржува правата на жените] во 2022 година, како основа за новото инкриминирање на таквите дела во соодветното национално кривично законодавство.

## Воспоставување национален систем за собирање податоци и подобрување на судските бази на податоци

Националното истражување на судското постапување покажа дека целата кривична постапка е ориентирана кон сторителот во случаите на фемициди и обиди за фемицид, како и дека во постапките се обезбедуваат и наведуваат многу малку податоци за жртвите. Покрај тоа, имаше многу пречки при собирање на правосилни пресуди од судовите, бидејќи фемицидот не постои како посебно кривично дело, додека, од друга страна, судските бази на податоци не содржат податоци за полот на жртвите, т.е. соодветните бази на податоци не можат да се пребаруваат по тој критериум.

Иако секоја земја има систем на собирање на податоци за насилство врз жените (што обично не е централизиран), треба да се забележи дека во отсуство на посебно кривично дело фемицид, не може правилно да се собираат податоци за фемицид.

Преку националниот систем на податоци во секоја земја треба да се воспостави систематското собирање на податоци за степенот, структурата и карактеристиките на случаите на насилство врз жените и семејното насилство, вклучувајќи и фемицид. Ова би овозможило следење на трендовите на пораст или пад во одредени временски периоди и во одредени области, како клучен предуслов за успешно спречување на фемицид. Овие податоци осигуруваат креирањето на јавните политики за спречување и контрола на фемицид и евалуацијата на ефектите од тие политики да се засновани врз податоци, како и релевантните органи да донесуваат добро осмислени одлуки врз основа на релеванти и доволни информации. Покрај тоа, судските податоци за фемицидите (т.е. барем податоци за сторителите и жртвите кои се разделени според нивниот пол) ќе овозможат да се анализира судскиот одговор на родово-базираните убиства на жени и практиките на казнување за такви кривични дела.

## Создавање насоки за процесуирање случаи на фемицид

Националното истражување покажа одредени недоследности во постапките во случаи на фемицид, особено во однос на правната квалификација на кривично дело и утврдувањето дали се работи за родово-базирано кривично дело. Исто така, олеснувачките и отежнувачките околности многу често не биле добро разработени. Имало и случаи на спогодување за вината со обвинителството, оставајќи го семејството на жртвата „без глас" во врска со спомнатата спогодба и без соодветна правна сатисфакција (отштета).

Со цел да се обезбедат делотворни, праведни и соодветни судски постапки, особено во однос на класификација на фемицидите, како и да се оствари подлабоко разбирање на овој специфичен вид криминал, треба да се направат упатства за судството, особено за случаите на фемициди.

Насоките треба да го објаснат фемицидот како дејствие на родово-сврзано убиство на жени и да обезбедат прилагодено упатство за правна квалификација на делото (во отсуство на посебно кривично дејствие) со цел да се намали правната несигурност и можните грешки во класификацијата на ова кривично дело. Олеснувачките и отежнувачките околности треба внимателно да бидат анализирани и објаснети од родова перспектива, користејќи веќе постоечки примери од списите на судски предмети во кои правосилно било завршено постапувањето. Насоките треба да ставаат нагласок врз примена на стандардите за темелна и сеопфатна анализа, како и да придонесат за пристап насочен кон жртвите. Истрагата на случаите на фемицид, вклучувајќи го и утврдувањето на фактите во текот на кривичната постапка, треба да се спроведува внимателно и да оди подалеку од самото утврдување на фактите на случајот, земајќи го предвид можното присуство на мизогинстички ставови на сторителот, физичката супериорност и доминација, нееднаквоста на физичката сила и моќ, како и претходната историја на насилство и други релевантни факти. Исто така, насоките треба да вклучат детално објаснување на стандардите на Истанбулската конвенција во однос на отежнувачките околности, како што е пропишано во членот 46 од Конвенцијата.

Покрај тоа, насоките треба да содржат дел за правилно одмерување на казната во случаи на фемицид и обиди за фемицид и треба да ја елаборираат потребата од построги казни во тие случаи.

## Континуирана обука за судството

Неопходно е да се зајакне капацитетот на судството преку реализирање на соодветни и релевантни програми за обука и подигање на родовата свесност. Ова е од особена важност за случаите на фемициди, имајќи предвид дека истражувањето покажа постоење на родови стереотипи и предрасуди кај судството.

Оттаму, со цел да се надминат родовите стереотипи и институционалниот сексизам, да се разбере феноменот на фемицид и да се искоренат сексистичките предрасуди и патријархалните вредности и практики кои се засновани врз стереотипните родови улоги на жените и мажите, треба да се обезбеди континуирана обука.

Би било корисно да се организира овој процес во неколку фази. Прво, судиите и обвинителите задолжени за постапување во случаи на насилство врз жените, вклучувајќи ги и фемицидите, треба да имаат базична обука за родова свесност. Оваа обука треба да биде прилагодена за судството и треба да вклучува теми поврзани со положбата на жените и мажите во општеството, нерамномерната распределба на моќта, родовите стереотипи и предрасуди и, поконкретно, влијанието на родовите стереотипи и предрасуди врз спроведување на правдата. Ова треба да се направи во тесна соработка со правосудните академии во секоја јурисдикција. Исто така, оваа базична обука може да се организира онлајн или со лично присуство, а на за судиите и обвинителите треба да им се додели сертификат или други соодветни стимулации за нивното учество. AIRE центарот обезбеди онлајн родова обука за судството во текот на 2021 година и тоа може да биде добра почетна точка за судството, со цел да се подигне свеста на судските професионалци.

Следната фаза треба да биде понапредна обука за самиот феномен на насилство врз жените, со фокус врз фемицид. Оваа обука треба да им овозможи на членовите на судството да ја разберат меѓусебната поврзаност на различните концепти сврзани со родовата (не)еднаквост од базичната обука и феноменот на насилство врз жените што може да доведе до фемицид. Може да се обезбеди и онлајн обука, но би било подобро таа да се организира лично, со еминентни тренери кои имаат големи познавања на материјата и добра репутација низ целиот регион. Понатаму, обуката треба да опфати презентација на насоките за судството во случаите на фемицид, кои ќе бидат подготвени од AIRE центарот.

## Воспоставување Femicide Watch во секоја земја и воспоставување регионален Femicide Watch

Треба да се воспостави механизам (Femicide Watch / Опсерваторија за спречување на фемицид) во согласност со препораките на специјалната известителка на ОН за насилство врз жени, која се обрати до сите земји и бараше тие да собираат и анализираат податоци за насилство врз жени и да детектираат пропусти кои водат до родово-сврзани убиства на жени.

По воспоставување на национални механизми Femicide Watch и имајќи ги на ум сличностите меѓу земјите од Западниот Балкан, треба да се воспостави Femicide Watch на ниво на регионот. Регионалниот Femicide Watch, како резултат на соработката меѓу националните механизми Femicide Watch, ќе овозможи да се спореди состојбата во секоја земја и да се анализираат факторите на успех, да се разменат сознанијата и искуствата од најдобрите практики, како и да се учи од искуствата на други земји. Ова може да придонесе за мултисекторска соработка меѓу институциите кои се надлежни на полето на спречување и борба против сите облици на родово-базирано насилство, врз основа на интегриран пристап и сфаќање.

Правосилните пресуди во случаи на фемициди и обиди за фемицид треба да бидат суштествен дел од колекција собрана во процесот на набљудување фемициди и од подоцнежните анализи.

## Судска регионална размена на знаење и пракса

Како што е наведено претходно, има многу сличности меѓу земјите од Западниот Балкан (ЗБ), кои не се однесуваат само на правната рамка, туку и на менталитетот, преовладувачките општествени норми, положбата на мажите и жените во рамките на општествата, заедно со меѓународните стандарди кои земјите од ЗБ треба да ги достигнат и да осигураат нивно спроведување. Според тоа, ќе биде многу корисно за припадниците на судската фела од регионот да имаат можност редовно да се сретнуваат и да разменуваат искуства со нивните колеги.

Ова имплицира различни видови на настани. На пример, судиите и обвинителите кои се задолжени за постапување во случаи на насилство врз жени, вклучувајќи фемициди, треба редовно да се сретнуваат, секој пат во различна земја, за да разменуваат искуства од нивната пракса. Средбите треба да се одржуваат еднаш или два пати годишно. Пред средбата треба

да се предложи конкретна тема, сврзана со нивната пракса во случаи на насилство врз жени и фемициди, како што е квалифицирање на кривичното дело, олеснувачки и отежнувачки околности, положба на жртвата (или на нејзиното семејство во случаи на фемициди) во постапката, изрекување кривични санкции, одлуки за надомест на штета во рамките на кривичната постапка итн.

Понатаму, треба да се организираат разни конференции и тркалезни маси, така што ќе се посвети внимание на поканување судии и обвинители од ист правосуден степен. Овие настани треба да се користат за неформални процеси на проценување на потребите, со цел да се предвиди и обезбеди содржина за следниве средби за кои тие се заинтересирани да дискутираат.

Предложените активности треба да остварат влијание врз спроведување на стандардите кои се однесуваат на правосудниот одговор на родово-базирано насилство, вклучувајќи фемициди, зајакнување на судската и обвинителската работа и да придонесат за позитивни промени преку регионален дијалог, вмрежување и решавање на проблемите преку соработка, да ги оснажат судствата во земјите од ЗБ со подигање на нивната способност да преземаат проактивни мерки за развивање поделотворна и поефикасна родово-сензитивна судска пракса.

# » ЛИТЕРАТУРА


- Beker Kosana (уред.), Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Crnoj Gori, SOS Nikšić, 2023 година, достапно на: https://sosnk.org/wp-content/uploads/2023/04/Drustveni-i-institucionalni-odgovor-na-femicid-u-Crnoj-Gori-1.pdf
- Beker Kosana, Regional report: Social and institutional responses to femicide in Albania, Montenegro and Serbia, UN Women & FemPlatz, март 2023 година, достапно на: https://eca.unwomen.org/sites/default/files/2023-04/Regional-Report_Social-and-Institutional-Response-to-Femicide.pdf
- Beker Kosana и Tanović Dalida (уред.), Analiza prakse sudova u procesuiranju femicida i pokušaja femicida u Bosni i Hercegovini 2017-2021, AIRE центар, 2022 година, достапно на: https://www.airecentre.org/Handlers/Download.ashx?IDMF=77975c73-9c31-4552-9a68-3013255c0d5f
- Hysi Vasilika и други, Vrasjet e grave (femicidi) dhe tentativa për femicid në Shqipëri (2017-2020), Центар за правни граѓански иницијативи, Тирана, 2023 година, достапно на: https://www.qag-al.org/publikime/femicidi.pdf
- Hysi, Vasilika, Criminal acts against women and children and anti-crime policies in Albania, Reflections on changes to the Criminal Code (2012-2013), ревија „Studime Juridike" бр. 2, 2014 година, Правен факултет, Универзитет на Тирана
- Hysi Vasilika, Anastasi Aurela, Bozo Aurela и Vora Erisa, Vrasjet e grave (femicidi) dhe tentativa për femicid në Shqipëri (2017-2020), Центар за правни граѓански иницијативи, Тирана, 2023 година
- Интерактивна мапа на фемицид, ФемПлац, достапна на: http://FemPlatz.org/index.php?t16

- Konstantinović Vilić Slobodanka, Petrušić Nevena и Beker Kosana, Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Srbiji I, Udruženje građanki FemPlatz, Pančevo, 2019, достапно на: http://FemPlatz.org/library/publications/2019-11_Femicid_monografija_Prva_publikacija_E_primerak.pdf

- Konstantinović Vilić Slobodanka и Petrušić Nevena, Pokušaji femicida i femicid u Srbiji: Sprečavanje i procesuiranje, Udruženje građanki FemPlatz, Pančevo & Niš, 2021 година, достапно на: http://FemPlatz.org/library/publications/2021-04_Femicid_-_Pokusaj_femicida_i_femicid_u_Srbiji.pdf

- Petrušić Nevena, Žunić Natalija и Vilić Vida, Društveni i institucionalni odgovor na femicid u Srbiji II, Udruženje građanki FemPlatz, Pančevo, 2019, достапно на: http://FemPlatz.org/library/publications/2019-11_Femicid_monografija_Druga_publikacija_E_primerak.pdf

- Stop Femicide: Social and institutional response to femicide in Albania – Executive Summary [Резиме за Албанија], март 2023 година, достапно на: https://eca.unwomen.org/sites/default/files/2023-04/Social-and-Institutional-Response-to-Femicide-in-Albania.pdf;

- Stop Femicide: Social and institutional response to femicide in Montenegro – Executive Summary [Резиме за Црна Гора], март 2023 година, достапно на: https://eca.unwomen.org/sites/default/files/2023-04/Social-and-institutional-response-to-femicide-in-Montenegro1.pdf

- United Nations Office on Drugs and Crime [Служба на Обединетите нации за дроги и криминал], UN Women, Gender-related killings of women and girls (femicide/feminicide), 2022, достапно на: https://www.unwomen.org/sites/default/files/2022-11/Gender-related-killings-of-women-and-girls-improving-data-to-improve-responses-to-femicide-feminicide-en.pdf

- UNODC data on victims of intentional homicides for the period 2019-2021, достапно на: https://dataunodc.un.org/dp-intentional-homicide-victims

- World Population Review, Femicide Rates per Country for 2023, достапно на: https://worldpopulationreview.com/country-rankings/femicide-rates-by-country

» Габер-Дамјановска Наташа и Гајдова Габриела, Фемицидот во Република Северна Македонија – состојба, правна рамка и судска пракса (2018-2022), AIRE центар, 2023 година, достапно на: http://FemPlatz.org/library/publications/2023-09_femicide-report-nmk-2023-nmk.pdf [Gaber-Damjanovska Natasha and Gajdova Gabriela, Femicide in the Republic of North Macedonia – The state of affairs, the legal framnework and the judicial practice (2018-2022), AIRE Centre, 2023 година, достапно на: https://gcjnetwork.org/femicide-report-nmk-2023-eng-4/]